РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

**ISSN-1857-9779**

# БИЛТЕН

НА

УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

## Број 1213

Скопје, 15 април 2020 година

**Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**Бул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје**

**ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА**

**Уредник на издавачката дејност на УКИМ:**
***проф. д-р Никола ЈАНКУЛОВСКИ, ректор***

**Уредник на Билтенот:**
***Илија Богоевски***

**Лектор:**
***Весна Илиевска-Цветановска***

Бр. ___________
5.8.2013
Скопје

**Предмет*: Материјали за Билтенот за објавување на интернет страницата на УКиМ***

Согласно член 132, став 5 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ” бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011 и 123/2012), на интернет страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, од бројот 1059 од 15 август 2013 година, ќе се објавуваат:

- рефератите за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања;
- рецензиите за подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за вршење научна работа;
- прегледите на одобрените докторски дисертации, прифатените магистерски и специјалистички теми;
- рецензиите на учебници и учебни помагала, како и
- рефератите за доделување на звањето почесен професор и титулата почесен доктор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.

По објавување на материјалите на интернет страницата, факултетите и институтите за своите потреби, истите треба да ги отпечатат во материјална форма за да можат да ги достават на членовите на наставно-научниот, односно научниот совет. Поради тоа, потребно е сите материјали што се предвидени за објавување во Билтенот на Универзитетот, благовремено да ги доставувате во електронска форма. Поради усогласеност и униформност на текстовите потребно е материјалите за објавување да се доставуваат како Microsoft Word 2003 документи во кои исклучиво ќе се користи системскиот фонт Georgia. Овој фонт содржи богато множество на кирилични (македонски, српски, руски), латинични (со различни видови на надредени знаци), грчки и други знаци. Варијанта на овој фонт со коригирани знаци во италик формата за македонските букви ‘д’, ‘п’, ‘т’, ‘г’ може да се најде интернет страницата на УКиМ, во делот **Документи** -> **Билтен на Универзитетот**. Исто така, таму може да се најде софтверско решение со кое може да се испрограмира тастатурата на персонален сметач при притискање на копчето ‘`’ и копчињата ‘е’ и ‘и’ во македонска поддршка да се добијат знаците ‘ѐ’, и ‘ѝ’ соодветно.

Поради запазување на роковите за објавување на материјалите во Билтенот, но и на интернет страницата, ве молиме, рефератите, откако ќе бидат лекторирани, да ги доставите во оригинална верзија (лекторирана со потписите), а електронската верзија со внесените корекции да ја доставите на е-адресата: ***bilten@ukim.edu.mk***.

Неблаговремено доставените материјали и оние кои нема да бидат напишани согласно упатството нема да бидат објавени во тој број,туку ќе бидат поместени за објавување во наредниот број од Билтенот, односно откако ќе биде добиена бараната верзија.

Ви благодариме за соработката.

Со почит,

**УКИМ - Ректорат**

Изготвил:Т.Б.
Одобрил:К.М.

# СОДРЖИНА НА БИЛТЕН БРОЈ 1213 ОД 15. 4. 2020 ГОДИНА

**АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) архитектонско проектирање и дизајн на Архитектонскиот факултет во Скопје (**доц. д-р Мери Батакоја**)....................7-22

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Никола Панговски, Игор Стојковски**)....................23

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област машински елементи и технички системи на Машинскиот факултет во Скопје (**д-р Никола Аврамов**)....................24-35

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на едно лице во насловно звање по предметот од наставно-научната област: ортопедски болести на Медицинскиот факултет во Скопје (**д-р Ненад Атанасов**)....................36-54

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област применети политички науки на политичките студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје (**доц. д-р Милена Апостоловска-Степаноска**)..........55-70
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област економски науки на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје (**доц. д-р Катерина Шапкова Коцевска**)....................71-92
3. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања на наставно-научната област граѓанско материјално право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје (**вонр. проф. д-р Тина Пржеска**)....................93-108
4. Рецензија на ракописот **Право и религија** од авторите **проф. д-р Тања Каракамишева-Јовановска** и **проф. д-р Александар Спасеновски**..................109-114
5. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Миа Георгиевска, Ивана Ажиевска, Горан Станковиќ, Мартин Алексов, Андријана Лескароска, Блерта Зеќири, Радмила Глигорова, Моника Крстевска, Климентина Марковска, Ирена Папазова, Никола Ѓорѓиев, Ања Стефановска, Даниел Коцевски, Дејан Коцевски, Василика Калаџиска, Јована Ивановска, Ивана Илиеска, Лазар Трајковиќ, Теа Лалевска, Кристина Цонкинска, Христијан Черкезов, Фросина Штрлевска, Емилија Јаневска, Мартина Ѓуровска, Елена Парапанска, Елеонора Цветановска, Наташа Јанкуловска, Моника Здравкова, Моника Јорданова, Јорданка Михајлова, Викторија Димитриева, Оливера Ѓорѓиева, Никола Мурџев, Катерина Влахова, Анѓела Минова, Сања Сима, Бојана Неткова, Мартина Грнчаревска, Катерина Милошева, Кристина Јанева, Ивана Балтовска, Драгана Коцевска, Душко Петров, Иван Коцев, Анастасија Величкоска, Никола Ќипровски, Елена Пејчева, Аљда Беќири, Елена Атанасоска, Сашка Величковиќ, Тамара Стоилковска, Салмедин Первизовски, Ангела Манеска, Ангела Веселиновска, Андријана Коруновска, Ана Ѓорѓиева, Ангела Рајчевска, Даница Караташова, Борјана Атанасовска**)....................115-118

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на асистент по група предмети од наставно-научните области: информатика, информациони системи и програмирање и информациони системи и

мрежи на Природно-математичкиот факултет во Скопје (**м-р Огнен Спироски**)........................................................................................................119-123

**ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: металургија на обоени и ретки метали, и друго, на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје (**доц. д-р Ана Томова**)...........................................................124-132
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) неорганска хемиска технологија – базна хемиска индустрија и фертилизација, неорганска хемиска технологија – друго и воздух, вода и почва на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје (**доц. д-р Бошко Бошковски**)..133-142

**ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА**

1. Реферат за доделување на титулата почесен доктор на науки (doctor honoris causa) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на **проф. д-р Јозеф Лауринчик**.........................................................................................................143-171

**ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ**

1. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по наставно-научната област: друго (балетска педагогија) на Факултетот за музичка уметност во Скопје (**вон. проф. д-р Искра Шукарова**)...........................................................172-187

**ФАКУЛТЕТ ЗА ШУМАРСКИ НАУКИ, ПЕЈЗАЖНА АРХИТЕКТУРА И ЕКОИНЖЕНЕРИНГ „ХАНС ЕМ“**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научните области: 2.07.15 уредување на водотеците и заштита од ерозија и 4.01.10 друго на Факултетот за шумарски науки, пејсажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ во Скопје (**доц. д-р Иван Минчев**).........................................................................................188-199
2. Реферат за избор на еден асистент на Катедрата за проектирање и подигање на зелени површини, наставно-научна област: хортикултура, на Факултетот за шумарски науки, пејсажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ во Скопје (**м-р Викторија Брндевска Стипановиќ**)........................................................................................200-203
3. Реферат за избор на еден асистент на Катедрата за заштита на шумите и дрвото, наставно-научна област: фитопатологија, на Факултетот за шумарски науки, пејсажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ во Скопје (**д-р Михајло Ристески**).....204-210
4. Реферат за избор во соработничко звање – асистет на научноистражувачката област економика на шумското стопанство (41006) на Факултетот за шумарски науки, пејсажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ во Скопје (**м-р Владимир Стојановски**)..................................................................................................211-214
5. Реферат за избор на еден асистент на Катедрата за уредување на шумите, наставно-научна област: уредување на шумите, на Факултетот за шумарски науки, пејсажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ во Скопје (**м-р Владимир Тановски**).215-219
6. Реферат за избор во соработничко звање – асистент на Катедрата за одгледување на шумите, научноистражувачка област: педологија (40100), на Факултетот за шумарски науки, пејсажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ во Скопје (**м-р Борис Најдовски**)...........................................................................................................220-224

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

1. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**Катерина Трајковска**)..........................................................................................................225

**ЗЕМЈОДЕЛСКИ ИНСТИТУТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) хемија/аналитичка хемија на Земјоделскиот институт во Скопје (**д-р Милена Тасеска-Ѓорѓијевски**)........................................................................226-237
**ИНСТИТУТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО И ИНЖЕНЕРСКА СЕИЗМОЛОГИЈА**
1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Примена на иновативни материјали за санација и зајакнување на АБ-столбови кај АБ-згради во сеизмички активни региони** од **м-р Артур Роши**, пријавена на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во Скопје..........................................................................238-243

***Прилог бр. 2***

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ И ДИЗАЈН НА АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот објавен во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“ на 29.1.2020 година, за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област архитектонско проектирање и дизајн – 20100 на Институтот за архитектонско проектирање при Архитектонскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет 08 бр. 6/41 донесена на 28.2.2020, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Анета Христова-Поповска, редовен професор на Архитектонскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, д-р Огнен Марина, редовен професор на Архитектонскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и д-р Михајло Зиноски, вонреден професор на Архитектонскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област архитектонско проектирање и дизајн - 20100, во предвидениот рок се пријави д-р Мери Батакоја, доцент.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката доц. д-р Мери Батакоја е родена на 21.12.1982, во Скопје. Средно образование завршила во Скопје во природно-математичката гимназија „Раде Јовчевски - Корчагин“. Со високо образование се стекнала на Архитектонскиот факултет, на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Дипломирала на Архитектонскиот факултет на 27.2.2008 година, со просечен успех од предметите 8,5 и среден успех од предметите од областа на архитектонското проектирање 9,13. Дипломската работа на тема „Повеќенаменски објект на работ на град Скопје (Општина Ѓорче Петров)“ ја изработила под менторство на проф. д-р Анета Христова - Поповска, ја одбранила со особен успех и се стекнала со стручниот назив дипломиран инженер архитект. Добитник е на наградата за најдобро изработена дипломска работа за 2007 година.

Во учебната 2009/2010 година ги запишала интердисциплинарните постдипломски студии - културолошки студии во книжевноста при Институтот за македонска литература при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на кои ги завршила обврските предвидени за двата семестра со просечна највисока оценка 10. Магистерскиот труд под наслов „Културолошките процеси во третирањето на јавниот простор во Скопје по 1991 година“ (објавен како прифатена тема во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ бр. 998/12_2010) го изработила под менторство на проф. д-р Александар Прокопиев и јавно го одбранила на 29.6.2011 година, со што се стекнала со научен назив - магистер по културологија.

Во учебната 2011/2012 година, се запишала на докторските студии по архитектура и урбанизам, на студиска програма: Архитектура, на Архитектонскиот факултет при Универзитетот на Загреб, Хрватска, на кои ги завршила обврските предвидени за шесте семестри со просечна највисока оценка 5. Докторската дисертација под оригинален наслов “Conceptual Interaction Between Art Content and Museum Architecture in Art Museum Design”, во превод: „Интеракциите помеѓу уметничката содржина и музејската архитектура во концептуализацијата на уметничките музеи“, ја изработила под менторство на проф. д-р Карин Шерман (Архитектонски факултет, Универзитет во Загреб, Хрватска) и проф. д-р Леонида Ковач (Академија на ликовни уметности, Универзитет во Загреб, Хрватска). Јавно ја одбранила на 8.6.2015 година пред Комисија во состав: проф. д-р Александар Хомадовски (Архитектонски факултет, Универзитет во Загреб), проф. д-р

Наташа Јакшиќ (Архитектонски факултет, Универзитет во Загреб) и д-р Сандра Крижиќ Робан (Институт за историја на уметност во Загреб), со што се стекнала со академскиот назив доктор на технички науки од областа на архитектурата и урбанизмот.

Од 2010 работи како помлад асистент истражувач во областа на архитектонското проектирање на Институтот за архитектонско проектирање при Архитектонскиот факултет во Скопје (Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 989/07_2010). Од 2013 работи како асистент во областа на архитектонското проектирање на Институтот за архитектонско проектирање при Архитектонскиот факултет во Скопје (Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ бр. 1053/04_2013).

Во моментот е доцент по група предмети од областа на архитектонското проектирање и дизајн на Институтот за архитектонско проектирање при Архитектонскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ бр. 1104 од 15 јули 2015 година.

Кандидатката активно се служи со српскиот, хрватскиот и англискиот јазик.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 989, 1053 и 1104, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на Архитектонскиот факултет во Скопје, кандидатката д-р Мери Батакоја изведувала настава (настава, вежби, теренска настава итн.) на првиот и вториот циклус студии на студиската програма од интегрираните петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура.

Редовно учествувала во реализација на наставата на Архитектонско студио 5 и 6, под раководство на проф. д-р Анета Христова-Поповска, во учебните 2015/2016, 2016/2017 и 2017/2018, а учествувала и во наставата на Архитектонско студио 3 и 4, под раководство на проф. д-р Јован Ивановски.

Активно учествувала во изведување на наставата по предметот Архитектонско проектирање 4, за кој држела консултации за изработка на семестралните задачи. Во соработка со проф. д-р Анета Христова-Поповска изработила пакет материјали за потребите на предметот Теорија на архитектурата. Во рамки на предметите Архитектонско проектирање 4 и Теорија на архитектурата, одржала тематски предавања.

Во десеттиот семестар го предава предметот Селектирани теми од јавни згради, за кој подготвила зборник на текстови „Архитектурата на музеите“.

Во Образецот 2, кој е составен дел од овој Реферат, детално се наведени сите активности на кандидатката од областа на наставно-образовната дејност, со датуми и други релевантни податоци.

### Научноистражувачка дејност/Стручно-уметничка дејност

Д-р Мери Батакоја, од последниот избор, има објавено вкупно 13 научни/стручни трудови, од кои еден научен труд во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, но во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во Web of Science, три труда во меѓународни научни публикации, два труда во зборници од меѓународни научни собири, два труда во стручни списанија, два труда во каталог за меѓународно претставување, два предговора на стручни книги и еден труд во популарно списание со меѓународен уредувачки одбор.

Д-р Мери Батакоја, од последниот избор, била раководител на два национални проекта: „Документирање и архивирање на проектантското творештво на архитект Живко Поповски“ и „На Скопје, со љубов! Архитектонската мисла на Живко Поповски“, со проф. др Анета Христова-Поповска. Како главен истражувач, со проф. д-р Анета Христова-Поповска, учествувала во еден национален проект „Архитектонското творештво на Славко Брезоски - пионерот на македонскиот модернизам во Бразилија“.

Учествувала и во еден меѓународен научен проект “ROCK- Regeneration and Optimisation of Cultural Heritage in Creative and Knowledge cities” („Регенерација и оптимизација на културното наследство во градовите базирани на знаење и креативност“), на програмата за истражување и иновација „Horizon 2020“ на Европската Унија, во акцијата “Art Fortress” („Уметничка тврдина“), заедно со проф. д-р Јован Ивановски и доц. д-р Горан Мицковски, а под раководство на проф. д-р Огнен Марина.

Кандидатката била ментор на 12 магистерски трудови, на општите теми „Архитектурата на новата музеологија: од музејот како зграда до музејот како територија“, „Архитектура и уметност: архитектурата на уметничкиот музеј“ и „Училиште: аспекти на алтернативните модели и педагогии.“

Кандидатката учествувала како член во комисија за оцена/или одбрана на 38 магистерски трудови.

Во 2018 година, кандидатката д-р Мери Батакоја успешно го завршила курсот од областа на архитектонската теорија „Архитектонска имагинација“ на проф. Мајкл Хејс и се стекнала со сертификат на HarvardX, онлајн образовна иницијатива на Универзитетот Харвард преку edX.

Била куратор на две изложби од обласа на архитектурата и урбанизмот, а реализирала две сценографски дела и добила награда на конкурс како дел од тим за мултимедијално музичко-сценско дело.

Во Образецот 2, кој е составен дел од овој Реферат, детално се наведени сите активности од обласа на научноистражувачката и стручно-уметничката област, со коавтори, датуми и други релевантни податоци.

**<u>Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес</u>**

Д-р Мери Батакоја активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Архитектонскиот факултет во Скопје.

Од последниот избор, приредила две книги од стручна област: Батакоја, Мери, приредувач. „Архитектурата на новата музеологија: од музеј-зграда до музеј - територија (Збирка на магистерски трудови)“. Скопје: Архитектонски факултет УКИМ, 2019; Христова-Поповска, Анета и Мери Батакоја (приредувачи). „На Скопје, со љубов! Архитектонската мисла на Живко Поповски“. Скопје: Приватен принт, 2017.

Учествувала и како соработник на македонскиот тим за претставување на 16. Меѓународна архитектонска изложба *la Biennale di Venezia 2018*, во организација на Музеј на современа уметност - Скопје, со поддршка на Министерството за култура на Република Македонија, под кураторство на вонр. проф. д-р Слободан Велевски и вонр. проф. д-р Марија Мано Велевска, со удел во содржината на каталогот за меѓународно претставување.

Д-р Мери Батакоја била член на две национални жири-комисии и дел од повеќе факултетски комисии и работни групи. Исто така, треба да се потенцира нејзиниот особен ангажман во изготвувањето и пријавувањето на научни национални и меѓународни проекти.

Конкретните активности од стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес се наведуваат во Образец 2 од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

**<u>Оценка од самоевалуација</u>**

Кандидатката Мери Батакоја континуирано добива високи оценки од анонимно спроведената анкета на студентите на Архитектонскиот факултет (средна вредност од сите предмети 9,435, на скала од 5 до 10).

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Мери Батакоја.

Високите дострели на кандидатката во целокупното нејзино делување кои таа континуирано ги надградува од почетокот на академската кариера зборуваат за нејзината посветеност и фокусираност во работата, предаденост на науката и образованието и на градењето на високи стандарди по прашањата на архитектонската професија. Доказ за тоа се бројните научноистражувачки трудови кои ги има објавено во научни списанија индексирани на Web of Science, меѓународни научни публикации, зборници и стручни списанија, кои го афирмираат нејзиниот авторитет пред домашната и меѓународната научна јавност.

Комисијата посебно го истакнува придонесот на д-р Батакоја во реализацијата на четирите научни проекти од национално значење поврзани со македонскиот модернизам, како и нејзиното учество во меѓународни научни проекти и како соработник на македонскиот тим за претставување на 16. Меѓународна архитектонска изложба *la Biennale di Venezia 2018*.

Со своето интензивно делување на полето на архитектонската публицистика, д-р Мери Батакоја ги артикулира нејзините колоритни ликовни и литерарни таленти во особени и препознатливи архитектонски ставови. Моќните наративи во есеите со кои ја визуелизира скриената архитектонска појавност, како и повеќеслојните театарски сценографии со кои ја разоткрива длабочината на драмскиот текст ни претставуваат личност која допрва ќе го отвора инвентивниот свет на архитектурата за сегашните и идните генерации студенти по архитектура, кои и досега континуирано високо ја оценуваа и вреднуваа нејзината работа.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Мери Батакоја поседува највисоки научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето вонреден професор во научната област архитектонско проектирање и дизајн.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, доц. д-р Мери Батакоја да биде избрана во звањето **вонреден професор** во научната област архитектонско проектирање и дизајн.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
**Проф. д-р Анета Христова-Поповска, претстедател, с.р.**
**Проф. д-р Огнен Марина, член, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Михајло Зиноски, член, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:**
МЕРИ СТЕРЈО БАТАКОЈА
**Институција:**
АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ
**Научна област:**
***АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ И ДИЗАЈН***

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: **8,5**<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: **10**<br>Просечниот успех изнесува __________за интегрираните студии. | ДА |
| 2 | Научен степен - доктор на науки од научната област за која се избира<br><br>Назив на научната област: **архитектура и урбанизам**, подрачје: **технички науки**. | ДА |
| 3 | Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | ДА |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br><br>1. Назив на научното списание: **Prostor**<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science<br>3. Наслов на трудот: **Conceptual Interaction between Art Content and Museum Architecture in Art Museum Design (Doctoral Dissertation Summary)**<br>4. Година на објава: 2015 | ДА |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој | ДА |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br><br>1.Назив на научното списание: **Контекст/Context**<br>2.Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): шест члена, двајца од Македонија, еден од Холандија, еден од Словачка, еден од Словенија и еден од Хрватска<br>3. Наслов на трудот:<br>**Културолошките аспекти во теоретското творештво на архитект Живко Поповски: Мислевме дека можеме да живееме заборавајќи**<br>**(Cultural Aspects in the Theoretical Work of Architect Živko Popovski : The Impossibility of Future without Remembrance).**<br>4. Година на објава: 2017 | |
| 3.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br><br>1.Назив на научното списание: **Контекст/Context**<br>2.Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): шест члена, двајца од Р Северна Македонија, еден од Холандија, еден од Словачка, еден од Словенија и еден од Хрватска<br>3. Наслов на трудот:<br>**Скопје од идолумот на архитект Живко Поповски (Skopje from the Idolum of Architect Zivko Popovski)**<br>4. Година на објава: 2019 | |
| 3.4 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br><br>1.Назив на зборникот: **Popular Culture: Reading from Below** (Proceedings of the International Scientific Conference).<br>2.Назив на меѓународниот собир: **Popular Culture: Reading from Below**<br>3.Имиња на земјите: Обединето Кралство, Бугарија, Холандија, Словенија, Македонија.<br>4. Наслов на трудот:<br>**“Diaeta” from the Short Histories of Art Museum Architecture** (Типот „диаета“ во кратките истории на архитектурата на уметничкиот музеј)<br>5. Година на објава: 2016 | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | | |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br><br>1.Назив на зборникот: **Култура/Culture** (тематски број на научно списание со меѓународен уредувачки одбор посветен на меѓународната конференција)<br>2.Назив на меѓународниот собир: **Media: Theory and Practice**<br>3.Имиња на земјите: Русија, Бугарија, Полска, Македонија, САД, Словачка, Финска.<br>4. Наслов на трудот:<br>**Frames of References: Art Museums as Unique Visual Media**<br>(Референцијални рамки: Уметничкиот музеј како уникатен визуелен медиум).<br>5. Година на објава: 2015 | ДА |
| 4 | Претходен избор во наставно-научно звање – доцент, датум и број на Билтен: | Билтен број 1104, од 15 јули 2015 |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | ДА |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
**Проф. д-р Анета Христова-Поповска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Огнен Марина, член, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Михајло Зиноски, член, с.р.**

## ОБРАЗЕЦ 2

## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат: МЕРИ СТЕРЈО БАТАКОЈА**
**Институција: АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ**
**Научна област: АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ И ДИЗАЈН**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Одржување на настава**<br>- **од прв циклус студии**<br><br>**Зимски семестар 2015/2016**<br>Архитектонско студио 3 (6*15*0,04=3,6)<br>Архитектонско студио 5 (6*15*0,04=3,6)<br>**Зимски семестар 2016/2017**<br>Архитектонско студио 3 (6*15*0,04=3,6)<br>Архитектонско студио 5 (6*15*0,04=3,6)<br>**Зимски семестар 2017/2018**<br>Архитектонско студио 3 (6*15*0,04=3,6)<br>Архитектонско студио 5 (6*15*0,04=3,6)<br>Архитектонско проектирање 4 (2*15*0,04=1,2)<br>Теорија на архитектурата (2*15*0,04=1,2)<br>**Зимски семестар 2019/2020**<br>Архитектонско студио 5 (6*15*0,04=3,6)<br>Архитектонско проектирање 4 (2*15*0,04=1,2)<br>Теорија на архитектурата (2*15*0,04=1,2)<br>**Летен семестар 2015/2016**<br>Архитектонско студио 4 (6*15*0,04=3,6)<br>Архитектонско студио 6 (6*15*0,04=3,6)<br>**Летен семестар 2016/2017**<br>Архитектонско студио 4 (6*15*0,04=3,6)<br>Архитектонско студио 6 (6*15*0,04=3,6)<br>**Летен семестар 2017/2018**<br>Архитектонско студио 4 (6*15*0,04=3,6)<br>Архитектонско студио 6 (6*15*0,04=3,6)<br>Архитектонско проектирање 4 (2*15*0,04=1,2)<br>**Летен семестар 2018/2019**<br>Архитектонско студио 6 (6*15*0,04=3,6) | 56,4 |
| 2 | **Одржување на настава**<br>- **од втор циклус студии**<br><br>**Зимски семестар 2017/2018**<br>Теорија на архитектурата (2*15*0,05=1,5)<br>**Зимски семестар 2019/2020**<br>Теорија на архитектурата (2*15*0,05=1,5)<br>**Летен семестар 2015/2016**<br>Селектирани теми од јавни згради (1*15*0,05=0,75)<br>**Летен семестар 2016/2017**<br>Селектирани теми од јавни згради (1*15*0,05=0,75) | 4,5 |
| 3 | **Консултации со студенти** | 1.904 |

| | | |
|---|---|---|
| | **Зимски семестар 2015/2016**<br>Архитектонско проектирање 4 (148*0,002 = 0,296)<br>Теорија на архитектурата (202*0,002=0,404)<br>**Зимски семестар 2016/2017**<br>Архитектонско проектирање 4 (139*0,002=0,278)<br>Теорија на архитектурата (203*0,002=0,406)<br>**Летен семестар 2015/2016**<br>Архитектонско проектирање 4 (120*0,002=0,24)<br>**Летен семестар 2016/2017**<br>Архитектонско проектирање 4 (140*0,002=0,28) | |
| 4 | **Настава во школи и работилници**<br><br>Раководител и тутор на работилницата **СКОПЈЕ-ГРАДОТ ШТО МОЖЕ(ШЕ) ДА БИДЕ**, со проф. д-р Анета Христова-Поповска, посветена на скопските проекти на архитект Живко Поповски, а поддржана од Министерството за култура на Република Северна Македонија како проект од национален интерес во културата за 2019 година во областа на визуелните уметности, архитектурата и дизајнот.<br><br>Секретар и ментор на 25. Меѓународна летна школа за архитектура **КОЛАЖИ+МОНТАЖИ+АСЕМБЛАЖИ,** на Архитектонскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. | 2,5 |
| 5 | **Член на комисија за оцена или одбрана на магистерски труд** (38*0,3=11,4) | 11,4 |
| 6 | **Подготовка на пакет материјали** за предметот Теорија на архитектурата | 1 |
| 7 | Уредник на зборник на текстови за одреден предмет **АРХИТЕКТУРАТА НА МУЗЕИТЕ,** за потребите на изборниот предмет Селектирани теми од јавни згради | 2 |
| | **Вкупно** | 79,704 |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | **Ментор на магистерски труд** (12) | 24 |
| 2 | **Раководител на национален научен проект**<br><br>**ДОКУМЕНТИРАЊЕ И АРХИВИРАЊЕ НА ПРОЕКТАНТСКОТО ТВОРЕШТВО НА АРХИТЕКТ ЖИВКО ПОПОВСКИ** (втора фаза од мегапроектот „Архитектонското творештво на Живко Поповски - живот посветен на архитектурата“), со проф. д-р Анета Христова-Поповска, поддржан од средствата за реализација на научноистражувачки проекти на единиците на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во 2018/2019 година.<br><br>**НА СКОПЈЕ, СО ЉУБОВ! Архитектонската мисла на Живко Поповски** (прва фаза од мегапроектот „Архитектонското творештво на Живко | 12 |

| | | |
|---|---|---|
| | Поповски - живот посветен на архитектурата“), со проф. д-р Анета Христова-Поповска, финализиран во ноември 2017 како соработка на Архитектонски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Арт Проект Лаб - Скопје, и Приватен принт - Скопје. Поддржан од Град Скопје во програмата за финансирање на проекти и активности од културата во 2017 година, во областа на културниот туризам, промоцијата на културното наследство и музејската дејност. | |
| 3 | **Учесник во национален научен проект**<br><br>**АРХИТЕКТОНСКОТО ТВОРЕШТВО НА СЛАВКО БРЕЗОСКИ- ПИОНЕРОТ НА МАКЕДОНСКИОТ МОДЕРНИЗАМ ВО БРАЗИЛИЈА** на Архитектонскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. | 3 |
| 4 | **Учесник во меѓународен научен проект**<br><br>**ROCK- REGENERATION AND OPTIMISATION OF CULTURAL HERITAGE IN CREATIVE AND KNOWLEDGE CITIES**<br>(„Регенерација и оптимизација на културното наследство во градовите базирани на знаење и креативност“), на програмата за истражување и иновација „Horizon 2020“ на Европската Унија, под раководство на проф. д-р Огнен Марина. | 5 |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank...или друга база на списанија која ќе ја утври Националниот совет за високо образование.<br><br>Batakoja, Meri. **Conceptual Interaction between Art Content and Museum Architecture in Art Museum Design (Doctoral Dissertation Summary).** *Prostor* 23, no. 2(50) (2015): 469. | Општи услови |
| 6 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови.<br><br>Батакоја, Мери. **Скопје од идолумот на архитект Живко Поповски (Skopje from the Idolum of Architect Zivko Popovski).** Контекст (Context) 20 (2019):81-100 | Општи услови<br><br>5 |

| | | |
|---|---|---|
| | Batakoja, Meri. **Skopje's Mega Block: Modern Architecture as an Art of Grafting.**<br>In 99 Files #Skopje Brutalism Digital Archive, 2018: http://landscapeinprogress.unirc.it/99files-invited/<br><br>Батакоја, Мери. **Културолошките аспекти во теоретското творештво на архитект Живко Поповски: Мислевме дека можеме да живееме заборавајќи**<br>**(Cultural Aspects in the Theoretical Work of Architect Živko Popovski: The Impossibility of Future without Remembrance).** Контекст (Context) 14 (2017): 107-121. | |
| 7 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји.<br><br>Batakoja, Meri. **"Diaeta" from the Short Histories of Art Museum Architecture.** In Popular Culture: Reading from Below (Proceedings of the International Scientific Conference). Institute of Macedonian Literature - Skopje, 2016: 551-570.<br><br>Hristova, Aneta, and Meri Batakoja. **Frames of References: Art Museums as Unique Visual Media.** (Референцијални рамки: Уметничкиот музеј како уникатен визуелен медиум). Во научното списание со меѓународен уредувачки одбор *Култура/Culture*, 2015: 53-64. | Општи услови |
| 8 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно/популарно списание<br><br>Мано, Марија и Мери Батакоја. **Колажи, монтажи и асемблажи: од евоцирачка слика до архитектонски простор**. Во: ПресИНГ, бр.31/2016, списание на Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Македонија.<br><br>Мано, Марија и Мери Батакоја. **Колажи, монтажи и асемблажи.** Во: Порта 3, бр.246/2016. | 3.6 |
| 9 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно/популарно списание со меѓународен научен одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови.<br><br>Батакоја, Мери. **Екстратекстови кон изложбата „Загрозени видови“ во Природонаучниот музеј во Скопје.** Културен живот 1-2 (2019): 66-71. | 3 |
| 10 | Труд објавен во зборник на трудови на в.о. установа | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| | Батакоја, Мери. **КОНТУРА НА НОВИОТ МУЗЕЈ (SKETCH OF A NEW MUSEUM)**. Во Архитектурата на новата музеологија: од музеј-зграда до музеј-територија (збирка на магистерски трудови). Архитектонски факултет, УКИМ: 8-15.<br><br>Батакоја, Мери. **ПОИМНИК НА КЛУЧНИ ЗБОРОВИ „АРХИТЕКТУРА-НОВА МУЗЕОЛОГИЈА“**. Во Архитектурата на новата музеологија: од музеј-зграда до музеј-територија (збирка на магистерски трудови). Архитектонски факултет, УКИМ: 16-23. | |
| 11 | **Рецензија на научен/стручен труд**<br><br>„Blind Peer Review“ на два труда од областа на архитектурата за научно списание со меѓународен уредувачки одбор „Култура/Culture“, 2016 | 0.4 |
| 12 | Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество<br><br><br>**MAPPING OF “THE SYNTHESIS OF THE ARTS” IN MACEDONIAN CONTEXT,** на меѓународната научна конференција „Learning Architecture“ на Архитектонскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, октомври 2016. | 2 |
| 13 | Учество на научен/стручен собир со реферат/усна презентација<br><br>Форум **Шанса за Скопје: Во каков град сакаме да живееме**, организиран од Институт за комуникациски студии и Здравје пред профит во Центар, Холидеј ин – Скопје, 21 март 2019.<br><br>Трибина **Како до слободен градски простор по „Скопје 2014“?**, организирана од Музеј на современа уметност, Скопје, 18 мај 2019. | 2 |
| | **Вкупно** | 64 |

**СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Јавно изведено или претставено архитектонско дело од областа на архитектурата и урбанизмот, во облик признат во струката.<br><br>Изложба **МАКЕДОНСКИ АРХИТЕКТОНСКИ АТЛАС,** во Галерија „Ко-Ра“ (Дом на културата „Кочо Рацин“ во Скопје), септември 2017 година, со проф. д-р Анета Христова Поповска. | 8 |
| 2 | Куратор на изложба од областа на архитектурата и урбанизмот<br><br>Куратор на изложбата **МАКЕДОНСКИ АРХИТЕКТОНСКИ АТЛАС,** во Галерија „Ко-Ра“ (Дом на културата „Кочо Рацин“ во Скопје), септември 2017 година, со проф. д-р Анета Христова Поповска.<br><br>Координатор и куратор на **БИЕНАЛЕТО НА СТУДЕНТИТЕ ПО АРХИТЕКТУРА (БИСТА**) за Архитектонски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, мај 2016 година, со доц. д-р Горан Мицковски. | 4 |
| 3 | Групно јавно претставување на архитектонски и урбанистички дела<br><br>Претставување на архитектонскиот конкурс „Факултет за физичко образование, спорт и здравје - комплекс УКИМ“ на **БИМАС 2016**, со проф. д-р Анета Христова Поповска и соработници. | 2 |
| 4 | Авторско учество и извршна продукција на сценско-уметничко дело од мал формат<br><br>Сценографија на претставата **ЕДНАШ СВЕТ ИЗГРАДИВ,** во режија на Јане Спасиќ, авторска адаптација на делото „Сидарта“ на Херман Хесе (Театар за деца и младинци во Скопје, со премиера во март 2018 година. Поддржано од Министерство за култура на Р Македонија)<br><br>Сценографија за претставата **ВЕРА, ЉУБОВ, НАДЕЖ,** во режија на Лука Кортина, по текст на Еден Фон Хорват (Драмски театар во Скопје, со премиера во ноември 2017 година. Поддржано од Министерство за култура на Р Македонија) | 6 |
| 5 | Целосно ликовно и графичко обликување на монографски публикации и авторски книги за домашни издавачи (како автор)<br><br>**АРХИТЕКТУРАТА НА НОВАТА МУЗЕОЛОГИЈА: ОД МУЗЕЈ-ЗГРАДА ДО МУЗЕЈ-ТЕРИТОРИЈА.** Скопје: Архитектонски факултет, УКИМ, 2019. | 6 |

| | | |
|---|---|---|
| | **НА СКОПЈЕ, СО ЉУБОВ! АРХИТЕКТОНСКАТА МИСЛА НА ЖИВКО ПОПОВСКИ.** Скопје: Приватен принт, 2017. | |
| | **Вкупно** | 26 |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Книга од стручна област<br><br>Батакоја, Мери, приредувач. **АРХИТЕКТУРАТА НА НОВАТА МУЗЕОЛОГИЈА: ОД МУЗЕЈ-ЗГРАДА ДО МУЗЕЈ-ТЕРИТОРИЈА. (Збирка на магистерски трудови,** Скопје: Архитектонски факултет УКИМ, 2019.<br><br>Христова-Поповска, Анета и Мери Батакоја (приредувачи). **НА СКОПЈЕ, СО ЉУБОВ! АРХИТЕКТОНСКАТА МИСЛА НА ЖИВКО ПОПОВСКИ.** Скопје: Приватен принт, 2017. | 14 |
| 2 | Учество во промотивни активности на Факултетот<br><br>Координатор на **КАТАЛОГ ИАС** (изложба на архитектонски студија) 05, 06, 07, 08, 09, 10<br><br>Промотор на книгата **НА СКОПЈЕ, СО ЉУБОВ! АРХИТЕКТОНСКАТА МИСЛА НА ЖИВКО ПОПОВСКИ,** во Музеј на град Скопје, 13 ноември 2017 (со проф. д-р Анета Христова Поповска, проф. д-р Мартин Гулески и Ристо Пенов)<br><br>Промотор на книгата **АРХИТЕКТУРАТА НА НОВАТА МУЗЕОЛОГИЈА: ОД МУЗЕЈ-ЗГРАДА ДО МУЗЕЈ-ТЕРИТОРИЈА,** на Архитектонски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 26 декември 2019 (со проф. д-р Анета Христова Поповска и проф. д-р Никос Чаусидис) | 4 |
| 3 | Објавено дело во каталог од меѓународна ликовна/архитектонска манифестација<br><br>**INTERVIEWS**. In Freeingspace: Macedonian Pavilion 16th International Architecture Exhibition La Biennale di Venezia 2018. Skopje: Museum of Contemporary Art, 2018: 84-105.<br><br>Batakoja, Meri. **Skopje - Freeingspace from In-Between the Remembrance and Projectivity**. In Freeingspace: Macedonian Pavilion 16$^{th}$ International Architecture Exhibition La Biennale di Venezia 2018. Skopje: Museum of Contemporary Art, 2018: 12-24. | 4 |
| 4 | Член на национална жири-комисија за доделување на наградата **„Андреја Дамјанов“** за животно дело, особени достигнувања и личен придонес во развојот на | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | архитектурата и градителството на архитект **Радован Раѓеновиќ**.<br>Асоцијацијата на архитекти на Македонија, 2016.<br><br>Член на национална жири-комисија за оценка на пристигнатите трудови на **Уметничка тврдина: Меѓународен конкурс за изработка на идејно архитектонско-урбанистичко решение за уредување на ридот Кале**, во организација на Музејот на современа уметност во Скопје, Архитектонски факултет, УКИМ, Скопје, Град Скопје и ROCK-проект. | |
| 5 | Дела од архитектонска визуелизација, мултимедиски и графички дизајн<br><br>Автор на сценографија на мултимедијално музичко-сценско дело **ThERanatOS** на композиторката Дарија Андовска | 2 |
| **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | | |
| 1 | Државна награда за научни постигнувања и уметнички постигнувања<br>Учесник во тим, прва награда за мултимедијално музичко-сценско дело **ThERanatOS** на композиторката Дарија Андовска на конкурс за откуп на музички композиции (Министерство за култура и СОКОМ). | 2 |
| 2 | Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект<br>- носител<br><br>**ДОКУМЕНТИРАЊЕ И АРХИВИРАЊЕ НА ПРОЕКТАНТСКОТО ТВОРЕШТВО НА АРХИТЕКТ ЖИВКО ПОПОВСКИ** (втора фаза од мегапроектот „Архитектонското творештво на Живко Поповски - живот посветен на архитектурата“), со проф. д-р Анета Христова-Поповска, поддржан од средствата за реализација на научноистражувачки проекти на единиците на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во 2018/2019 година.<br><br>**НА СКОПЈЕ, СО ЉУБОВ! АРХИТЕКТОНСКАТА МИСЛА НА ЖИВКО ПОПОВСКИ** (прва фаза од мегапроектот „Архитектонското творештво на Живко Поповски - живот посветен на архитектурата“), со проф. д-р Анета Христова-Поповска, финализиран во ноември 2017 како соработка на Архитектонски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Арт проект лаб - Скопје, и Приватен принт - Скопје. Поддржан од Град Скопје во програмата за финансирање на проекти и активности од културата во 2017 година, во областа на културниот туризам, промоцијата на културното наследство и музејската дејност. | 2 |
| 3 | Член на факултетска комисија<br>- Комисија за издавачка дејност | 1.5 |

| | | |
|---|---|---|
| | - Работна група за изработка на монографија за Архитектонскиот факултет, УКИМ, Скопје, по повод јубилејот 70 години постоење на Факултетот<br>- Извршен одбор на Меѓународно научно списание | |
| | **Вкупно** | 31,5 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 79,704 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 64 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | 26 |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ +ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | 31,5 |
| **Вкупно** | **201,24** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
**Проф. д-р Анета Христова-Поповска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Огнен Марина, член, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Михајло Зиноски, член, с.р.**

# П Р Е Г Л Е Д

## НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ

| Ред. Бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. На одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | **Никола Панговски** | **„Иновирање и редизајн на бизнис моделите“** | **“Innovation and redesign of business models”** | проф. д-р Стојан Дебарлиев | 02-536/2 од 03.04.2020 година |
| 2. | **Игор Стојковски** | **„Специфични карактеристики на менаџментот на перформанси на вработените во странските компании во Република Северна Македонија“** | **“Specific characteristics of the performance management of employees in foreign companies in the Republic of North Macedonia”** | проф. д-р Стојан Дебарлиев | 02-729/2 од 03.04.2020 година |

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МАШИНСКИ ЕЛЕМЕНТИ И ТЕХНИЧКИ СИСТЕМИ НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Машински факултет - Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 11.2.2020 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област машински елементи и технички системи, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-381/2, донесена на 27.2.2020 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Петар Симоновски, редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје, д-р Татјана Кандикјан, редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје и д-р Ристо Ташевски, редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје.

| 8. | **Рецензија на научен/стручен труд** | **0,2** | |
| 8.1 | Изработени три рецензии (3*0,2=0,6) | 0,6 | |
| 9. | **Секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество** | | **2** |
| 9.1 | Anuuall International onference,Transition of the Legal Systems, 30 Years after the Fall of the Berlin Wall, Iustinianus Primus Faculty of Law, Ss. Cyril and Methodius University,Skopje, November 8-9, 2019 (2) | | |
| 9.2 | 6th International Scientific Conference, Social Chages in the Global World, Goce Delcev Univesity, Facultu of Law, Stip 5-6 September 2019 (2) | | |
| 9.3 | Научни скуп са међународним учешћем, Право у фунцији развоја друштва, Унивезитет у Приштини са привременим седиштем у Косовској Митровици, Правни факултет, Косовска Митровица, 24 мај 2019 (2) | | |
| 9.4 | Научни скуп са међународним учешћем, Универзално и особено у праву, Унивезитет у Приштини са привременим седиштем у Косовској Митровици, Правни факултет, Косовска Митровица, 18 мај 2018 (2) | | |
| 9.5 | Међународна научна конференција, Контрола у унитрашњем, међународном и праву Европске Уније, Правни факултет, Универзитета у Нишу, Ниш, 19 мај 2016 (2) | | |
| 9.6 | Научни скуп са међународним учешћем, Људска права - између идеала и изазова садашњости, Унивезитет у Приштини са привременим седиштем у Косовској Митровици, Правни факултет, Косовска Митровица, 23 јун 2016 (2) | | 12 |
| 10 | **Учество на научен/стручен собир со реферат** | | **1** |

| | | |
|---|---|---|
| 10.1 | Kopaonička škola prirodnog prava, Pravo i društveni imperativi, Kopaonik, 13-17 decembar 2016 (1) | 1 |
| 11 | **Апстракт објавен во зборник на конференција** | **1** |
| 11.1 | Rodna Živkovska,Tina Pržeska, *The Role of Possession in Property Relations*, Book of Abstracts, Anuuall International onference,Transition of the Legal Systems, 30 Years after the Fall of the Berlin Wall, Iustinianus Primus Faculty of Law, Ss. Cyril and Methodius University,Skopje, 2019 (стр. 23) | 1 |
| | **Вкупно** | **127,3** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| | СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ | |
|---|---|---|
| 1 | **Учество во промотивни активности на Факултетот** | **0,5** |
| 1.1 | Промотивни активности, 2019 и 2020 година (2*0,5=1) | 1 |
| 2 | **Член во комисија за изработка на закон** | **4** |
| 2.1 | Член на Работна група за изработка на Предлог-закон за вработување на сто најдобри студенти во јавните универзитети во Република Македонија (4) | 4 |
| 3. | **Член на комисија за изработка на измени и дополнувања на закон/изработка на подзаконски акт** | **2** |
| 3.1 | Член во Работна група за изработка на Статут на Правниот факултет „Јустинијан Први во Скопје (2) | |
| 3.2 | Член на Работна група за изработка на Нацрт-деловник за начин на работа и одлучување на внатрешните организациони единици, работните и стручните тела и комисиите на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје (2) | |
| 3.3 | Член на Работна група за изработка на Нацрт-одлука за условите, критериумите и правилата за студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје (2) | 6 |
| 4 | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир** | **1** |
| 4.1 | Член на Организационен одбор за Годишната научна конференција на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје (1) | |
| 4.2 | Член на Уредувачки одбор на меѓународен научен собир, Косовска Митровица, Косово, 2018 (1) | 2 |
| 5 | **Член на факултетска комисија** | **0,5** |
| 5.1 | Член на Комисија за јавни набавки, 2017-2020 (0,5) | 2,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 5.2 | Член на Конкурсна комисија за упис на студенти на прв циклус студии во учебната 2019/2020 (0,5) | |
| 5.3 | Член на Конкурсна комисија за упис на студенти на прв циклус студии во учебната 2018/2019 (0,5) | |
| 5.4 | Претседател на Комисија за спроведување на избор на членови во Комисијата за самоевалуација 2019 (0,5) | |
| 5.5 | Член на Конкурсна комисија за упис на студенти на прв циклус студии во учебната 2017/2018 (0,5) | |
| 6. | **Член на комисија за избор во звање** | **0,2** |
| 6.1 | Член на Комисија за избор на демонстратор по предметот Стварно право за учебната 2019/2020 (0,2) | |
| 6.2 | Член на Комисија за избор на демонстратор по предметот Општ дел на граѓанското право за учебната 2019/2020 (0,2) | 0,4 |
| | **Вкупно** | **15,9** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | ПОЕНИ |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 61,36 |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 127,3 |
| СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 15,9 |
| **ВКУПНО** | **204,56** |

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА
**Проф. д-р Родна** Живковска, с.р.

___________________________

**Проф. д-р Јадранка Дабовиќ-**
Анастасовска, с.р.

___________________________

**Проф. д-р Игор Камбовски, с.р.**

___________________________

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## НА РАКОПИСОТ „ПРАВО И РЕЛИГИЈА“ ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р ТАЊА КАРАКАМИШЕВА-ЈОВАНОВСКА И ПРОФ. Д-Р АЛЕКСАНДАР СПАСЕНОВСКИ

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, донесена на 3.4.2020 година, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебникот „Право и религија“ од авторите: проф. д-р Тања Каракамишева-Јовановска и проф. д-р Александар Спасеновски, наменет за студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, за предметот Право и религија, **избрани се: проф. д-р Гоце Наумовски,** Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, **и проф. д-р Митко Б. Панов**, Институт за национална историја – Скопје.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

### I. Општ дел

**Основни податоци за ракописот**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | Право и религија |
| **Назив на предметната програма:** | Право и религија |
| **Назив на студиската програма:** | Правни студии, Политички студии, Студии по новинарство, Студии по односи со јавноста и Правни мастер студии - насока: уставно право. |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети)**:** | 50 часа, 8 ЕКТС-кредити |
| Право и религија е предмет на вториот циклус правни студии, кој е дел од заедничката листа на опциони предмети. | |
| **Реден број на изданието:** | Прво издание |
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 335 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 2 дела, 4 поглавја, заклучни согледувања и дополнителни резимеа на македонски, албански, германски и англиски јазик. На крајот е наведена обемна користена странска и домашна литература. |

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Гоце Наумовски, с.р.**
**Проф. д-р Митко Б. Панов, с.р.**

Посебен дел од рецензентот: **проф. д-р Гоце Наумовски**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | **Учебникот „Право и религија“ е составен од два дела кои содржински се поделени во 4 посебни глави.**<br>Целата содржина на учебникот е поставена и систематизирана на начин што најнапред ги објаснува општите, а потоа и конкретните податоци и сознанија од областа на правото и религијата.<br>Во воведот на учебникот, авторите мошне прецизно и квалитетно го објаснуваат односот на правото и религијата како два клучни социјално-политички феномена кои меѓусебно се до толку испреплетени што, според бројни параметри, дури и зависат еден од друг. Меѓусебната зависност и испреплетеност, авторите ја согледуваат во фактот што **правото и религијата имаат за цел да ја конститутираат, а според одредени сфаќања и да ја „врамат“ човековата свесност во сите сфери од приватниот и јавниот живот.**<br>Оттука, според размислувањето на авторите, **правото и религијата претставуваат два комплементарни феномена што се дефинираат како непресушен извор во процесот на креирање нови општествени правила, или во процесот на менување на старите правила со нови патокази**.<br>Во првиот дел од учебникот, авторите го проучуваат уставноправниот статус на религијата преку детално објаснување на **трите клучни модели за односот меѓу религијата и државата:**<br>**- моделот на религиска држава**<br>**- моделот на државна религија**<br>**- моделот на одвоеност на државата од религијата - секуларизмот.**<br>Трите модели се објаснети преку конкретни примери на држави, при што моделот на религиска држава е претставен преку функционирањето на Светата столица - Ватикан, Андора и Света Гора.<br>Вториот модел е објаснет преку функционирањето на Кралството Норвешка, Данска, Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска и Грција. Третиот модел е прикажан преку примерот на Франција. Во овој дел се наведени и позначајни теоретски размислувања за секуларизмот што постојат во науката. |

| | |
|---|---|
| | Во следното поглавје, авторите навлегле во подетално проучување на слободата на вероисповед преку анализа на најважните меѓународни документи на ООН и на Советот на Европа што ги уредуваат содржината, концепцијата и начинот на заштита на слободата на вероисповед.<br>Во следното поглавје, анализата продолжува на односот на слободата на вероисповед со другите човекови права и слободи, а пред сè, правото на еднаквост, слободата на мислата, јавното изразување на мислата, слободата на уверувањето и совеста и изведените права, слободата на здружување и слично.<br>Важен дел од учебникот е оној посветен на анализата на македонскиот уставноправен статус на религијата и слободата на вероисповед, почнувајќи од 1945 до 1990 година. Во овој дел, авторите детално ги проучиле сите уставни решенија посветени на религијата и слободата на вероисповед во Народна и Социјалистичка Република Македонија од аспект на уставната заштита на слободата на вероисповед (Уставот на НРМ од 1946, Уставот на СРМ од 1963 година и Уставот на СРМ од 1974 година), но и од аспект на законската заштита на слободата на вероисповед преку анализа на законите со кои се уредувала слободата на вероисповед со останатите сродни права.<br>Во ова поглавје се анализирани и другите акти со кои се определувал статусот на религијата и слободата на вероисповед во времето на социјалистичкиот систем.<br>Следниот дел на ова поглавје е посветен на анализата на статусот на религијата во периодот на осамостојувањето на Република Македонија како независна држава.<br>Фокусот на анализата е ставен на Уставот на Република Македонија од 1991 година, Законот за верските заедници и религиозни групи од 1997 година, Законот за правната положба на црквата, верската заедница и религиозната група од 2007 година, како и други законски решенија.<br>Посебен интерес авторите покажуваат кон одлуките и решенијата на Уставниот суд посветени на оваа материја, како и актите за заштита од верска дискриминација, правото на приговор на совеста, изучувањето на веронауката, местото на образовните институции на верските организации, како и статусот на актите на верските организации. |

| | |
|---|---|
| | Од посебна важност на ова поглавје е анализата на институционалната рамка што се однесува на заштитата на слободата на вероисповед. Детално е проучена работата на Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи во делот на заштитата на слободата на вероисповед, Постојаната анкетна комисија при Собранието на Република Македонија за заштита на слободите и правата, улогата на народниот правобранител во заштитата на слободата на вероисповед, како и улогата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. На крајот од учебникот се дадени одлични заклучни согледувања, каде што на синтетизиран и заокружен начин авторите ја презентираат целата материја уредена и анализирана во учебникот. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Ракописот е целосно услогласен со предметната програма (силабусот на предметот). |
| **Предлози за потребни корекции:** | Не се потребни корекции. |
| **Оцена на ракописот:** | Одлична |
| **Категоризација:** | Учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија претставува пионерски труд, прв ваков ракопис издаден во Македонија. Станува збор за одличен колективен и сеопфатен труд на авторите проф. д-р Тања Каракамишева-Јовановска и проф. д-р Александар Спасеновски, двајцата професори од Катедрата за уставно право и политички систем на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. Се работи за прв учебник по предметот Право и религија, како на Правниот факултет „Јустинијан Први“, така и на ниво на целата држава. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Право и религија, примарно наменет за студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

**РЕЦЕНЗЕНТ**

**Проф. д-р Гоце Наумовски, с.р.**

## II. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р МИТКО Б. ПАНОВ

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Книгата „Право и религија“ е поделена на два големи дела: првиот, општ и вториот, конкретен, кој се однесува на нашата држава.<br>Првиот, општиот дел е поделен на две големи целини: првата, со наслов: „Уставноправен статус на религиите“, и втората, со наслов: „Слобода на вероисповед“.<br>Во првата целина од вториот дел, авторите детално анализираат четири тематски поглавја, и тоа: „Теориско-историски преглед и класификации“, каде што се објаснети: карактерот на односите меѓу државата и религиите, различните видови класификации што постојат во науката, понатаму се проучуваат моделот на религиска држава – теократија, моделот на државна религија и моделот на одвоеност на државата од религиите – секуларизам, каде што се дадени дефиниции, историско-правни согледувања, анализи на постојните државно-религиски модели, како и соодветни прегледи на различните теориски концепти.<br>Во втората целина од првиот дел, авторите поблиску разјаснуваат четири тематски поглавја: во првото, со наслов: „Теориско-историски преглед и класификации“, даден е осврт за развојот на слободата на вероисповед во контекст на процесите на ослободување на човековата личност и демократизацијата на државите. Во втората целина, насловена како „Обединетите нации и слободата на вероисповед“, презентирана е анализа за значењето и опсегот на слободата на вероисповед во документите на светската организација, додека во третата тематска целина со наслов: „Советот на Европа и слободата на вероисповед“ е поместена истоветна анализа која ги тангира документите и работата на Советот на Европа во делот на заштитата на слободата на вероисповед.<br>На темелот на сознанијата од првиот, општ дел од ова дело, авторите, понатаму, во вториот обемен дел, се занимаваат со темите: Правен статус на религиите и Слобода на вероисповед во македонски контекст. Оваа цел се постигнува преку анализа на овие две теми во периодот од 1944 до 1990 година, кога Социјалистичка Македонија е дел од Федеративна Југославија, како и во периодот од прогласувањето на македонската независност до денес. |

| | |
|---|---|
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Ракописот е целосно усогласен со предметната програма. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Не се потребни корекции. |
| **Оцена на ракописот:** | Одлична |
| **Категоризација:** | Учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија претставува одличен колективен и сеопфатен труд на авторите проф. д-р Тања Каракамишева-Јовановска и проф. д-р Александар Спасеновски, двајцата професори на Катедрата за уставно право и политички систем на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. Станува збор за прв учебник по предметот Право и религија заради што сметам дека неговото издавање ќе биде од големо значење, како за студентите, така и за сите други ентузијасти и практичари кои поконкретно се занимаваат со овие прашања. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Право и религија, примарно наменет за студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

**РЕЦЕНЗЕНТ**

**Проф. д-р Митко Б. Панов, с.р.**

# П Р Е Г Л Е Д

На прифатени теми за подобност на тема за изработка на следниве
магистерски трудови на
Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје

**Наставно-научен совет – 03.04.2020 година**

| Кандидат | Тема на магистерскиот труд | Ментор |
|---|---|---|
| Миа Георгиевска | „Системи на автономно оружје и нивната усогласеност со меѓународното право (Autonomous weapon systems and their compliance with international law)“ | проф.д-р Елена Михајлова Стратилати |
| Ивана Ажиевска | „Страни на спогодбата за меѓународна трговска арбитража (Parties to an International Commercial Arbitration Agreement)“ | проф.д-р Тони Дескоски |
| Горан Станковиќ | „Правен статус на спортистите во антички Рим (Legal Status of the Athlets in the Ancient Rome)“ | проф.д-р Гоце Наумовски |
| Мартин Алексов | „Трговски марки на Европската Унија-новиот пакет на реформи: емпириска, квалитативна и квантитативна анализа (European Union Trademark Reform Package: empirical, qualitative and quantitative analysis)“ | доц.д-р Христина Рунчева Тасев |
| Андријана Лескароска | „Заштита на трговските марки на платформите за електронска трговија (Trademark protection at e-commerce platforms)“ | проф.д-р Гоце Наумовски |
| Блерта Зеќири | „Заштита на слоганите како трговска марка (Trademark protection of Slogans)“ | доц.д-р Христина Рунчева Тасев |
| Радмила Глигорова | „Конвергеницијa на трговските марки и индустрискиот дизајн: правна рамка и практична примена (Convergence of Trademark and Industrial Design: Legal Framework and Practical Application)“ | доц.д-р Христина Рунчева Тасев |
| Моника Крстевска | „Финансиско – правни аспекти на финансирањето на старт–ап бизниси во Република Северна Македонија (Financial and Legal Aspects of Financing Start-Up Businesses in Republic of North Macedonia)“ | проф.д-р Александра Максимовска Стојкова |
| Климентина Марковска | „Државна ревизија и примена на меѓународни ревизорски стандарди во Република Северна Македонија (State Audit and Application of International Audit Standards in Republic of North Macedonia)“ | проф.д-р Александра Максимовска Стојкова |
| Ирена Папазова | „Буџет на Европска Унија: финансиско-правни аспекти (Budget of the European Union: Financial and Legal Aspects)“ | проф.д-р Александра Максимовска Стојкова |
| Никола Ѓорѓиев | „Дозволена даночна евазија: домашни и компаративни законски одредби со применети примери во праксата (Tax Avoidance: Domestic and Comparative Legal Norms with Case Studies)“ | проф.д-р Александра Максимовска Стојкова |
| Ања Стефановска | „Правни и економски аспекти на развојот на платните системи и платежните услуги во процесот на европска интеграција (Legal and Economic Aspects of the Development of Payment systems and Payment Services in the Process of European Integration)“ | проф.д-р Александар Стојков |
| Даниел Коцевски | „Иднината на парите – Криптовалути (Future of the Money – Cryptocurrencies)“ | проф.д-р Јован Зафироски |
| Дејан Коцевски | „Девизниот курс како оружје во трговската војна на САД и Кина (Exchange Rate as a Weapon in the Trade War between United States of America and China)“ | проф.д-р Јован Зафироски. |
| Василика Калајџиска | „Правна рамка и начини на финансирање на инвестиции од областа на енергетиката (Legal Framework and Sources of Financing Energy Investments)“ | проф.д-р Јован Зафироски |
| Јована Ивановска | „Влијанието на практиката на Европскиот суд за човекови права во националните постапки за одговорност за навреда и | проф.д-р Ненад Гавриловиќ |

| | | |
|---|---|---|
| | клевета (The Impact of the practice of the ECHR in national disputes on responsibility for defamation and slander)“ | |
| Ивана Илиеска | „Услови за градење на градежно земјиште во македонското право (Conditions for building on a building land in Macedonian Law)“ | проф.д-р Родна Живковска |
| Лазар Трајковиќ | „Имотни односи помеѓу брачните партнери: актуелни прашања и дилеми (Marital property relations: actual questions and dillemas)“ | проф.д-р Ангел Ристов |
| Теа Лалевска | „Права на земјоделско земјиште (Rights on agricultural land)“ | проф.д-р Родна Живковска |
| Кристина Цонкинска | „Оставинска постапка: меѓу законските решенија, теоријата и праксата (Inheritance Proceeding: between the Law, Theory and Practice )“ | проф.д-р Елена Игновска |
| Христијан Черкезов | „Издвојување на оставината од имотот на наследниците (Separation of inheritance of heir's property)“ | проф.д-р Ангел Ристов |
| Фросина Штрлевска | „Издршката во македонското и спредбеното право (Maintenance in the Macedonian and Comparative Law)“ | проф.д-р Дејан Мицковиќ |
| Емилија Јаневска | „Правната положба на доверителите во стечајната постапка (The legal position of the creditors in the bankruptcy procedure)“ | проф.д-р Татјана Зороска Камиловска |
| Мартина Ѓуровска | „Вршење на родителското право по разводот на брак во македонското и споредбеното право (Exercising of parental rights after divorce in the Macedonian and Comparative Law)“ | проф.д-р Дејан Мицковиќ |
| Елена Парапанска | „Законот за биомедицински потпомогнато оплодување de lege lata de lege ferenda (Biomedical assisted reproduction Act de lege lata de lege ferenda)“ | проф.д-р Дејан Мицковиќ |
| Елеонора Цветановска | „Стадиум на подготвување на главната расправа во парничната постапка (Stage of Preparation of the Main Hearing in Litigation)“ | проф.д-р Милка Ракочевиќ |
| | | |
| Наташа Јанкуловска | „Оставината во современите наследни права: актуелни прашања и дилеми (Inheritance in the Contemporary Inheritance Law: Actual Questions and Dilemmas)“ | проф.д-р Ангел Ристов |
| Моника Здравкова | „Институтот виша сила низ призмата на Конвенцијата на Обединетите нации за меѓународна продажба на стоки од 1980 година (Concept of Vis Majeure in the context of UN Convention for International Sale of Goods of 1980)“ | проф.д-р Димитар Гелев |
| Моника Јорданова | „Уредување на македонскиот здравствен систем (Regulation of Macedonian Health Care System)“ | проф.д-р Ванчо Узунов |
| Јорданка Михајлова | „Аранжмани за колективно обезбедување во банкарството и трговијата (Collective Security Arrangements in Banking and Trade)“ | проф.д-р Биљана Петревска |
| Викторија Димитриева | „Слободата на синдикално здружување и заштитата на работниците и синдикатите од дејствија на антисиндикална дискриминација и вмешување (Freedom of Trade Union Association and Protection of Workers and Trade Unions from Acts of Anti-Union Discrimination and Interference)“ | доц.д-р Александар Ристовски. |
| Оливера Ѓорѓиева | „Основање на банка согласно македонските позитивни прописи (Formation of Banks under Macedonian Law)“ | проф.д-р Биљана Петревска |
| Никола Мурџев | „Дигитализација на системот на социјално осигурување и користењето на здравствените услуги (Digitalization of the social security system and the use of health services)“ | проф.д-р Тодор Каламатиев |
| Катерина Влахова | „Сузбивање на корупцијата – превентивни и репресивни механизми (Fight Against Corruption – Preventive and Repressive Measures)“ | проф.д-р Никола Тупанчески |
| Анѓела Минова | „Феноменологија на детското престапништво во САД (Phenomenology of Child Delinquency in USA)“ | проф.д-р Никола Тупанчески |
| Сања Сима | „Сузбивање на организираниот криминал со посебен осврт кон инкриминацијата изнуда (Fight Against Organized Crime with Specific Attention to the Crime of Extortion)“ | проф.д-р Никола Тупанчески |

| | | |
|---|---|---|
| Бојана Неткова | „Насилство врз жената и семејно насилство како форма на родово базирана дискриминација (Violence Against Women and Domestic Violence as Types of Gender Based Discrimination)“ | проф.д-р Никола Тупанчески |
| Мартина Грнчаревска | „Казненоправните аспекти на јавните набавки во Република Северна Македонија (Criminal Law Aspects of the Public Procurements in Republic of North Macedonia)“ | проф.д-р Никола Тупанчески |
| Катерина Милошева | „Постапување со деца жртви на кривично дело Запуштање и малтретирање дете (Treatment of Children Victims of Crime of Molestation and Abuse of Child) “ | проф.д-р Гордан Калајџиев |
| Кристина Јанева | „Казненоправни и криминолошки аспекти на криминалот од омраза (Criminal Law and Criminological Aspects of the Hate Crime)“ | проф.д-р Александра Груевска Дракулевски |
| Ивана Балтовска | „Профил на сторител на кривично дело силување (Profile of a Perpetrator of Rape)“ | проф.д-р Александра Груевска Дракулевски |
| Драгана Коцевска | „Појавни облици на семејно насилство во Република Северна Македонија (Types of Domestic Violence in Republic of North Macedonia)“ | проф.д-р Александра Деаноска Трендафилова |
| Душко Петров | „Воените злосторства во меѓународното и компаративното казнено право (War Crimes in International and Comparative Criminal Law)“ | проф.д-р Александра Деаноска Трендафилова |
| Иван Коцев | „Кривичните дела против изборите и гласањето во македонското и компаративното право (Crimes Against Elections in Macedonian and in Comparative Law)“ | проф.д-р Александра Деаноска Трендафилова |
| Анастасија Великоска | „Анализа на примената на мерката притвор на подрачјето на основниот суд Охрид во периодот од 2016-2019 година (Analysis of the Application of the Detention in the Area of Basic Court Ohrid in period 2016 - 2019)“ | проф.д-р Гордана Лажетиќ |
| Никола Ќипровски | „Квалифицирани убиства во Република Северна Македонија со посебен осврт на практичните аспекти (Aggravated Murders in Republic of North Macedonia – with Specific Attention to the Practical Aspects)“ | проф.д-р Никола Тупанчески |
| Елена Пејчева | „Казненоправните аспекти на сексуалната злоупотреба на децата (Criminal Law Aspects of Sexual Abusement of Children)“ | проф.д-р Никола Тупанчески |
| Аљда Беќири | „Криминолошки аспекти на трговија со луѓе со посебен осврт на процесот на идентификација на жртвите и нивната реинтеграција (Criminological Aspects of Human Trafficking: The Process of Identification of Victims and their Reintegration)“ | проф.д-р Александра Груевска Дракулевски |
| Елена Атанасоска | „Профил на жртва на трговија со луѓе (Profile of a Victim of Human Trafficking)“ | проф.д-р Александра Груевска Дракулевски |
| Сашка Величковиќ | „Криминолошки аспекти на трговијата со луѓе како облик на организиран криминал заради проституција (Criminological Aspects of Human Trafficking as a Form of Organized Crime for Prostitution)“ | проф.д-р Александра Груевска Дракулевски |
| Тамара Стоилковска | „Појавни облици на корупцијата во Република Северна Македонија (Types of Corruption in Republic of North Macedonia)“ | проф.д-р Александра Деаноска Трендафилова |
| Салмедин Первизовски | „Кривични дела против бракот, семејството и младината-со посебен осврт врз кривичното дело неплаќање издршка (Crimes against the Marriage, family and Youth – woth Specific Attention to the Crime of Non Paying Alimony)“ | проф.д-р Александра Деаноска Трендафилова |
| Ангела Манеска | „Казнено правна заштита на работните односи во македонското и компаративното казнено право (Criminal Law Protection of the Labour Relations in Macedonian and in Comparative Law)“ | проф.д-р Александра Деаноска Трендафилова |
| Ангела Веселиновска | „Односи со јавноста во спортските организации според македонското право (Public Relations of Sport Organizations in Accordance with Macedonian Law)“ | проф.д-р Димитар Гелев |

| | | |
|---|---|---|
| Андријана Коруновска | „Создавање, мерење и управување со корпоративната репутација преку техниките на односите со јавноста (Creating, measuring and managing corporate reputation through public relations techniques)“ | проф.д-р Александар Стојков |
| Ана Ѓорѓиева | „Постапка за остварување правна заштита на граѓаните пред Народен правобранител (Procedure for realization of legal protection of citizens before the Ombudsman)“ | проф.д-р Борче Давитковски |
| Ангела Рајчевска | „Истражувачкото новинарство и Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во Република Северна Македонија (Investigative journalism and The Law on free access to public information in the Republic of North Macedonia)“ | проф.д-р Даниела Блажевска |
| Даница Караташова | „Детските телевизиски емисии во Република Северна Македонија (Children's television shows in the Republic of North Macedonia) “ | проф.д-р Даниела Блажевска |
| Борјана Атанасовска | „Телевизијата како масовен медиум наспроти електронските публикации во Република Северна Македонија: карактеристики, регулатива, предизвици (Television as a mass media v.s. electronic publications in the Republic of North Macedonia: features, regulations, challenges) “ | проф.д-р Даниела Блажевска |

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ: ИНФОРМАТИКА, ИНФОРМАЦИОНИ СИСТЕМИ И ПРОГРАМИРАЊЕ И ИНФОРМАЦИОНИ СИСТЕМИ И МРЕЖИ НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Природно-математички факултет - Скопје, објавен во дневните весници „Слободен печат” и „Коха” на 3.12.2019 година, за избор на еден асистент по група предмети од наставно-научните области: информатика, информациони системи и програмирање и информациони системи и мрежи на Природно-математичкиот факултет во Скопје и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 26.12.2019 година, бр. 02-2932/1 од 31.12.2019 година, формирана е Рецензентска комисија во состав:

1. д-р Ванчо Чабуковски, редовен професор на ПМФ - Скопје
2. д-р Ѓорѓи Маркоски, редовен професор на ПМФ – Скопје
3. д-р Роман Голубовски, вонреден професор на ПМФ – Скопје.

Постапувајќи според Одлуката, разгледани се доставените прилози на пријавениот кандидат м-р Огнен Спироски на конкурсот и по спроведената анализа на целокупната документација, имаме задоволство да го објавиме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На конкурсот објавен во дневните весници „Слободен печат” и „Коха” на 3.12.2019 година, за избор на еден асистент по група предмети од наставно-научните области: информатика, информациони системи и програмирање и информациони системи и мрежи на Природно-математичкиот факултет во Скопје, во предвидениот рок се пријави само кандидатот Огнен Спироски, магистер по информатика, вработен како асистент по информатика, информациони системи и програмирање и информациони системи и мрежи на Природно-математичкиот факултет во Скопје.

### Биографски податоци и образование

Кандидатот м-р Огнен Спироски е роден на 2.5.1982 година во Скопје, каде што го завршил основното и средното образование. Со одбрана на дипломската работа со наслов: „Вештачки живот со невронски мрежи за донесување одлуки”, дипломирал на студиите по компјутерски науки на “University of Sheffield International Faculty, CITY College” во Солун, Р Грција, афилирана институција на Универзитетот во Шефилд, Велика Британија, во 2005 година, со просек 9,08. Во 2006 година се запишал на втор циклус (магистерски) студии на “University of Edinburgh”, Велика Британија. Студиите ги завршил во 2009 година со одбрана на магистерскиот труд под наслов: „Моделирање на хоризонтален генски пренос: Споредба на моделирачки рамки применети за истражување на антибиотска резистентност во флуктуирачка околина” и се стекнал со академски степен – магистер по информатика. Постдипломските студии ги завршил со просек 9,25.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик.

Во 2008 година работел во “Centre for Integrative Biology (CIBIO) & Microsoft Research (CoSBi)”, Тренто, Италија. Во 2009 година, по магистрирањето работел во Лабораторијата за генетика и биотехнологија при Македонската академија на науките и уметностите во Скопје, а во 2010 година се вработил на МИТ универзитетот во Скопје, каде што бил избран за помлад асистент, а подоцна во 2014 година и во звањето асистент на Факултетот за компјутерски науки и технологии, каде што работел до 2016 година, кога се вработил на Природно-математичкиот факултет како технички соработник. Од учебната 2013/2014 година, како демонстратор одржува аудиториски и лабораториски

вежби по повеќе предмети на студиите по информатика и информатички технологии на Природно-математичкиот факултет во Скопје. Во 2016 година работел како програмер и систем-инженер по интернет-безбедност во компанијата Shadow Grid, Скопје.

На седницата на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, одржана на 29.6.2017, м-р Огнен Спирсоки е избран за асистент во наставно-научните области: информатика, информациони системи и програмирање и информациони системи и мрежи на Природно-математичкиот факултет во Скопје. Извештајот на Рецензентската комисија е објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр. 1146 од 15.5.2017 год.

**Наставно-образовна дејност**

М-р Огнен Спироски е избран за помлад асистент во 2010 година на Факултетот за компјутерски науки и технологии при МИТ универзитетот во Скопје, а подоцна, во 2014 година, и за асистент на истиот Факултет. Во периодот од 2010 до 2016 година, на овој Факултет учествувал во реализација на наставата по предметите: Алгоритми и структури на податоци, Интернет-безбедност, Оперативни системи, Откривање на знаење во податоци, Веб-сервери и веб-технологии, Компјутерски мрежи 1, Компјутерски мрежи 2, Бази на податоци и Програмирање.

Од учебната 2013/2014 година, м-р Огнен Спироски е ангажиран како демонстратор на студиите по информатика и информатички технологии на Природно-математичкиот факултет во Скопје. Изведувал аудиториски и лабораториски вежби по предметите: Основи на интелигентни системи, Компајлери, Е-бизнис, Интеракција човек-компјутер, Безбедност и криптографија, Современи компјутерски системи, Оперативни системеи, Бази на податоци, Системски софтвер, Објектно и визуелно програмирање, Компјутерски мрежи, Алгоритми, Мрежни и дистрибуирани оперативни системи, Информатички практикум и Микропроцесори и микроконтролери. Од септември 2016 година е вработен како технички соработник на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје. Во овој период, кандидатот м-р Огнен Спироски бил вклучен воедно и како демонстратор на наставата по информатика и информатички технологии на Факултетот. Од учебната 2017/2018 година, м-р Огнен Спироски како асистент по информатика, информациони системи и програмирање и информациони системи и мрежи на Природно-математичкиот факултет во Скопје изведувал аудиториски и лабораториски вежби по следниве предмети на студиите по информатика и информатички технологии на Природно-математичкиот факултет во Скопје: Алгоритми, Компјутерска графика, Компјутерски мрежи, Податочни и компјутерски комуникации, Мрежни и дистрибуирани оперативни системи, Интеракција човек-компјутер, Безбедност на компјутерски системи, Безбедност и криптографија, Структури на податцои, Бази на податоци, Е-бизнис, Интернет-технологии.

Во летниот семестар 2019/2020 година, на студиите по информатика и информатички технологии на Природно-математичкиот факултет во Скопје му се доделени аудиториски и лабораториски вежби по: Компјутерска графика, Управување со софтверски проекти, Квалитет на софтвер и тестирање и Интеракција човек-компјутер.

Во летниот семестар во учебната 2016/2017 година изведувал и вежби по предметот Компјутерски мрежи на Факултетот за компјутерска техника и информатика при Универзитетот „Американ колеџ“ - Скопје.

**Научноистражувачка дејност**

Кандидатот м-р Огнен Спироски се јавува како автор и коавтор на 1 (еден) труд во референтно научно списание со меѓународен уредувачки одбор и 1 апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција. Имал излагања на 7 научни/стручни собири со усна презентација, од кои 2 (две) презентации на научен/стручен собир со меѓународно учество во Р Грција и Велика Британија. Објавил повеќе стручни написи

во „Микрочип” – информатички прилог во весникот „Вечер“, „Информа” – македонско списание за информатика и „Визија” – средношколско списание.

М-р Огнен Спироски бил учесник на 1 (еден) национален и 1 (еден) меѓународен научен проект.

Неговиот предмет на интерес во научноистражувачката работа е вештачка интелигенција, биоинформатика, откривање на знаење во податоци, моделирање и симулирање.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Кандидатот м-р Огнен Спироски учествувал/присуствувал на работилници, обуки и семинари во државата и во странство, на кои се здобил со теоретски и практични сознанија - посетувал 12 работилници и семинари од областа на информатиката, биоинформатиката и вештачката интелигенција во Р Македонија, Р Грција, Р Италија и Велика Британија и учествувал во организацијата на 3 (три) семинари на Природно-математичкиот факултет во Скопје и 1 (еден) семинар во Р Грција од областа на информатиката. Активно е вклучен во стручно-апликативната работа на студиите по информатика и информатички технологии при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Дизајнирал и изработил 1 (еден) информациски систем. Изработил 1 (еден) софтверски пакет. Учествувал во воведување на 3 (три) нови лабораториски/клинички методи. Одржал 2 (две) предавања на институции од јавен интерес и културно-информативни центри. Дизјанирал, ликовно и графички обликувал 4 (четири) веб-страници, 2 (два) логотипа и 1 (една) монографска публикација.

Во 2016 и 2017 година учествувал во апликативен проект со наслов „Дизајн и имплементација на ПМФ – облак“ на ПМФ во Скопје. Во 2017 година инсталирал систем за учење на далечина на ПМФ, кој редовно го одржува и го користи во реализација на аудиториските и лабораториските вежби на студиите по информатика и информатички технологии на ПМФ.

Автор е на електронска музика со компјутерска продукција.

Бил член на комисии за попис при студиите по информатика и инфрматички технологии на ПМФ во 2017, 2018 и 2019 година.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатот наставните обврски ги извршувал професионално, совесно, квалитетно и стручно, што е потврдено со позитивните оценки од спроведените анонимни студентски анкети за вкупно 14 предмети на кои кандидатот реализирал настава од 2013 година на студиите по информатика и информатички технологии на Природно-математичкиот факултет во Скопје.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на доставената документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на м-р Огнен Спироски.

Врз основа на изнесените податоци за целокупната активност на кандидатот, Комисијата заклучи дека м-р Огнен Спироски има научни и стручни квалитети и способности и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, тој ги исполнува општите и посебните услови да биде избран во звањето асистент по група предмети од наставно-научните области: информатика, информациони системи и програмирање и информациони системи и мрежи на Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Според гореизнесеното, Комисијата со посебна чест и задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, м-р Огнен Спироски да биде избран во звањето асистент по група предмети од наставно-научните области: информатика, информациони системи и програмирање и информациони системи и мрежи.

**Рецензентска комисија**

**Д-р Ванчо Чабуковски, редовен професор на ПМФ – Скопје, с.р.**
**Д-р Ѓорѓи Маркоски, редовен професор на ПМФ – Скопје, с.р.**
**Д-р Роман Голубовски, вонреден професор на ПМФ – Скопје, с.р.**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | **да** |
| 2 | Стекнат назив – магистер од соодветната област<br>Назив на научната област: __информатика__. | **да** |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: ___9,08___<br><br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: ___9,25___ | **да** |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик:___англиски јазик___<br>2. Назив на документот:___TOEFL___<br>3. Издавач на документот: _ETS, Princeton, NJ, USA_<br>4. Датум на издавање на документот: ___2.5.2003___ | **да** |

***Прилог бр. 2***

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ: МЕТАЛУРГИЈА НА ОБОЕНИ И РЕТКИ МЕТАЛИ, И ДРУГО, НА ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 11.12.2019 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: металургија на обоени и ретки метали, и друго, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет, бр. 02-233/1 од 21.2.2020 година, донесена на 47. редовна седница на Наставно-научниот совет, одржана на 19.2.2020, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Никола Начевски, редовен професор во пензија, д-р Борис Крстев, редовен професор во пензија и д-р Ружица Манојловиќ, редовен професор на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

### И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научните области: металургија на обоени и ретки метали, и друго, во предвидениот рок се пријави д-р Ана Томова, доцент на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје.

### 9. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Ана Томова е родена на 6.6.1979 година во Скопје, Република Македонија. Средно образование завршила во 1998 година, во гимназијата „Јосип Броз – Тито“ во Скопје, со просечен успех 5,00. Со високо образование се стекнала на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, на насоката преработувачка металургија, во периодот од 1999 до 2003 година. Дипломирала на насоката преработувачка металургија, во декември 2003 година, со просечен успех 8,10.

Кандидатката активно се служи со англискиот, германскиот, шпанскиот и српскиот јазик.

Во учебната 2003/2004 година се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, на насоката нови материјали - метали. Студиите ги завршила во 2008 година, со просечен успех 10,00. На 18.11.2008 година го одбранила магистерскиот труд на тема: *Карактеризација на нанодимензионирани сребрени правови по пат на електродепозиција,* со што се стекнала со научниот степен магистер по технички науки.

Докторска дисертација пријавила во 2009 година на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје. Дисертацијата на тема: *Добивање и карактеризација на мулти наносензори базирани на MWCNTs и биополимерна матрица* ја одбранила на 14.7.2014 година, пред Комисија во состав: д-р Александар Димитров, редовен професор, Технолошко-металуршки факултет, Скопје, ментор, д-р Анита Грозданов, редовен професор, Технолошко-металуршки факултет, Скопје, член, д-р Перица Пауновиќ, вонреден професор, Технолошко-металуршки факултет, Скопје, член, д-р Орце Поповски, вонреден професор, Воена академија „Генерал Михајло Апостолски”, Скопје, член и д-р Бети Андоновиќ, доцент, Технолошко-металуршки факултет, Скопје, член. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на технички науки.

На 31.12.2014 година е избрана во звањето доцент на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, за групата предмети: Металургија на обоени метали, Хидрометалургија (изборен), Хидрометалуршки постапки во обоената металургија (изборен), Современи постапки во металургијата на обоени метали (изборен).

Во моментот е доцент на Технолошко-металуршкиот факултет. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр.1088 од 14.11.2014 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 1020 од 1.12.2011 година, бр. 1078 од 2.6.2014 година и бр. 1088 од 14.11.2014 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 10. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Технолошко-металуршки факултет, кандидатката д-р Ана Томова изведува настава, вежби и теренска настава на прв циклус студии, на студиската програма Металургија, дизајн и менаџмент (МДМ), и на втор циклус студии, на студиската програма Екстрактивна металургија (ЕМ).

Кандидатката била учесник на 2 работилници.

### Научноистражувачка дејност

Д-р Ана Томова има објавено вкупно 5 научни трудови, од кои 3 научни труда во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), и 2 труда во зборници од научни собири. Кандидатката е коавтор на 6 апстракти, објавени во зборник на меѓународна конференција.

### Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Кандидатката д-р Ана Томова активно учествува во промотивни активности на Факултетот, во промоција на наставните програми на Технолошко-металуршкиот факултет. Д-р Ана Томова била член на организацискиот одбор на две меѓународни конференции: 7. Меѓународен конгрес на металурзите (Охрид, 2016 год.) и 8. Меѓународен конгрес на металурзите (Охрид, 2018 год.).

Д-р Ана Томова активно е вклучена во работата на комисии на УКИМ, и тоа: Пописна комисија на Институтот за екстрактивна металургија, Наставно-научен совет на Факултетот; член на Институтот за екстрактивна металургија, член на Колегиумот на насоката екстрактивна металургија.

Кандидатката е раководител на постдипломски студии на Колегиумот на насоката екстрактивна металургија.

### Оценка од самоевалуација

Кандидатката д-р Ана Томова, за периодот од изборот во звањето доцент до поднесувањето на пријавата, доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Ана Томова.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Ана Томова поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето вонреден професор во научните области: металургија на обоени и ретки метали, и друго.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, д-р Ана Томова да биде избрана во звањето вонреден професор во научните области: металургија на обоени и ретки метали, и друго.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Никола Начевски, редовен професор во пензија, с.р.**

**Д-р Борис Крстев, редовен професор во пензија, с.р.**

**Д-р Ружица Манојловиќ, редовен професор,**
**Технолошко-металуршки факултет, Скопје, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Ана Миломир Томова**

**Институција:** **Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје**
**Технолошко-металуршки факултет – Скопје**

**Научни области:** металургија на обоени и ретки метали, и друго.

### ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР/НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * | / |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br><br>Назив на научните области: металургија на обоени и ретки метали, и друго. | да |
| 3 | Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | да (види во Образец 2) |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование | да |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови | да |
| 3.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД | да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | | |
| 3.4 | Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД | / |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји | да |
| 4 | Претходен избор во наставно-научно звање – доцент, датум и број на Билтен: 14 ноември 2014, бр.1088 | да |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | да |

* На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 5 (пет) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

# ОБРАЗЕЦ 2
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Ана Миломир Томова**

**Институција:** **Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје**
**Технолошко-металуршки факултет – Скопје**

**Научна област:** металургија на обоени и ретки метали, и друго

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Одржување на настава (прв циклус студии)** | **27,0** |
| | Металургија на обоени метали (3 часа) | 9 |
| | Хидрометалургија (2 часа) (изборен) | 6 |
| | Хидрометалуршки постапки во обоената металургија (2 часа) (изборен) | 6 |
| | Современи постапки во металургијата на обоени метали (2 часа) (изборен) | 6 |
| 2 | **Одржување на вежби (прв циклус студии)** | **13,5** |
| | Металургија на обоени метали (3 часа) | 6,75 |
| | Хидрометалургија (1 час) (изборен) | 2,25 |
| | Хидрометалуршки постапки во обоената металургија (1 час) (изборен) | 2,25 |
| | Современи постапки во металургијата на обоени метали (1 час) (изборен) | 2,25 |
| 3 | **Одржување на консултации (прв циклус студии)** | **0,4** |
| | 2015-2020 година: вкупно 200 студенти | 0,4 |
| 4 | **Подготовка на нов предмет (прв циклус студии)** | **4,5** |
| | Хидрометалургија (предавања) | 1 |
| | Хидрометалуршки постапки во обоената металургија (предавања) | 1 |
| | Современи постапки во металургијата на обоени метали (предавања) | 1 |
| | Хидрометалургија (вежби) | 0,5 |
| | Хидрометалуршки постапки во обоената металургија (вежби) | 0,5 |
| | Современи постапки во металургијата на обоени метали (вежби) | 0,5 |
| 5 | **Настава во школи и работилници – учесник (2)** | **2,0** |
| | Работилница: Светскиот ден на водата – 22 Март, *Вода и отпадни води*, 22.3.2017 година | 1,0 |
| | Работилница: *Управување со природни водени ресурси* (*Nature for Water*), 22.3.2018 година | 1,0 |
| 6 | **Одржување на теренска настава** | **0,6** |
| | 2015-2020 година | 0,6 |
| | | |
| | **Вкупно** | **48,0** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **1** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование** | **12,766** |
| | **A. Tomova**, G. Gentile, A. Grozdanov, M. E. Errico, P. Paunovic, M. Avella and A. T. Dimitrov, “Functionalization and Characterization of MWCNTs Produced by Different Methods”, Acta Physica Polonica A, 129 (3), pp. 405-408, 2016; (IF=0.469) | 4,069 |
| | **A. Tomova**, G. Gentile, A. Grozdanov, M. E. Errico, P. Paunovic, M. Avella and A. T. Dimitrov, “Multinanosensors Based on MWCNTs and Biopolymer Matrix – Production and Characterization”, Acta Physica Polonica A, 132 (4), pp. 1251-1255, 2017; (IF= 0.857) | 4,457 |
| | P. Paunovic, G. Nacevski, A. Petrovski, **A. Tomova,** A. Grozdanov and A. T. Dimitrov, “Kinetic analysis of ultrasound leaching of nickel laterite ore” Bulgarian Chemical Communications, 51 Special Issue D, pp. 12-18, 2019; (IF= 0.64) | 4,24 |
| **2** | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови** | **3,0** |
| | N. Kletnikov, O. Popovski and **A. Tomova**, “Kahoot! foster students’ engagement enhance classroom dynamics, assess and improve overall students’ lerning”, 2-nd International Scientific Conference MILCON’19, pp. 23-32, 2019; | 3,0 |
| **3** | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји** | **3,0** |
| | E. Mustafa, K. Atkovska, F. Aliu, S. Kuvendziev, M. Marinkovski, **A. Tomova**, K. Lisichkov, *Characterization of drinking water springs for the city of Skopje,* Knowledge-International Journal, (34.3), pp. 645-650, 2019; | 3,0 |
| **4** | **Апстракти објавени во зборник на меѓународна конференција** | **6,0** |
| | K. Stoimcev, A. Petrovski, **A. Tomova**, P. Paunovic, A. Grozdanov, B. Andonovic, A. Dimitrov, “Electrochemical deposition of polypyrrole/MWCNT nanocomposites”, 11$^{th}$ Symposium Novel Technologies and Economic Development, Proceedings, p.104, Leskovac, Serbia, October 23-24 2015; | 1,0 |
| | **A. Tomova**, A. Petrovski, A. Grozdanov, B. Andonovic, P. Paunovic, and A. T. Dimitrov, “Chemical functualization of CTs for gas sensor application”, Metallurgical & Materials | 1,0 |

| | | |
|---|---|---|
| | Engineering Congress of South-East Europe, MME SEE2015, Book of Abstracts, p. 336, Belgrade, Serbia, June 3-5 2015; | |
| | **Ana Tomova**, Anita Grozdanov, Perica Paunović, Aleksandar Petrovski, Aleksandar T. Dimitrov. “Production and Characterization of Multi Nanosensors Based on MWCNTS and Poly (Metyl Metacrylate) - PMMA Matrix”, 6th Virtual Nanotechnology Poster Conference, P16-15, 11-17 April, 2016; | 1,0 |
| | K. Stoimcev, A. Grozdanov, A. Petrovski, A. T. Dimitrov, **A. Tomova**, G. Nacevski, “Nanocomposites based on ppy/mwcnts prepared by galvanostatic electropolymerization”, VIIth International Metallurgical Congress, Book of Abstracts, p. 67, Ohrid, June 9-12 2016; | 1,0 |
| | P. Paunovic, G. Nacevski, A. Petrovski, **A. Tomova**, A. Grozdanov, A. T. Dimitrov, “Kinetic model of leaching process for extraction of nickel from rzanovo laterite ore”, VIIIth International Metallurgical Congress, Book of Abstracts, p. 35, Ohrid, 30 May – 3 June 2018; | 1,0 |
| | G. Nacevski, A. Petrovski, P. Paunovic, **A. Tomova**, A. Grozdanov, A. T. Dimitrov, “New approaches for production of selenium (Se) from mineral resources, VIIIth International Metallurgical Congress, Book of Abstracts, p. 36, Ohrid, 30 May – 3 June 2018; | 1,0 |
| | | |
| | **Вкупно** | **24,766** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1** | **Учество во промотивни активности на Факултетот** | **2,5** |
| | 2015-2020 година: промоција на наставните програми на Факултетот | 2,5 |
| **2** | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/ стручен собир** | **2,0** |
| | VIIth International Metallurgical Congress, Охрид, 2016 година, член на организациски одбор | |
| | VIIIth International Metallurgical Congress, Охрид, 2018 година, член на организациски одбор | |
| **6** | **Член на факултетска комисија** | **10,0** |
| | Пописна комисија на Институтот за екстрактивна металургија, 2015 и 2016 година | 1,0 |
| | Наставно-научен совет, 2015-2020 | 2,5 |
| | Член на Институтот екстрактивна металургија, 2015-2020 | 2,5 |
| | Член на Колегиумот за екстрактивна металургија, 2015-2020 | 2,5 |
| | Член на Сојузот на металурзи на Македонија | 0,5 |
| | Член на Македонската асоцијација за водород | 0,5 |
| | Член на здружението „Наномак“ | 0,5 |
| 7 | **Раководител на постдипломски или докторски студии** | **2,0** |
| | Раководител на Колегиум за втор циклус студии на насоката екстрактивна металургија | 2,0 |
| | **Вкупно** | **16,5** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **48,0** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **24,766** |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **16,5** |
| **Вкупно** | **89,266** |

**Членови на Комисијата**

**Д-р Никола Начевски, редовен професор во пензија, претседател, с.р.**

**Д-р Борис Крстев, редовен професор во пензија, член, с.р.**

**Д-р Ружица Манојловиќ, редовен професор, Технолошко-металуршки факултет, Скопје, член, с.р.**

***Прилог бр. 2***

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) НЕОРГАНСКА ХЕМИСКА ТЕХНОЛОГИЈА - БАЗНА ХЕМИСКА ИНДУСТРИЈА И ФЕРТИЛИЗАЦИЈА, НЕОРГАНСКА ХЕМИСКА ТЕХНОЛОГИЈА – ДРУГО И ВОЗДУХ, ВОДА И ПОЧВА НА ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ на 7.2.2020 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во областите: неорганска хемиска технологија - базна хемиска индустрија и фертилизација (21000), неорганска хемиска технологија – друго (21003) и воздух, вода и почва (22502), и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет, бр. 02-418/1, донесена на 1.4.2020, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Слободан Богоевски, редовен професор на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, д-р Гордана Русеска, редовен професор на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје и д-р Благој Павловски, редовен професор во пензија.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во областите на истражување: неорганска хемиска технологија - базна хемиска индустрија и фертилизација (21000), неорганска хемиска технологија – друго (21003) и воздух, вода и почва (22502), во предвидениот рок се пријави д-р Бошко Бошковски, доцент на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

### 11. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот д-р Бошко Бошковски е роден на 14.1.1979, во Велес. Средно образование завршил во 1997 година, во Гимназијата „Кочо Рацин“ во Велес. Со високо образование се стекнал на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на насоката базно неорганско инженерство, каде што дипломирал на 3.3.2004, со просечен успех 8,48.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 2007/2008 се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Студиите ги завршил со просечен успех 10,00. На 14.9.2010 година го одбранил магистерскиот труд на тема: *Следење на релацијата генеза-структура-особини на белиот опализиран туф од локалитетот Стрмош.*

Докторска дисертација пријавил на 18.4.2011 година на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Докторската дисертација на тема: *Миграција на арсен од антропогено потекло во почвата од микролокалитетот И-СИ-ЈИ од фабриката ОХИС-Скопје* ја одбранил на 29.4.2015 година, пред Комисија во состав: д-р Слободан Богоевски, редовен професор на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ментор; д-р Гордана Русеска, вонреден професор на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, претседател; д-р Трајче Стафилов, редовен професор на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, член; д-р Благица Близнаковска, редовен професор на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, член; д-р Анита Грозданов, редовен професор на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, член. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на технички науки од научната област вода, воздух и почва (22502).

На 26.8.2015 година е избран во звањето доцент на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во областите на истражување: неорганска хемиска технологија - базна хемиска индустрија и фертилизација (21000), неорганска хемиска технологија – друго (21003) и воздух, вода и почва (22502). Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот бр. 1103 од 1.7.2015 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 938 од 14.3.2008, бр. 998 од 15.12.2010, бр. 1065 од 15.11.2013 година, бр. 1096 од 16.3.2015 година и бр. 1103 од 1.7.2015 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 12. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на Технолошко-металуршкиот факултет при УКИМ, кандидатот д-р Бошко Бошковски изведува настава и вежби на прв циклус студии на студиската програма Неорганско инженерство и заштита на животната средина, по предметите: Теоретски основи на базна технологија, Технологија на вода, Технологија на соли и ѓубрива, Полутанти и Почисто производство. Исто така, изведува настава и вежби и на втор циклус студии на студиската програма Неорганско инженерство и заштита на животната средина, по предметите: Индустриски полутанти – интегрирана контрола и Ремедијација на почви и води.

Кандидатот учествувал како член во комисија за оцена и одбрана на 8 дипломски работи и 2 магистерски труда.

Д-р Бошко Бошковски се јавува како автор или коавтор на 2 интерни скрипти од предавања по предметите: Хемија на атмосфера и Процеси на преработка на отпадни води.

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Бошко Бошковски има објавено вкупно 7 научни трудови, од кои 1 научен труд во научно списание со импакт-фактор (фактор на влијание) и 6 труда во меѓународни научни списанија. Кандидатот има 5 учества на меѓународни конференции со постер, при што апстрактите се објавени во зборниците од конференциите.

Д-р Бошко Бошковски бил член на 2 национални научни проекта.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Бошко Бошковски е дел од тимот кој ја изведува стручно-апликативната дејност на Институтот за неорганско инженерство и заштита на животната средина при Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје. Активно е вклучен во стручно-апликативната работа, каде што се испитуваат суровини од различни лежишта, се изведуваат хемиски анализи, се формира мислење за нивниот квалитет и се пишуваат завршни извештаи. Има изработено вкупно 7 извештаи. Кандидатот има и активна соработка со стопанството, како одговорно лице за научно-техничка соработка со 2 компании. Особено треба да се потенцира дека реализираните апликативни дејности се со широк опсег, а тие спаѓаат во соодветните области во кои се избира.

Кандидатот покажува активност и во дејностите од поширок интерес. Има учествувано во повеќе промотивни активности на Технолошко-металуршкиот факултет во средните училишта. Активно е вклучен во работата на стручни комисии и работни групи при Технолошко-металуршкиот факултет, и тоа: Наставно-научен совет при ТМФ, Наставно-научен колегиум при Институтот за неорганска технологија, Наставно-научен колегиум за втор циклус студии на студиската програма Неорганско инженерство и заштита на животната средина, Наставно-научен колегиум за втор циклус студии на студиската програма Инженерство на животната средина, Наставно-научен колегиум за трет циклус студии на студиската програма Технологија, член на Изборна комисија за членови на Универзитетскиот сенат при УКИМ, член на Пописна комисија при Институтот за неорганска технологија.

Вклучен е во работата на стручни комисии и работни групи при други државни органи: Комисија за контрола на квалитет и посебни својства на производ за заштита на географски назив „Охридски бисер“.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатот д-р Бошко Бошковски доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Технолошко-металуршкиот факултет.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Бошко Бошковски, доцент.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Бошко Бошковски, доцент, поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето вонреден професор во научните полиња, односно области на истражување: неорганска хемиска технологија - базна хемиска индустрија и фертилизација (21000), неорганска хемиска технологија – друго (21003) и воздух, вода и почва (22502).

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, д-р Бошко Бошковски, доцент, да биде избран во звањето вонреден професор во областите на истражување: неорганска хемиска технологија - базна хемиска индустрија и фертилизација (21000), неорганска хемиска технологија – друго (21003) и воздух, вода и почва (22502).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
**Д-р Слободан Богоевски, редовен професор,**
**Технолошко-металуршки факултет, Скопје, с.р.**

**Д-р Гордана Русеска, редовен професор,**
**Технолошко-металуршки факултет, Скопје, с.р.**

**Д-р Благој Павловски, редовен професор во пензија, с.р.**

# О Б Р А З Е Ц 1
# ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Бошко Димче Бошковски**

**Институција:** **Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Технолошко-металуршки факултет – Скопје**

**Научни области: неорганска хемиска технологија - базна хемиска индустрија и фертилизација, неорганска хемиска технологија – друго и вода, воздух и почва**

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР/НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,48<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00 | да |
| 2 | Научен степен – доктор на технички науки<br><br>Назив на научната област: **неорганска хемиска технологија - базна хемиска индустрија и фертилизација, неорганска хемиска технологија - друго, и вода, воздух и почва**<br>поле: **хемиска технологија, животна средина,**<br>подрачје: **техничко-технолошки науки** | да |
| 3 | Објавени најмалку пет рецензирани научни труда ** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | да<br>(види во Образец 2) |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование | да |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови | да |

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 3.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД | да |
| 4 | Претходен избор во наставно-научно звање – доцент, датум и број на Билтен: **1 јули 2015, бр. 1103** | да |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | да |

*На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот кој има повеќе од 5 (пет) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

# ОБРАЗЕЦ 2

## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Бошко Димче Бошковски**

**Институција:** **Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Технолошко-металуршки факултет – Скопје**

**Научни области:** **неорганска хемиска технологија - базна хемиска индустрија и фертилизација, неорганска хемиска технологија – друго и вода, воздух и почва**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **1** | **Одржување на настава (прв циклус студии)** | **42,60** |
| | Теоретски основи на базна технологија (3 часа), 2015/16, 2016/17, 2017/18, 2018/19, 2019/20 | 9,00 |
| | Технологија на вода (3 часа), 2015/16, 2016/17, 2017/18, 2018/19 | 7,20 |
| | Технологија на соли и ѓубрива (3 часа), 2015/16, 2016/17, 2017/18, 2018/19, 2019/20 | 9,00 |
| | Полутанти (3 часа), 2015/16, 2016/17, 2017/18, 2018/19 | 7,20 |
| | Почисто производство (2 часа), 2015/16, 2016/17, 2017/18, 2018/19 | 4,80 |
| | Процеси на преработка на отпадни води (3 часа), 2015/16, 2016/17, 2017/18 | 5,40 |
| **2** | **Одржување на вежби (прв циклус студии)** | **54,00** |
| | Теоретски основи на базна технологија (3 часа), 2015/16, 2016/17, 2017/18, 2018/19, 2019/20 | 6,75 |
| | Технологија на вода (2 часа), 2015/16, 2016/17, 2017/18, 2018/19 | 3,60 |
| | Технологија на соли и ѓубрива (3 часа), 2015/16, 2016/17, 2017/18, 2018/19, 2019/20 | 6,75 |
| | Полутанти (3 часа), 2015/16, 2016/17, 2017/18, 2018/19 | 5,40 |
| | Почисто производство (2 часа), 2015/16, 2016/17, 2017/18, 2018/19 | 3,60 |
| | Процеси на преработка на отпадни води (3 часа), 2015/16, 2016/17, 2017/18 | 4,05 |
| | Општа неорганска технологија (2 часа), 2015/16, 2016/17, 2017/18, 2018/19, 2019/20 | 4,50 |
| | Основни суровини и нивна технолошка подготовка (3 часа), 2015/16, 2016/17, 2017/18, 2018/19 | 5,40 |
| | Технологија на киселини и база (3 часа), 2015/16, 2016/17, 2017/18, 2018/19, 2019/20 | 6,75 |
| | Загадување на почви и ревитализација (3 часа), 2015/16, 2016/17, 2017/18, 2018/19 | 5,40 |
| | Општа и неорганска хемија 1 (3 часа), 2018/19 | 0,9 |
| | Општа и неорганска хемија 2 (3 часа), 2018/19 | 0,9 |
| **3** | **Одржување на консултации со студенти** | **0,6** |
| | 2015-2020, вкупно 300 студенти | |

| | | |
|---|---|---|
| **4** | **Одржување на настава (втор циклус студии)** | **5,62** |
| | Индустриски полутанти - интегрирана контрола (50 %) 2017/18, 2018/19, 2019/20 | 3,37 |
| | Ремедијација на почви и води (50 %), 2018/19, 2019/20 | 2,25 |
| **5** | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (8)** | **0,8** |
| **6** | **Член на комисија за оцена или одбрана на магистерски труд (2)** | **0,6** |
| **7** | **Интерна скрипта од предавања (2)** | **8** |
| | Хемија на атмосфера | 4 |
| | Процеси на преработка на отпадни води | 4 |
| | **Вкупно** | **112,22** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1** | **Учесник во национални научни проекти (2)** | **6** |
| | *Визуелизација на процесот на елутрација при сепарирање на минерални фази со различен гранулометриски состав*, финансиран од Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, 2016 . | 3 |
| | *Следење и корелација на некои параметри на водата во Дојранското Езеро (1. фаза),* финансиран од Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, 2019. | 3 |
| **2** | **Труд со оригинални научни резултати со импакт-фактор, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет (1)** | **5,26** |
| | A. Angeleska, E. Dimitrieska-Stojković, Z. Hajrulai-Musliu, S. Bogoevski, **B. Boškovski**, B. Stojanovska Dimzoska, R. Uzunov, Evaluation of dose for the population due to natural radioactivity of uncultivated soil from the surrounding of the city of Skopje, *Journal of Environmental Protection and Ecology,* 17 (3), 1177-1184, (2016) (IF=0,774). | 5,26 |
| **3** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови (6)** | **18** |
| | A. A. Reka, B. Pavlovski, T. Anovski, S. Bogoevski, **B. Boškovski**, Phase transformations of amorphous $SiO_2$ in diatomite at temperature range of 1000-1200 $^{o}$C, *Geologica Macedonica*, 29 (1), 87-92, (2015). | 3 |
| | **B. Boškovski**, S. Bogoevski, G. Ruseska, K. Atkovska, High temperature crystallization process into opalized tuff, *Geologica Macedonica*, 29 (2), 209-213, (2015). | 3 |
| | S. Bogoevski, **B. Boškovski**, G. Ruseska, K. Atkovska, Concentration of carbonate admixture from opalized tuff into | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | one separate fraction, *Geologica Macedonica*, 30 (1), 89-95, (2016). | |
| | K. Atkovska, B. Bliznakovska, G. Ruseska, S. Bogoevski, **B. Boškovski**, A. Grozdanov, Adsorption of Fe (II) and Zn (II) ions from landfill leachate by natural bentonite, *Journal of Chemical Technology and Metallurgy*, 51 (2), 215-222, (2016). | 3 |
| | **B. Boškovski**, S. Bogoevski, T. Stafilov, G. Ruseska, M. Kočubovski, Migration of arsenic and other microelements in anthropogenic contaminated soils, *Mechanical Engineering-Scientific Journal*, 34 (1), 65-69, (2016). | 3 |
| | S. Bogoevski, **B. Boškovski**, T. Stafilov, G. Ruseska, M. Kočubovski, Selective extraction and passivation of arsenic and other micro-elements of anthropogenic contaminated soils, *Mechanical Engineering-Scientific Journal*, 34 (1), 119-125, (2016). | 3 |
| **4** | **Апстракти објавени во зборник на конференција - меѓународна (5)** | **5** |
| | K. Atkovska, G. Ruseska, S. Bogoevski, **B. Boškovski**, Heavy metals determination in the fine fraction of the wastewater channels from “USJE” and “OHIS” factories, VII$^{th}$ International Metallurgical Congress, Ohrid 2016. | 1 |
| | K. Atkovska, G. Ruseska, S. Bogoevski, **B. Boškovski**, Monitoring of wastewater from OKTA rafinery, VII$^{th}$ International Metallurgical Congress, Ohrid 2016. | 1 |
| | K. Atkovska, A. Petrovski, G. Ruseska, **B. Boškovski**, P. Paunović, K. Lisičkov, A. Grozdanov, Comparison of heavy metals sorbent, 6$^{th}$ Virtual Nanotechnology Poster Conference, 11-17 April 2016. | 1 |
| | A. Angeleska, E. Dimitrieska-Stojković, R. Crceva-Nikolovska, Z. Hajrulai-Musliu, B. Stojanovska-Dimzoska, S. Bogoevski, **B. Boškovski**, Distribution and origin of some radionuclides into corn (as animal nutrition) and soil samples, from different locations in the Skopje valley, GREDIT 2018 International scientific conference, 22-25 March, Skopje. | 1 |
| | K. Atkovska, **B. Boškovski**, B. Bliznakovska, G. Ruseska, S. Bogoevski, Seasonal variation of the atmospheric particulate matter concentration in the city of Skopje, VIII$^{th}$ International Metallurgical Congress, Ohrid 2018. | 1 |
| | **Вкупно** | **34,26** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1** | **Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, технички извештаи, вешт наод и мислење, стручно мислење, проценка на капитал, систематизација и методологија (9)** | **9** |
| | С. Богоевски, **Б. Бошковски**, Извештај за мислење на квалитет на производот Зеофит Инсект, ТМФ, 2015. | 1 |
| | С. Богоевски, **Б. Бошковски**, Извештај за мислење на квалитет на производот Зеофит Сан Протект, ТМФ, 2015. | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | С. Богоевски, **Б. Бошковски**,<br>Извештај за извршени термички испитувања на дијатомејска земја од Славишко Поле, во релација со некои физичко-хемиски карактеристики, ТМФ, 2015. | 1 |
| | С. Богоевски, **Б. Бошковски**,<br>Извештај за извршени механички операции и контролни анализи на дијатомејска земја од Славишко Поле, ТМФ, 2015. | 1 |
| | С. Богоевски, Г. Русеска, **Б. Бошковски**, А. Река,<br>Извештај за извршена хемиска анализа на неметална суровина, ТМФ, 2016. | 1 |
| | С. Богоевски, **Б. Бошковски**,<br>Извештај за хемиска карактеризација на варијанта од производот Зеофит Протект, ТМФ, 2016. | 1 |
| | С. Јанчев, С. Богоевски, Г. Русеска, **Б. Бошковски**, А. Река,<br>Извештај за микроскопските испитувања на варовник од каменолом “Кондри“, с. Долно Беличица, Струга, ТМФ, 2016 | 1 |
| | Протокол за научно-техничка соработка помеѓу ТМФ-Скопје и АД Стрмош рудници за неметали-Пробиштип, одговорно лице | 1 |
| | Меморандум за соработка помеѓу ТМФ - Скопје и СТП ДООЕЛ Тетово, одговорно лице | 1 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| **2** | **Член на факултетска комисија (7)** | **3,5** |
| | Наставно-научен совет при ТМФ | 0,5 |
| | Наставно-научен колегиум за втор циклус студии на студиската програма Неорганско инженерство и заштита на животна средина | 0,5 |
| | Наставно-научен колегиум за втор циклус студии на студиската програма Инженерство на животна средина | 0,5 |
| | Наставно-научен колегиум за трет циклус студии на студиската програма Технологија | 0,5 |
| | Член на Изборна комисија за членови на Универзитетскиот сенат при УКИМ, 2015 | 0,5 |
| | Член на Пописна комисија при Институтот за неорганска технологија за 2016 | 0,5 |
| **3** | **Член на комисија за избор во звање (1)** | **0,2** |
| | Катерина Атковска (2017 година), избор во звање – доцент | 0,2 |
| **4** | **Учество во промотивни активности на Факултетот (3)** | **1,5** |
| | Презентација на програмата на ТМФ низ средните училишта низ државата, 2016, 2017, 2018 | 1,5 |
| **5** | **Учество во комисии и тела на други државни органи (1)** | **1** |
| | Комисија за контрола на квалитет и посебни својства на производ за заштита на географскиот назив „Охридски бисер“ | 1 |
| | **Вкупно** | **14,70** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **112,22** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **34,26** |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **14,70** |
| **Вкупно** | **161,18** |

**Членови на Комисијата**

**Д-р Слободан Богоевски, редовен професор,**
**Технолошко-металуршки факултет, Скопје, с.р.**

**Д-р Гордана Русеска, редовен професор,**
**Технолошко-металуршки факултет, Скопје, с.р.**

**Д-р Благој Павловски, редовен професор во пензија, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ТИТУЛАТА ПОЧЕСЕН ДОКТОР НА НАУКИ (DOCTOR HONORIS CAUSA) НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ, НА ПРОФ. Д-Р ЈОЗЕФ ЛАУРИНЧИК

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, бр. 0202 - 372/6, донесена на 31.3.2020 година, формирана е Рецензентска комисија за доделување на титулата почесен доктор на науки (doctor honoris causa), на проф. д-р Јозеф Лауринчик, професор на Универзитетот „Константин Филозоф“ во Нитра, Р Словачка, во состав: д-р Флорина Поповска Перчиниќ, вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, д-р Тони Довенски, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје и д-р Владимир Петков, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по подробното запознавање со доставениот материјал за кандидатот, Комисијата има чест да го поднесе следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### 1. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА КАНДИДАТОТ

Проф. д-р Јозеф Лауринчик е роден на 6 ноември 1959 година во Тренчин, Република Словачка.

Дипломирал во 1985 година на Ветеринарниот универзитет во Кошице, Чехословачка и се стекнал со титулата доктор по ветеринарна медицина (ДВМ). Со титулата PhD се стекнал во 1989 година на Словачката академија на науките во Чехословачка, а со титулата доктор на Ветеринарниот универзитет во Хановер, Германија, во 1995 година. Од 1996 година е вонреден професор на Ветеринарниот универзитет во Кошице, Република Словачка, додека во 1997 година на Чехословачката академија за науки се стекнал и со титулата доктор на науки. Од 2001 година, проф. д-р Јозеф Лауринчик е редовен професор на Универзитетот „Константин Филозоф“ во Нитра, Р Словачка.

Професионалната активност на проф. д-р Лауринчик е исклучително богата, особено во областа на анималната ембриологија. Голем дел од своите научни ангажмани ги остварува во Научниот институт за анимално производство во Нитра, потоа во Центарот за асистирана репродукција во Државната болница во Нитра, како и во Институтот за генетика и експериментална биологија во Нитра.

Неговиот научен опус на работа вклучува истражувања на суперовулација, ембриотрансфер и ултрасонографија кај крави, матурација и фертилизација на ооцити од крави, свињи и луѓе, ин витро култивирање на ембриони од цицачи, ауторадиографија на ниво на светлосна микроскопија, скенирачка и трансмисиона електронска микроскопија, имунохистохемија и анализа со радиоимуноесеј (RIA).

Денес работи како професор на Катедрата за зоологија и антропологија при Факултетот за природни науки на Универзитетот „Константин Филозоф“ во Нитра, Република Словачка.

### 2. ПОСТИГНУВАЊА И РЕЗУЛТАТИ

Проф. д-р Јозеф Лауринчик, во својот опус на научна дејност, објавил вкупно 101 рецензиран научноистражувачки труд, 4 дисертации, 14 книги/монографии, 77 рецензирани и 39 нереферентни нерецензирани апстракти и 8 едукативни материјали. Врз основа на листата на публикации остварил H-индекс со вредност од 15, со вкупна цитираност на неговите објавени научни дела од 1621. Вкупниот фактор на влијание (Impact factor) на објавените научни трудови на проф. д-р Јозеф Лауринчик изнесува 1.658,31.

#### 2.1. НАСТАВНА ДЕЈНОСТ

#### 2.1.1. Наставна дејност на додипломски студии

Проф. д-р Јозеф Лауринчик, покрај наставната дејност која ја има на матичниот факултет, уште од 1992 година има наставни активности на Ветеринарниот универзитет во Виена,

на Катедрата за генетика и сточарство во Австрија, потоа на Ветеринарниот универзитет во Кошице, на Катедрата за анатомија и физиологија, како и на Земјоделскиот универзитет, на Катедрата за генетика на Универзитетот „Константин Филозоф“ во Нитра, Република Словачка.

**2.1.2 Наставна дејност на постдипломски студии (супервизија во истражување)**

Едукативните активности на проф. д-р Јозеф Лауринчик на постдипломските студии, изразени преку супервизија во истражувањата на постдипломци, ги имал во периодот 1992-1998 на Ветеринарниот универзитет во Виена, Австрија, потоа на Кралскиот ветеринарен и земјоделски универзитет, на Катедрата за анатомија и физиологија во Копенхаген, Данска, на Институтот за одгледување и однесување на животните (FAL) Мариенсе во Германија, како и на Ветеринарната висока школа во Хановер, Германија.

Од 1997 година е одговорен за програмата Клеточна биологија на докторските студии на Универзитетот „Константин Филозоф“, Факултет за природни науки, Нитра, Словачка.

**2.2. НАУЧНА ДЕЈНОСТ**

**2.2.1. Научноистражувачки проекти**

Проф. д-р Јозеф Лауринчик, во својата научноистражувачка работа, добил голем број грантови за проекти често поддржани од Европската комисија на ЕУ, германското Федерално министерство за земјоделство, словачкото Министерство за образование, НАТО, како и од многу други. Неговиот фокус на истражување е главно насочен во областа на применетата ембриологија, со посебен акцент на осознавање на факторите кои влијаат врз развојот на ембрионите, како во тек на нивно ин витро култивирање, така и во услови на ин виво производство.

Бил главен истражувач/координатор во следниве 37 проекти:

(1991-1992). Институција: Кралски ветеринарен и земјоделски универзитет, Данска (Royal Veterinary and Agricultural University, Denmark). Наслов: "Study of the First Cycle in Bovine Embryos". Поддржан од: Дански ветеринарен и агрономски научен совет (Danish Veterinary and Agricultural Research Council). Број: 13-4584-1;

(1992-1993). Институција: Институт за одгледување и однесување на животните (FAL) Мариенсе, Германија (Institut fur Tierzucht und Tierverhalten (FAL) Mariensee, Germany). Наслов: "Biotechnology in Animal Production". Поддржан од: Федерално министерство за земјоделство на Германија. Број: VI/12;

(1993). Институција: Кралски ветеринарен и земјоделски универзитет, Данска (Royal Veterinary and Agricultural University, Denmark). Наслов: "Study of the First Cycle in Porcine Embryos". Поддржан од: European Community. Број: ERB-CIPA-CT-93-0629;

(1993-1994). Институција: Институт за одгледување и однесување на животните (FAL) Мариенсе, Германија (Institut fur Tierzucht und Tierverhalten (FAL) Mariensee, Germany). Наслов: "Biotechnology in Animal Production". Поддржан од: Federal Ministry of Agriculture-Germany. Број: VI/12;

(1995). Институција: Данска научна академија (Danish Research Academy). Број: S950058;

(1995-1997). Институција: Ветеринарен универзитет, Виена, Австрија (Veterinary University, Vienna, Austria). Наслов: "Progeny production from totipotent Bovine inner Cell mass Cells". Поддржан од: Bundesministerium fur Wissenschaft und Forschung-Austria. Број: GZ 45.379/1/IV/6/95;

(1997-2002). Институција: Истражувачки институт за анимално производство (Research Institute of Animal Production). Наслов: "Biotechnology in Animal Production: Research and Application". Поддржан од: Министерство за земјоделство, Словачка;

(1999-2001). Наслов: Biotechnologie in der Tierproduktion, insbesondere Eizellen- und Embryonen-entwicklung beim Rind und Schwein. Програма за соработка во полето на агрономски истражувања помеѓу Федерална Република Германија и Република Словачка;

(1999-2002). Ветеринарен универзитет, Виена, Австрија (Veterinary University, Vienna, Austria). Наслов: “Expression of rRNA genes during nucleologenesis in early porcine embryos“. Поддржан од: Bundesministerium fur Wissenschaft und Forschung-Austria. Број: GZ 45.023/1-III/B/8/98;

(2000-2002). Институција: Универзитет Бон, Германија (University Bonn, Germany). Наслов: „Expression of rRNA genes in early porcine embryos“. Поддржан од: „Internationales Bűro des BMBF“ (Osteuropa Verbindungsbűro), Германија;

(2000-2002). Институција: Универзитет „Константин Филозоф“, Нитра, Словачка (Constantine Philosopher University, Nitra, Slovak Republic). Наслов: „Nukleologenéza a transkripcia génov rRNA včasných embryí ošípaných in vitro“. Поддржан од: VEGA (Research Grant Agency VEGA). Број: 1/7002/20;

(2000-2003). Институција: Кралски ветеринарен и земјоделски универзитет, Данска (Royal Veterinary and Agricultural University, Denmark). Наслов: „Disease models, disease prevention and animal welfare improvement“;

(2000-2003). Наслов: „Influence of culture conditions on reactivation of rRNA genes in early bovine embryos“. Поддржан од: Федерално министерство за наука и истражување - Австрија (Bundesministerium fur Wissenschaft und Forschung-Austria). Број: GZ 45.493/1-VIII/B/8a/2000;

(2002-2003). Наслов: „Ribosomal RNA Genome Activation in Porcine Embryos“. Поддржано од: NATO. Број: LST.CLG.978658;

(2002-2005). Наслов: „Viability of the Pre-implantation Porcine Embryos Produced Under Various Experimental Conditions“. Поддржан од: Федерално министерство за образование, наука и култура (Bundesministerium für Bildung, Wissenschaft und Kultur). Број: GZ 45.517/1-VI/B/7a/2002;

(2002-2005). Наслов: „Effects of meiosis-activating sterol on rRNA gene transcription and the developmental potential in preimplantation porcine embryos“. Поддржан од: Германска фондација за истражување (Deutsche Forschungsgemeinschaft). Број: NI 256/19-1;

(2004-2006). Наслов: „rRNA genes activation in early porcine embryos developed in vivo or in vitro“. Поддржан од: Агенција за истражувачки грантови VEGA (Research Grant Agency VEGA). Број: 1/1270/04;

(2004). Наслов: „Multifunctional laboratory for embryo-technology“. Поддржан од: Развојни програми на Министерство за образование на Република Словачка (Developmental programs of the Ministry of Education of Slovak Republic). Број: 533;

(2004). Наслов: „Multifunctional laboratory for biology“. Поддржан од: Развојни програми на Министерство за образование на Република Словачка (Developmental programs of the Ministry of Education of Slovak Republic). Број: 532;

(2005- 2006). Наслов: „Biotechnologie in Tierproduktion, insbesondere Eizellen- und Embryonenenentwicklung beim Rind“. Поддржан од: Германско-словачка соработка во полето на агрономските истражувања (Detsch-slowakische Zusammenarbeit im Bereich der Agrarforschung). Број: 1/96;

(2005-2006). Наслов: „rDNA transcription re-activation in vitro“. Поддржан од: НАТО – Безбедност преку наука (NATO - Security Through Science) Број: CBP.EAP.CLG.981248;

(2005-2006). Наслов: „Nucleologenesis and the rRNA genome re-activation in early porcine embryos“. Поддржан од: Германски сервис за академска размена – програма од Проектот за размена на персонал со Република Словачка - Германија (Deutscher Akademische Austausdienst. Programm des Projektbezogenen Personenaustauschs (PPP) mit der Slowakischen Republik - Germany);

(2005 – 2007). Наслов: „Nucleologenesis and DNA transcription reactivation in early porcine embryos developed in vivo and after nuclear transfer“. Поддржан од: Агенција за истражувачки грантови VEGA (Research Grant Agency VEGA). Број: 1/2327/05;

(2006 – 2008). Наслов: „Characterization of rDNA transcriptional activity in pre-implantation bovine embryos“. Поддржан од: Германска фондација за истражување (Deutsche Forschungsgemeinschaft). Број: NI 256/26-1;

(2006 – 2010). Наслов: „Training network on novel animal models for medical purposes“. Поддржан од: 6 FW Програм на ЕУ. Број: 35468;

(2006 – 2009). Наслов: „rDNA transcription in early embryo produced in vitro“. Поддржано од: APVV. Број: LPP-0018-06;

(2007 – 2008). Наслов: „ELBIEN – English Language in Biology and Environmentalistics“. Поддржан од: Европски социјален фонд;

(2007 – 2009). Наслов: „rDNA transcription of embryo produced in vitro“. Поддржан од: Агенција за истражувачки грантови VEGA (Research Grant Agency VEGA). Број: 1/4323/07;

(2009 – 2011). Наслов: „rDNA genome re-programming in intergeneric somatic cell nuclear transfer embryos“. Поддржан од: Германска фондација за истражување (Deutsche Forschungsgemeinschaft). Број: MA 0012/2009;

(2010 – 2013). Институција: A-CENTRUM FPV UKF во Нитра – Центар за иновативна едукација (Centre of Innovative Education). Број: 26110230026;

- Трансфер на јадро во соматски клетки
- Производство на трансгенетски животни
- Заметни клетки
- Нуклеолус (јадренце) – еден од клучните фактори во раната ембриогенеза
- Интергенетскиот трансфер на нуклеоли и неговиот ефект врз раниот ембрионален развој in vitro.

Бил член на Комисија за оцена на поднесена докторска дисертација на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, врз основа на одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот (бр. 0202-831/2 од 10.5.2019).

Исто така, проф. д-р Јозеф Лауринчик бил член на Комисија за јавна одбрана на докторска дисертација на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, Универзитетт „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, врз основа на одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот (бр. 0202-956/2 од 6.6.2019).

Покрај овие активности, проф. д-р Јозеф Лауринчик од 2015 година е член на меѓународниот уредувачки одбор на научното списание „Македонски ветеринарен преглед" (Macedonian Vetreinary Review) и има активен придонес во рецензирањето и селекцијата на трудовите од областа на применетата ембриологија и ембриотрансферот. Покрај тоа, неговиот голем истражувачки и публицистички опус позитивно придонесува за евалуациите на списанието при апликации во научните бази на списанија.

Во 2014 и 2015 година учествувал двапати како поканет предавач на 7. и 8. Меѓународен научен собир *Денови за ветеринарна медицина 2014 и 2015* и истовремено е модератор на научни сесии од областа на базичните науки и репродукцијата кај животните.

Во 2015 година иницирал потпишување на Еразмус-договор помеѓу Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Факултетот за природни науки при Универзитетот „Константин Филозоф“ во Нитра, врз која основа може да се вршат мобилности на студенти и наставен/научен кадар.

Во 2019 година, проф. д-р Јозеф Лауринчик иницира потпишување на билатерален договор од страна на ректорите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Универзитетот „Константин Филозоф“ во Нитра, Р Словачка, со цел продлабочување и интензивирање на соработката помеѓу двата универзитета.

Проф. д-р Јозеф Лауринчик има објавено две стручни книги во коавторство со Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, и тоа:

1.) Strejček, F., Laurinčík, J., Morovič, M., Benc, M., Martiniaková, M., Trandžík, J., Omelka, R., Bauerová, M., Bartková, A., Murín, M., Niemann, H., Rath, D., Petersen, B., Petkov, S., Hyttel, P., Besenfelder, U., Havliček, V., Brem, G., Sandøe, P., Christiansen, S., and Pendovski, L. (2018) : Animal Biotechnology III, UKF in Nitra, Slovakia, p. 157, ISBN 978-80-558-1336-3;

2.) Laurinčík, J., Morovič, M., Benc, M., Strejček, F., Sirotkin, A. V., Chrenek, P., Makarevich, A. V., Murín, M., Luck, M. R., Vajta, G., Pendovski, L., Ostrup, O. (2018): Embryotechnology II, UKF in Nitra, Slovakia, p. 201, ISBN 978-80-558-1337-0.

Заедно со својот тим од докторанди, објавил 9 научноистражувачки трудови во соработка со коавтори од Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје:

1.) Strejček, F., Petrovicova, I., Svarcova, O., Schellander, K., Pendovski, H., Niemann, H., Maddox-Hyttel, P., Laurincik, J.: Intranuclear localization of rRNA transcription after microinjection of BrUTP. J. Farm. Anim. Sci. 38, 17 – 25, 2005;

2.) Morovic M., Murin M., Strejcek F., Benc M., Paál D., Østrup O., Niemann H., Pendovski L., Laurincik J. The influence of interspecies somatic cell nuclear transfer on epigenetic enzymes transcription in early embryos. Mac Vet Rev; 39 (2): 209-217, 2016;

3.) Benc M., Strejcek, F., Murin, M., Morovic, M., Martinkova, S., Jettmarova, D., Pendovski, L., Fulka, Jr., J., Laurincik, J.: Nucleologenesis and nucleolotransfer in mammalian oocytes: A review. Mac Vet Rev, 40 (2), 117-124, 2017

4.) Morovic, M., Strejcek, F., Nakagawa, S., Deshmukh, R. S., Murin, M., Benc, M., Fulka, H., Kyogoku, H., Pendovski, L., Fulka, J., Jr., Laurincik, J.: Mouse oocytes nucleoli rescue embryonic development of porcine enucleolated oocytes, Zygote, 25, 6, 675-685, 2017

5.) Benc, M., Pendovski, L., Murin, M., Strejcek, F., Morovic, M., Prochazka, R., Lucas-Hahn, A., Laurincik, J.: The oocyte´s nucleolus precursor body: the globe for life. Mac Vet Rev Vol. 41, No. 2. , pp. 115-122, 2018

6.) Morovic, M., Østrup, O., Strejcek, F., Benc, M., Murin, M., Jedlickova, K., Bartkova, A., Lucas-Hahn, A., Pendovski, L., Laurincik, J.: Maternally inherited rRNA triggers de novo nucleolus formation in embryos. Zygote, 26 (5), 395-402, 2018

7.) Murin, M., Strejcek, F., Bartkova, A., Morovic, M., Benc, M., Prochazka, R., Lucas-Hahn, A., Pendovski, L., Laurincik, J.: Intranuclear characteristics of porcine oocytes stained with brilliant cresyl blue and nucleologenesis of resulting embryos. Zygote, 27, 232 – 240, 2019

8.) Gad, A., Nemcova, L., Murin, M., Kanka, J., Laurincik, J., Benc, M., Pendovski, L., Prochazka, R.: MicroRNA expression profile in porcine oocytes with different developmental competence derived from large or small follicles . Mol Reprod Dev., 86, 426-439, 2019

9.) Gad, A., Nemcova, L., Murin, M., Kinterova, V, Kanka, J., Laurincik, J., Benc, M, Pendovski, L., Prochazka, R.: Global transcriptome alterations in porcine oocytes in correlation with follicle size and developmental competence. Mol Reprod Dev., in press.

Исто така, учествувал во објавување на 6 рецензирани апстракти во соработка со коавтори од Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје:

1.) Strejček, F., Morovič, M., Murín, M., Benc, M., Niemann, H., Hyttel, P., Kochoski, L., Pendovski, L., Laurinčík, J.: Nucleologenesis in early porcine embryos, 2015. In: Slovak Journal of Animal Science. - ISSN 1337-9984, Roč. 48, č. 4 (2015), p. 187;

2.) Laurincik, J., Murin, M., Benc, M., Pendovski, P., Kochoski, L., Morovic, M., Demko, J., Strejcek, F.: Nucleolar transfer and its practical application for embryo production in vitro. Days of veterinary medicine 2016. 7th International Scientific Meeting, 22-24 September 2016, Struga, Republic of Macedonia. Proceedings: p. 25-27;

3.) Laurinčík, J., Strejček, F., Morovič, M., Murín, M., Benc, M., Pendovski, L., Fulka, J., jr.: Can we create a synthetic organism? 13th International Scientific Conference Animal Physiology 2017, June 21- 23rd 2017, Congress Centre ACADEMIA, Stará Lesná, Slovakia;

4.) Laurincik, J., Murin, M., Benc, M., Pendovski, P., Kochoski, L., Morovic, M., Demko, J., Strejcek, F.: The nucleolus – one of the key players in early embryogenesis. International Congres VITA NOVA., 21. - 22. 9.2017, Radisson Carlton BLU, Bratislava, Slovakia;

5.) Morovic, M., Strejcek, F., Murn, M., Benc, M., Bartkova, A., Prochazka, R., Pendovski, L., Fulka, J.Jr., Laurincik, J.: Immunocytochemical detection of nucleolar proteins in interspecies nucleolus exchanged embryos. 5th International Scientific Conference „Animal Biotechnology 2017“. Research Institute for Animal Production Nitra, National Agricultural and Food Centre, Nitra, Slovakia, December 7, 2017, S J Anim Sci, 50 (4)167-168;

6.) Laurincik, J., Murin, M., Benc, M., Pendovski, L., Kochoski, L., Morovic, M., Bartkova, A., Strejcek, F.: Intergeneric Nucleolo - Transfer and Its Impact On Early Embryonic Development In Vitro. Joint meeting 5th International Vet-Istambul Group Congress and 8th International Scientific Meeting Days of veterinary medicine 2018, 23.-27. September 2018, Ohrid, R. of Macedonia, pp. 26-28, 2018.

Бил поканет предавач со 5 рецензирани апстракти во соработка со коавтори од Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје:

1.) Strejcek, F., Morovic, M., Murin, M., Benc, M., Niemann, H., Hyttel, P., Kochski, L., Pendovski, L., Laurincik, J.: Nucleologenesis in early porcine embryos. The 3rd International Scientific Conference “ANIMAL BIOTECHNOLOGY”, NPPC in Nitra, Slovak Republic, December 10th, 2015;

2.) Laurincik, J., Murin, M., Benc, M., Pendovski, P., Kochoski, L., Morovic, M., Demko, J., Strejcek, F.: Nucleolar transfer and its practical application for embryo production in vitro. Days of veterinary medicine 2016. 7th International Scientific Meeting, 22-24 September 2016, Struga, Republic of Macedonia. Proceedings: p. 25-27;

3.) Laurinčík, J., Strejček, F., Morovič, M., Murín, M., Benc, M., Pendovski, L., Fulka, J., jr.: Can we create a synthetic organism? 13th International Scientific Conference ANIMAL PHYSIOLOGY 2017, June 21- 23rd 2017, Congress Centre ACADEMIA, Stará Lesná, Slovakia

4.) Laurincik, J., Murin, M., Benc, M., Pendovski, P., Kochoski, L., Morovic, M., Demko, J., Strejcek, F.: The nucleolus – one of the key players in early embryogenesis. International Congres VITA NOVA., 21. - 22. 9.2017, Radisson Carlton BLU, Bratislava, Slovakia;

5.) Laurincik, J., Murin, M., Benc, M., Pendovski, L., Kochoski, L., Morovic, M., Bartkova, A., Strejcek, F.: Intergeneric Nucleolo - Transfer and Its Impact On Early Embryonic Development In Vitro. Joint meeting 5th International Vet-Istambul Group Congress and 8th International Scientific Meeting Days of veterinary medicine 2018, 23.-27. September 2018, Ohrid, R. of Macedonia, pp. 26-28, 2018.

## 5. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ
## 6.

За секоја институција во светот што се занимава со истражувања во областа на ветеринарните науки би претставувало голема чест да го има проф. д-р Јозеф Лауринчик во своите редови. Честа е, секако, голема и за Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, како и за Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Со изборот на проф. д-р Јозеф Лауринчик за почесен доктор на науки (doctor honoris causa), Факултетот и Универзитетот ќе добијат врвен научник и едукатор, човек кој повеќе децении работи во дејноста и ја шири научната мисла, а во својата работа строго се држи до принципите на научната етика.

Врз основа на податоците за севкупната дејност на кандидатот проф. д-р Јозеф Лауринчик и, посебно, имајќи ги предвид неговиот ангажман и придонес во развојот на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје и во афирмацијата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и на Република Северна Македонија во меѓународното опкружување, Наставно-научниот совет има чест и задоволство да му предложи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје доделување на титулата почесен доктор на науки (doctor honoris causa) на кандидатот проф. д-р Јозеф Лауринчик од Универзитетот „Константин Филозоф“, Нитра, Р Словачка.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Флорина Поповска Перчиниќ, вонреден професор, Факултет за ветеринарна медицина – Скопје, с.р.**

**Проф. д-р Тони Довенски, редовен професор, Факултет за ветеринарна медицина – Скопје, с.р.**

**Проф. д-р Владимир Петков, редовен професор, Факултет за ветеринарна** медицина – Скопје, с.р.

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ: ДРУГО (БАЛЕТСКА ПЕДАГОГИЈА) НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за музичка уметност во Скопје, на седницата одржана на 14.1.2020 година, со архивски број 03-52/1, донесе одлука за формирање Рецензентска комисија во состав: проф. Невзати Кренаре, проф. д-р Јелена Лужина и проф. д-р Викторија Коларовска - Гмирја. На конкурсот за избор на наставник во сите научно-наставни звања од областа друго (Балетска педагогија) на Факултетот за музичка уметност во Скопје, објавен во весниците „Коха” и „Вечер”, на 26.12.2019 година, се пријави единствено кандидатот вон. проф. д-р Искра Шукарова.

Врз основа на доставените материјали, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На конкурсот за избор на наставник во сите научно-наставни звања од областа друго (Балетска педагогија) на Факултетот за музичка уметност во Скопје, објавен во весниците “Коха” и “Вечер”, на 26.12.2019 година, се пријави единствено кандидатката вон. проф. д-р Искра Шукарова.

Кандидатката вон. проф. д-р Искра Шукарова ги достави сите потребни документи и прилози наведени во условите за конкурсот.



**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ**

Вонр. проф. д-р Искара Шукарова е родена во Скопје, 1972 година. Основно и општо средно образование завршила во класата на професор Ѓурѓица Јовановска, при МБУЦ „Илија Николовски Луј“ во Скопје, јуни 1991 година. Во учебната 1992/1993 година се запишала на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", на Филозофскиот факултет во Скопје, на Катедрата за историја на уметноста со археологија, каде што дипломирала во ноември 2000 година со одбранет дипломски труд под наслов „Претстави на танц во современата ликовна уметност“.

Во 1992/1993 специјализирала на Националниот конзерваториум во Лион-Франција, отсек современи танцови техники. Во учебната 1994/1995 година ги вовела

и ги одржувала часовите по современ балет во средното МБУЦ "Илија Николовски-Луј" во Скопје. Во септември 2001 година, како стипендист на Британскиот совет, се запишала на постдипломските студии по танц на „The City University - London - Laban Centre“, каде што магистрирала во октомври 2002 година со одбранет магистерски труд под наслов: „The Dancing Body in Relation to Geometry in Space“. Дипломата за завршени постдипломски студии за танц на Универзитетот во Лондон е нострифицирана од страна на комисијата на Факултетот за драмски уметности во Скопје во 2004 година. Докторирала на тема „Просторните теории на Рудолф Фон Лабан аплицирани во танцовата практика“ на Факултетот за драмски уметности, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во декември 2014 година. Од 1991 година работи како професионален балетски играч во Балетот на МНТ во Скопје, сега МОБ. Од 2002 до 2004 година ја извршувала функцијата уметнички директор на Балетот при МНТ. Во моментот е со статус - истакнат солист со одиграни 30 солистички улоги. Како балетски играч има остварено 30 балетски улоги на сцената на НУ Македонска опера и балет, додека, пак, како кореограф, на театарските сцени во земјата и надвор од неа реализира 16 кореографии на современ танц и исто толку кореографии/сценски движења за театарски претстави со наши и странски режисери, како и кореографија за два филма.



**Остварени улоги како професионален балетски играч во Балетот на МНТ во Скопје**: Иштар (Гилгамеш); Мирта и Вилиси (Жизел); Pas de deux, Три лебеда и Невести (Лебедово Езеро); Улична танчерка (Дон Кихот); Ѓулнар (Корсар); Кралица (Снежана и седумте џуџиња); Мазурка (Шопенијана); Црвена жена и Кловн (Пинк Флојд); Нурие (Ташула); Црвена жена и Богињи ( Песни за љубовта и смрта); Трите жени на Гиреј-харемска жена (Бахчисарајска Фонтана); Варијација 1 и 2 (Бајадерка); Нимфи (Валпургијска ноќ); Танчерки (Танц на кадетите); Копелиус (Копелија); Варијација-3 чин, Повелителка-2 чин, Сон-Тројка 2 чин (Дон Кихот); Госпоѓа Капулети (Ромео и Јулија); Пицикато полка (Штраусијада); Индиска игра (Оревокршачка); Гудула ( Есмералда); Одалиски (Шехерезада); Смртта (Кармен).

**Кореографии:** Пастели (МНТ, 1994); Инферно (Скопско лето – МНТ, 1995); Четири годишни времиња (МНТ, 1996); Бесконечно патување (МНТ, 1997); Четири слики во движење (МНТ – Скопско лето, 2000); КУБ-2 (МОТ – МКЦ, 2001); Play Me. Работа во прогрес (МКЦ, 2002); Off At The Tangent (Bonnie Bird Theater, Laban Center – London, 2002); Пар – А – Бол/ Паралели (МНТ – Скопско лето, 2002); Ouch – Couch (Чифте Амам, во рамките на 29-те денови на македонската музика, 2005); Pillow case/Случај перница (Мала станица, 2005); Формула (2006); Индиго квартет и Црвени лебед (МОБ, 2008); Сфинга (2010); Презентација на современа танцова програма на студентите (МОБ, 2017); Ко-авторство на сценско уметничко дело – Интернационален фестивал на филмска камера „Браќа Манаки“ (Битола, 2017); Ко–авторство на Проект М со Грегор Камникар (2018); Ко-авторство на „Чудна Шума“ со Урсула Еагли (Македонска Филхармонија, МОТ, 2018); Ко-авторство на Реплатформа, сценско уметничко дело со Чарлс Слендер Вајт и Лијан Бурнс (ФМУ, 2018); Ко-авторство на

сценско уметничко дело – Интернационален фестивал на филмска камера „Браќа Манаки“ (Битола, 2019); “Разговори со Сара” (2019); Кореографија на современо балетско дело - Универзитет „Св. Кирил и Методиј - Скопје, ’70 години, композитор Гоце Коларовски: „Сам – Езгија“ (2019 година); Презентација на проектот „Нови тенденции/нови автори“ на современиот танц (ФМУ- МОБ, Мала сцена, 2019 година)



Учествува со кореографски современи танцови дела на регионални и интернационални фестивали: МОТ (Р Северна Македонија); Охридско лето (Р Северна Македонија); Варненско лето (Р Бугарија); БИТЕФ Театар (Р Србија); БЕЛЕФ (Р Србија); Будва Театар (Р Црна Гора); Riverside Studios (Велика Британија); Amore Theatre (Р Грција); Avlea Theatre (Р Грција); Прилепско лето (Р Северна Македонија); 1st .Balkan dance platform (Р Бугарија); МКЦ ; Graiswald International Dance Festival (Германија); Платформа на млади кореографи (Р Хрватска); Theatar Fest (Р Босна и Херцеговина); HBV Festival, Balkan-Nordik Meeting (Шведска); Dance Meeting, International festival for modern and contemporary dance (Р Албанија); Dance Theatre Workshop (САД); Red House (Р Бугарија); Have-U-Met-Nosti, Dublin Balkan Dance Festival; Balkan Dance Platform (Р Грција); International Dance Festival (Италија); Zvrk Dance Festival (Р БиХ); Gibanica Dance Festival (Р Словенија); Travers Festival (Франција).



**Кореограф на театарски представи**

- М.М.Е. КОЈ ПРВ ПОЧНА (1997). Режија: Александар Поповски**.** (текст: Дејан Дуковски), Театар Центар - Скопје. Музика: Ристо Вртев;
- СЛОВЕНСКИ КОВЧЕГ (1998). Режија: Димитар Станковски. (текст: Венко Андоновски), Драмски театар - Скопје. Музика: Венко Серафимов;
- БЕТМЕН (1999). Режија: Кристијан Ристевски. Музика: Никола Коџобашија, МНТ - Центар;
- КАНДИД ВО ЗЕМЈАТА НА ЧУДАТА (2000). Режија: Сашо Миленковски**.** (текст: Венко Андоновски). Музика: Венко Серафимов, Драмски театар - Скопје;

- БАКХИ (2001). Режија: Сашо Миленковски. (текст: Еврипид и Горан Стефановски). Музика: Фолтин, Народен театар - Битола (Охридско лето 2001) ;
- БАЛКАНОТ НЕ Е МРТОВ (2001). Режија: Александар Поповски. (текст: Дејан Дуковски), Музика: Кирил Џајковски, МНТ - Скопје (МОТ 2001)
- ВОЈЦЕК (2002). Режија: Бора Драшковиќ. (текст: Г.Бихнер), Музика: Венко Серафимов, Драмски театар - Скопје;
- ПАДОТ НА НЕВИНОСТА (2002). Режија: Дејан Пројковски. (текст: Василиј Сигарев), Музика: Зоран Спасовски, Драмски театар - Скопје;
- АНТИГОНА (СОФОКЛЕ), (2003). Режија: Никита Милиќевиќ. Музика: Оливер Јосифовски и Александар Секуловски, Народен театар - Битола (Охридско лето 2003) ;
- ТРИ СЕСТРИ (2004) режија: Димитар Станковски. Музика: Венко Серафимов;
- ДОМОТ НА БЕРНАРДА АЛБА (2004), режија: Горчин Стојановиќ. Музика: избор на Горчин Стојановиќ, Драмски театар - Скопје (Охридско лето 2004) ;
- ЦАР ЕДИП (O EDIPUS REX), (2004). Режија: Љупчо Ѓоргиевски. Музика: Горан Трајковски, Театар на националностите - Турска драма, Скопје;
- ВОЈЦЕК, (2008). Режија: Куштрим Бектеши (текст: Г.Бихнер). Музика: Марјан Нечак, Театар на националностите - албанска драма, Скопје;
- МАРКИЗА (2009). режија: Звезда Ангеловска, Драмски театар - Скопје; Македонски народен театар;
- МАЈСТОРОТ И МАРГАРИТА од Михаил Булгаков, кореограф: Искра Шукарова, МНТ, декември (2015)



- СКАНДАЛ – крими-комедија, кореограф: Искра Шукарова, Театар „Комедија“ – Скопје, ноември (2019).



*Кореографии за филм:*

- ОХРИДСКА ЛЕГЕНДА, (2008) - Стеван Христиќ, кореографија за филм презентиран на 40. BEMUS - Белград (Србија), Сава Центар, 2008 год.
- D Girlz Кореографија на современо балетско дело од мал формат како дел од танцов филм - прикажан во Кафе Котур, ноември (2019).

Како педагог се обврзува за напредок во образовната дејност и ја основа Предлог -програмата за современ танц, одобрена од страна на Министерството за образование и ја применува истата, како професор по предметот Современ танц во МБУЦ „Илија Николовски-Луј“- Скопје од 1994 до 1996 година. Ментор и раководител е на голем број работилници од областа на современиот танц.

Од март 2003 година е основач и уметнички раководител на „Танц ателјето во Локомотива - Центарот за нови иницијативи во уметноста и културата“ во Скопје. Во моментов е еден од главните координатори и ментори во регионалниот едукативен проект за современ танц *Nomad Dance Academy*.

Учесник е на многубројни семинари за современ танц во земјата и во странство. Има остварено подолгорочни студиски престои:

- ноември-јануари 1993 год. - вонреден студент на *Conservatoire National de Région de Lyon* и на *Conservatoire National de Supérier*, Лион, Франција - специјализира *современ балет;*

- 1 ноември - 15 декември 1996 год. ARTS - LinkScholarship (SOROS Foundation): New York, во компанијата The School of Hard Knocks;

- 14 јули - 17 август 2000 год. - *danceWEB 2000* - Виена, Австрија.

Автор е на теориските трудови презентирани на домашни меѓународни коференции и објавени во меѓународни научни списанија.



*Стручни трудови-печатени и презентирани на конференции:*

- Iskra Shukarova, DANCE IN MACEDONIA - PAST, PRESENT AND FUTURE, World Dance Congress, Paris 2001, издадено во: CD со 50 презентации и 120 илустрации;
- Iskra Shukarova, AN OBSERVATIONAL REPORT FOR THE B.A. PROGRAM AS A PART OF THE LABAN CENTER - LONDON, CID-UNESCO, $16^{th}$ International congress on Dance Research, Corfu, Greece, November 2002;
- Iskra Shukarova, AN OBSERVATIONAL REPORT FOR THE B.A. PROGRAM AS A PART OF THE LABAN CENTER - LONDON, in “Dance as Intangible heritage”, Ed.Alkis Raftis, p.210-218, 2002;
- Предавање - ГЕОМЕТРИЈА ВО ПРОСТОРОТ ВО РЕЛАЦИЈА СО ДВИЖЕЊЕТО НА ЧОВЕКОВОТО ТЕЛО, презентација на магистерскиот труд во Британскиот совет - Скопје, 2003. Модератор: проф. д-р Јелена Лужина.
- Коавтор на прирачник за танцови вежби- Центар за Даунов синдром, проект- Скопје, 2018 „Како да научат танцување децата со Даунов синдром“.

Како истакнат балетски уметник, педагог и теоретичар, повикана е да биде член на жири-комисии и танцови и театарски мрежи.



*Награди и член на жири:*

- Трета награда на 1 Сојузен натпревар на балетски училишта во Југославија - Земун, 1989 год.;
- Златна плакета на Југословенски размени, Ваљево, 1989 год.;
- Сребрена плакета - Нови Сад, 1990 год.;
- Диплома за добиена 1-ва награда во втора категорија - Скопје, 1990 год.;
- Трета награда на 19. натпревар - Белград, 1990 год.
- Пофалница од страна на Балетското училиште - Лујо Давичо, 1991 год.;
- Пофалница за учество на фестивал за кореографи, BRAKE A LEG - Загреб (Хрватска), 2003 год.;
- На 6. Интернационален фестивал, "Music World", категорија: соло (жени) - модерен танц, Фифизано (Италија), во 2003, освојува прво место (Сребрен делфин) за кореографијата OFF AT THE TANGENT;
- член е на интернационалната асоцијација CID - UNESCO од јануари 2002 година. Учествува како член на неколку интернационални жири комисии на фестивали за танц: VII *фестивал на кореографски минијатури,* Мај 2003 год. Белград (Србија) и на "Music World 2004" - септември 2004 година, Фифизино (Италија);
- член на жири-комисија на меѓународен натпревар во танцови дисциплини насловен СЦЕНА, Скопје (2019).



*Мрежи :*

- член на управен одбор за танц како дел од мрежата Интернационален театарски институт во Р Северна Македонија. Активности - Меѓународен театарски институт во Македонија, Благодарница на Искра Шукарова, автор на македонската годишна изјава по повод Меѓународниот ден на танцот, април (2017);
- основач и член на меѓународна мрежа „Номад Танц академија“, гостување на КоФестивал – меѓународен фестивал на современ танц - Љубљана, поддржано од страна на Министерство за култура на Р Северна Македонија, ноември (2019);
- член и претставник на меѓународна мрежа Global Practice Sharing во Њујорк – САД, годишен состанок, Њујорк, јануари (2017);
- гостување на Балтичка платформа за современ танц во Вилниус-Литванија, преку мрежата Global Practice Sharing од САД, мај (2019).



**НАСТАВНО - ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

Во периодот на академските 2015/2016 - 2019/2020 година, вонр. проф. д-р Искра Шукарова одржува настава од прв циклус по предметите: Современ танц 1,2,3,4; Композиција за модерен и современ танц 1,2,3,4; Методика за современ танц 1,2,3,4 и Теориски дискурси за современ танц 1, 2.

Во рамките на наставно-образовната дејност, вонр. проф. д-р Искра Шукарова е член на пет комисии за оцена или одбрана на магистерски труд од академската 2015/2016 заклучно со зимскиот семестар во академската 2019/2020 година.

Учесник и раководител е на работилниците: учесник во работилницата на Интернационалниот театарски институт Берлин (2018); раководител на работилница на МБУЦ „Илија Николовски – Луј“ со соработникот Урша Рупник од Словенија во склоп на Еразмус - програмата (2019); раководител на работилница во Културен центар ЗИЛ, Москва (2019) и раководител на работилница „Мовинг артс лаб“, Вестерн Масачусетс, САД (2019).



**СТРУЧНО –УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ :**

- коавторство на сценско уметничко дело од голем формат-Македонски народен театар, „Мајсторот и Маргарита“ од Михаил Булгаков, кореограф: Искра Шукарова, декември (2015);
- извршна продукција од среден формат на вечер на “презентација на современа танцова програма” на студентите од класата на МОБ, јуни (2017);
- коавторство на сценско уметничко дело од среден формат-Интернационален фестивал на филмска камера „Браќа Манаки“ – Битола, кореограф: Искра Шукарова, Церемонија на свечено отоворање и затворање на фестивалот, септември (2017);
- коавторство на сценско уметничко дело од среден формат Проект М-фоаје МОБ, март (2018);
- коавторство на сценско уметничко дело од среден формат на “Чудна Шума” прва изведба Македонска филхармонија-камерна сала, април (2018);
- коавторство на “Чудна Шума” втора изведба на Интернационалниот фестивал „Млад отворен театар“ на сцената на Македонска филхармонија-камерна сала, септември (2018);
- коавторство на сценско уметничко дело од мал формат, Чарлс Слендер Вајт и Лијан Бурнс (САД) - ФМУ, ноември (2018);
- коавторство на сценско уметничко дело од голем формат-Интернационален фестивал на филмска камера „Браќа Манаки“ – Битола, кореограф: Искра Шукарова “Церемонија на свечено отворање и затворање на фестивалот’, септември (2019);
- кореографија на современо камерно балетско дело “Разговори со Сара”, колективен перформанс, ноември (2019);
- кореографија на современо балетско дело од мал формат - Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, ’70 години, композитор: Гоце Коларовски: „Сам – Езгија“, кореограф: вонр. проф. д-р Искра Шукарова, мај (2019);
- извршна продукција од среден формат - Македонска опера и балет, Мала сцена - презентација на проектот „Нови тенденции/нови автори“ на современиот танц при ФМУ, јуни (2019);
- кореографија на современо балетско дело од мал формат како дел од танцов филм “D Girlz”, прикажан во Кафе „Котур“, ноември (2019);



- коавторство на сценско уметничко дело од мал формат Театар „Комедија“– Скопје, крими-комедија „Скандал“, кореограф: Искра Шукарова, ноември (2019).

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ :**

- коавтор на прирачник за танцови вежби - Центар за Даунов синдром, проект „Како да научат танцување децата со Даунов синдром“, јуни (2018);

- член на жири-комисија на Меѓународен натпревар во танцови дисциплини насловен СЦЕНА во Скопје, ноември (2019).

**Дејности од поширок интерес :**

- член на управен одбор за танц како дел од мрежата Интернационален театарски институт во Р Северна Македонија. Активности - Меѓународен театарски институт во Македонија, Благодарница на Искра Шукарова, автор на македонската годишна изјава по повод Меѓународниот ден на танцот, 29 април (2017);
- основач и член на меѓународна мрежа „Номад танц Академија “. Гостување на КоФестивал – меѓународен фестивал на современ танц - Љубљана, поддржано од страна на Министерство за култура на Р Северна Македонија, ноември (2019);
- член и претставник на меѓународна мрежа Global Practice Sharing во Њујорк – САД, годишен состанок, Њујорк, јануари (2017);
- гостување на Балтичка платформа за современ танц во Вилниус-Литванија преку мрежата Global Practice Sharing од САД, мај (2019);
- Конкурсна комисија за реализација на Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми на Факултетот за музичка уметност во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во учебната 2019/2020 година.



Податоците за наставно-образовната, стручно-уметничката и стручно-применувачката дејност на вонр. проф. д-р Искра Шукарова се реферирани во Рефератот за избор на еден наставник во сите звања по група наставни предмети од областа: друго (Балетска педагогија) на Факултетот за музичка уметност во Скопје, објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 1102 од 15. 6. 2015 година.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на доставените материјали и увидот во наставно-образовната, стручно-уметничката, и стручно-применувачката дејност на кандидатката вонр. проф. д-р Искра Шукарова, и генералната активна изведувачка и педагошка дејност на кандидатката, вклучувајќи ги и резултатите од наставно –образовната дејност 75,4, стручно–уметничката дејност 48,0 и стручно– применувачката дејност 5,7, односно вкупно 129,1 поен, Рецензентската комисија во состав: проф. Невзати Кренаре, проф. д-р Јелена Лужина и проф. д-р Викторија Коларовска-Гмирја, оценува дека кандидатката ги исполнува условите предвидени за избор и му предлага на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за музичка уметност во Скопје да ја избере кандидатката вонр. проф. д-р Искра Шукарова за наставник во сите наставно-научни звања по обласна: друго (Балетска педагогија) на ФМУ - Скопје, во звањето редовен професор.

**Членови на Комисијата**

**Проф. Невзати Кренаре с.р.**
**Проф. д-р Јелена Лужина с.р.**
**3. Проф. д-р Викторија Коларовска – Гмирја с.р.**



**ОБРАЗЕЦ 1**
**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** Искра Шукарова
**Институција:** Факултет за музичка уметност – ФМУ - Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје
**Научна област:** балетска педагогија

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА – ДОЦЕНТ, ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР И РЕДОВЕН ПРОФЕСОР НА СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ ПРЕДМЕТИ**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | За доцент, вонреден професор и редовен професор по стручно-уметничките предмети може да биде избрано и лице без научен степен – доктор на науки, кое има завршено соодветно високо образование од втор циклус | Да |
| 2 | Признати уметнички и стручни дела, односно остварувања кои се од особено значење за афирмација на културата и уметноста во и надвор од земјата (да се наведат/опишат) | Да |
| 3. | Претходен избор во наставно-научно звање | Да |
| 4. | Има способност за наставна работа | Да |

**Членови на Комисијата**

**Проф. Невзати Кренаре** **с.р.**
**Проф. д-р Јелена Лужина** **с.р.**
**Проф. д-р Викторија Коларовска–Гмирја** **с.р.**

## ОБРАЗЕЦ 2
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Искра Шукарова
**Институција:** Факултет за музичка уметност – ФМУ- Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје
**Стручно-уметничка дејност:** балетска педагогија

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Одржување настава од прв циклус – предмет: Современ танц 1,2,3,4 од академска 2015/2016 заклучно со зимски семестар во академската 2019/2020 | 21.6 |
| 2. | Одржување настава од прв циклус – предмет: Композиција за модерен и современ танц 1,2,3,4 од академска 2015/2016 заклучно со зимски семестар во академската 2019/2020 | 21.6 |
| 3. | Одржување настава од прв циклус – предмет: Методика за современ танц 1,2,3,4 од академска 2015/2016 заклучно со зимски семестар во академската 2019/2020 | 21.6 |
| 4. | Одржување настава од прв циклус – предмет: Теориски дискурси за современ танц 1,2 од академка 2018/2019 заклучно со зимски семсестар во академската 2019/2020 | 3.6 |
| 5. | Член на 5 комисии за оцена или одбрана на магистерски труд -од академска 2015/2016 заклучно со зимски семестар во академската 2019/2020 | 1.5 |
| 6. | Учесник на работилница во Интернационалниот театарски институт во Берлин, ноември (2018) | 1 |
| 7. | Раководител на работилница во МБУЦ Илија Николовски –Луј со Урша Рупник од Словенија (Еразмус-програма) , март (2019) | 1.5 |
| 8. | Раководител на работилница Мовинг Артс Лаб, во Вестерн Масачусетс-САД, август (2019) | 1.5 |
| 9. | Раководител на работилница во културниот центар ЗИЛ во Москва, септември (2019) | 1.5 |
| | **Вкупно** | 75.4 |



**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | **Вкупно** | |



**СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Коавторство на сценско уметничко дело од голем формат-Македонски народен театар, претстава „Мајсторот и Маргарита“ од Михаил Булгаков, кореограф: Искра Шукарова, декември (2015) | 8 |
| 2. | Извршна продукција од среден формат на вечер на “Презентација на современа танцова програма” на студентите од класата на МОБ, јуни (2017) | 4 |
| 3. | Коавторство на сценско уметничко дело од среден формат-Интернационален фестивал на филмска камера „Браќа Манаки“ – Битола, кореограф: Искра Шукарова Церемонија на свечено отворање и затворање на фестивалот, септември (2017) | 4 |
| 4. | Коавторство на сценско уметничко дело од среден формат Проект М-фоаје НОБ, март (2018) | 4 |
| 5. | Коавторство на сценско уметничко дело од среден формат на “Чудна Шума” прва изведба Македонска филхармонија-камерна сала, април (2018) | 4 |
| 6. | Коавторство на “Чудна Шума” - втора изведба на Интернационалниот фестивал „Млад отворен театар“ на сцената на Македонска филхармонија-камерна сала, септември (2018) | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Коавторство на сценско уметничко дело од мал формат Чарлс Слендер Вајт и Лијан Бурнс (САД) - ФМУ, ноември (2018) | 3 |
| 8. | Коавторство на сценско уметничко дело од голем формат-Интернационален фестивал на филмска камера „Браќа Манаки“ – Битола, кореограф: Искра Шукарова, “Церемонија на свечено отоворање и затоварње на фестивалот’, септември (2019) | 8 |
| 9. | Кореографија на современо камерно балетско дело “Разговори со Сара”, колективен перформанс, ноември (2019) | 3 |
| 10. | Кореографија на современо балетско дело од мал формат - Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, ’70 години, композитор Гоце Коларовски: „Сам – Езгија“, кореограф: вонр. проф. д-р Искра Шукарова, мај (2019) | 1 |
| 11. | Извршна продукција од среден формат, Македонска опера и балет, Мала сцена -презентација на проектот „Нови тенденции/нови автори“ на современиот танц при ФМУ, јуни (2019) | 4 |
| 12. | Кореографија на современо балетско дело од мал формат како дел од танцов филм “D Girlz” прикажан во Кафе „Котур“, ноември (2019) | 1 |
| 13. | Коавторство на сценско уметничко дело од мал формат Театар „Комедија“ – Скопје, крими комедија „Скандал“, кореограф: Искра Шукарова, ноември (2019) | 3 |
| 14. | | |
| 15. | | |
| 16. | | |
| 17. | | |
| | | |
| | **Вкупно** | 48.0 |



**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Коавтор на прирачник за танцови вежби- Центар за Даунов синдром, проект „Како да научат танцување децата со Даунов синдром“, јуни (2018) | 3 |
| 2. | Член на жири-комисија на меѓународен натпревар во танцови дисциплини насловен СЦЕНА во Скопје, ноември (2019) | 1 |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| | | |
| 1. | Член на управен одбор за танц како дел од мрежата Интернационален театарски институт во Р Северна Македонија.<br>Активности - Меѓународен театарски институт во Македонија, Благодарница на Искра Шукарова, автор на македонската годишна изјава по повод Меѓународниот ден на танцот, 29 април (2017) | 0.3 |
| 2. | Основач и член на меѓународна мрежа „Номад танц академија“. Гостување на КоФестивал – меѓународен фестивал на современ танц - Љубљана, поддржано од страна на Министерство за култура на Р Северна Македонија, ноември (2019) | 0.3 |
| 3. | Член и претставник на меѓународна мрежа Global Practice Sharing во Њујорк – САД, годишен состанок Њујорк, јануари (2017) | 0.3 |
| 4. | Гостување на Балтичка платформа за современ танц во Вилниус-Литванија, преку мрежата Global Practice Sharing од САД, мај (2019) | 0,3 |
| 5. | Конкурсна комисија за реализација на<br>Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми на Факултетот за музичка уметност во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во учебната 2019/2020 година | 0.5 |
| | | |
| | | |
| | | |
| **Спортска дејност** | | |
| | | |
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | **Вкупно** | 5.7 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 75,4 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | 48,0 |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 5,7 |
| **Вкупно** | 129,1 |

**Членови на Комисијата**

**Проф. Невзати Кренаре** **с.р.**
**Проф. д-р Јелена Лужина** **с.р.**
**Проф д-р Викторија Коларовска – Гмирја** **с.р.**



***Прилог бр. 2***

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ: 2.07.15 УРЕДУВАЊЕ НА ВОДОТЕЦИТЕ И ЗАШТИТА ОД ЕРОЗИЈА И 4.01.10 ДРУГО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ШУМАРСКИ НАУКИ, ПЕЈЗАЖНА АРХИТЕКТУРА И ЕКОИНЖЕНЕРИНГ „ХАНС ЕМ“ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ (ФАШПЕ „Ханс Ем“), објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 4.2.2020 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област 2.07.15 уредување на водотеците и заштита од ерозија и 4.01.10 друго, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-93/2, донесена на 25.2.2020 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Александар Трендафилов, редовен професор, д-р Иван Блинков, редовен професор, и д-р Македонка Стојановска, редовен професор, сите од Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

### И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област 2.07.15 уредување на водотеците и заштита од ерозија и 4.01.10 друго, во предвидениот рок се пријави еден кандидат, доц. д-р Иван Минчев.

**13. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатот д-р Иван Минчев е роден на 1.3.1981 година, во Скопје. Средно образование завршил во гинмазијата „Јосип Броз Тито“ во Скопје во 1999 година. Со високо образование се стекнал на УКИМ, Шумарски факултет во Скопје – 4-годишни студии еквивалент на 240 кредити. Дипломирал во 2004 година, со просечен успех 8,52.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 2005/2006 се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Медитеранскиот агромски институт во Ханија, Грција, во времетраење од 2 години или 120 ЕКТС. Студиите ги завршил на Отсекот за управување со животна средина во 2008 година, со успешност 88,3/100 со дистинкција „cum laude maxima“. При крајот на 2008 година го одбранил магистерскиот труд на тема: *Land cover mapping using object based classification of medium-high and high resolution imagery*.

Докторска дисертација пријавил во декември 2011 година на УКИМ, Шумарски факултет во Скопје, Катедра за земјиште и вода. Дисертацијата на тема: *Развој на методологија за утврдување заштитни зони околу водна акумулација од аспект на ерозијата и транспортот на нанос* ја одбранил во мај 2015 година, пред Комисија во состав: д-р Александар Трендафилов, д-р Иван Блинков, д-р Станимир Костадинов, д-р Николче Велковски и д-р Цветанка Поповска. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор по биотехнички науки од научните области 2.07.15 уредување на водотеците и заштита од ерозија и 4.01.10 друго.

На 20.8.2015 година е избран во звањето доцент на предметните програми Геоинформатика, Компјутерски апликации и Вовед во пределно и просторно планирање.

Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1104 од 15 јули 2015 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 1104 од 15 јули 2015 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 14. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“, кандидатот д-р Иван Минчев изведува настава на предметните програми: Геоинформатика, Компјутерски апликации и Вовед во пределно и просторно планирање, изведува вежби на предметните програми: Топографија, Уредување на поројни сливови, Геодезија со техничко цртање и Шумска и урбана хидрологија, теренска настава, на прв циклус студии на студиските програми Шумарство, Пејзажно дизајнирање и Екоинженеринг и екоменаџмент и на втор циклус на студии на предметната програма Геоинформатика 2.

Кандидатот бил ментор на 4 дипломски работи.

Кандидатот учествувал како член во комисија за оцена/или одбрана на 16 дипломски и на 4 магистерски трудови.

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Минчев Иван има објавено вкупно 5 научни трудови од областа уредување на водотеците и заштита од ерозија, од кои 2 научни труда како дел од монографија објавена во странство, 2 труда во меѓународни научни списанија и еден труд во зборници од научни собири.

Д-р Минчев Иван учествувал на повеќе меѓународни конференции од областа, каде што имал повеќе усни презентации.

Д-р Минчев Иван учествувал на седум национални, односно два меѓународни проекта.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Минчев Иван активно е вклучен во стручно-апликативната работа на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ при УКИМ.

Особена активност кандидатот покажува во дејностите од поширок интерес.

Д-р Минчев Иван е член во управувачкиот одбор на меѓународна организација која поддржува научноистражувачка дејност - COST.

Д-р Минчев Иван е дел од групата автори на стручна книга издадена од меѓународната организација FAO.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатот д-р Минчев Иван, на анкетата изработена за последниот извештај за самоеваулација 2014 - 2016 година, доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Минчев Иван.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Минчев Иван поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето вонреден професор во научните области 2.07.15 уредување на водотеците и заштита од ерозија и 4.01.10 друго.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ во Скопје, д-р Минчев Иван да биде избран во звањето вонреден професор во научните области 2.07.15 уредување на водотеците и заштита од ерозија и 4.01.10 друго.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
**Проф. д-р Александар Трендафилов, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Иван Блинков, член, с.р.**
**Проф. д-р Македонка Стојановска, член, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:**

Иван Љупчо Минчев

**Институција:**

**ФАКУЛТЕТ ЗА ШУМАРСКИ НАУКИ, ПЕЈЗАЖНА АРХИТЕКТУРА И ЕКОИНЖЕНЕРИНГ „ХАНС ЕМ“**

**Научна област:**

2.07.15 уредување на водотеците и заштита од ерозија и 4.01.10 друго

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР/НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: __________<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: __________<br>Просечниот успех изнесува __________за интегрираните студии. | ДА |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br><br>Назив на научната област: 2.07.15 уредување на водотеците и заштита од ерозија, поле: 2.07 градежништво и восостопанство, подрачје: 2. техничко технолошки науки.<br>Назив на научната област: 4.01.10 друго, поле: 4.01. наука за земјиштето и хидрологија, подрачје: 4. биотехнички науки. | ДА |
| 3 | Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | ДА |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Прилози на одделението за природно-математички и биотехнички науки бр.:40(2)<br>2. Назив на електронската база на списанија: EBSCO<br>10. Наслов на трудот: “Sedimentation rates and lifespan analyses in the “Kalimanci” reservoir”<br>11. Година на објава: 2019 | ДА |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | | |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>1.Назив на научното списание: Шумарски преглед<br>2.Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 15, МКД 5, ХРВ 1, Црна Гора 1, СРБ 2, СЛО 1, РОМ 1, БУГ 2, Швајцарија 1, Р. Српска 1<br>3. Наслов на трудот: “Soil erosion rates in two successive reservoir catchments: Spilje and Globocica reservoir”<br>4. Година на објава: 2016 | ДА |
| 3.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1.Назив на научното списание: _________<br>2.Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД________<br>3. Наслов на трудот: _____________<br>4. Година на објава: _____________ | |
| 3.4 | Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1. Наслов на книгата: *Degradation of Soil and Water Resources*<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД САД, НР Кина<br>3. Издавач, година и место на издавање/објавување: Science Press, Пекинг и Springer, Њу Јорк, 2019 | ДА |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br>1.Назив на зборникот: *Advances in Geoecology, Volume 45,* Soil and water resources protection in the changing environment, Schweizerbart and Borntraeger science publishers (избор на селектирани трудови)<br>2.Назив на меѓународниот собир: Third conference of World Association for Soil and Water Conservation “Sustainable management of soil and water resources-issues for natural disasters prevention” $22^{nd}$ – $26^{th}$ of August 2016, Belgrade, Serbia<br>3.Имиња на земјите: Србија, Италија, НР Кина, Шпанија, Австрија, Чешка, Словачка.<br>4. Наслов на трудот: Measuring v.s modeling sediment, case study: Kalimanci reservoir<br>5. Година на објава: 2018 | ДА |
| 3.6 | Преводи на капитални дела во области кои ги утврдува Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 1. Наслов на преведеното капитално дело: _______<br>2. Година на објава __________<br>3. Издавач, место на издавање и година ______________ | |
| 4 | Претходен избор во наставно-научно звање – доцент, датум и број на Билтен: 1104 од 15 јули 2015 | ДА |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | ДА |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
**Проф. д-р Александар Трендафилов, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Иван Блинков, член, с.р.**
**Проф. д-р Македонка Стојановска, член, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 2

## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Иван Љупчо Минчев**

**Институција:** **ФАКУЛТЕТ ЗА ШУМАРСКИ НАУКИ, ПЕЈЗАЖНА АРХИТЕКТУРА И ЕКОИНЖЕНЕРИНГ „ХАНС ЕМ“**

**Научна област:** 2.07.15 уредување на водотеците и заштита од ерозија и 4.01.10 друго

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Настава со вежби со вежби по предметна програма: Компјутерски апликации, 2015/2016 | 1,5 |
| 2 | Настава со вежби по предметна програма: Компјутерски апликации, 2016/2017 | 1,5 |
| 3 | Настава со вежби по предметна програма: Компјутерски апликации, 2017/2018 | 1,5 |
| 4 | Настава со вежби по предметна програма: Компјутерски апликации, 2018/2019 | 1,5 |
| 5 | Настава со вежби по предметна програма: Компјутерски апликации, 2019/2020 | 1,5 |
| 6 | Настава со вежби по предметна програма: Геоинформатика, 2015/2016 | 2,1 |
| 7 | Настава со вежби по предметна програма: Геоинформатика, 2016/2017 | 2,1 |
| 8 | Настава со вежби по предметна програма: Геоинформатика, 2017/2018 | 2,1 |
| 9 | Настава со вежби по предметна програма: Геоинформатика, 2018/2019 | 2,1 |
| 10 | Настава со вежби по предметна програма: Вовед во пределно и просторно планирање, 2015/2016 | 2,7 |
| 11 | Настава со вежби по предметна програма: Вовед во пределно и просторно планирање, 2016/2017 | 2,7 |
| 12 | Настава со вежби по предметна програма: Вовед во пределно и просторно планирање, 2017/2018 | 2,7 |
| 13 | Настава со вежби по предметна програма: Вовед во пределно и просторно планирање, 2018/2019 | 2,7 |
| 14 | Настава со вежби по предметна програма: Вовед во пределно и просторно планирање, 2019/2020 | 2,7 |
| 15 | Настава со вежби по предметна програма на втор циклус студии: Геоинформатика 2, 2015/2016 | 3,6 |
| 16 | Настава со вежби по предметна програма на втор циклус студии: Геоинформатика 2, 2017/2018 | 3,6 |
| 17 | Настава со вежби по предметна програма на втор циклус студии: Геоинформатика 2, 2019/2020 | 3,6 |

| | | |
|---|---|---|
| 18 | Вежби по предметна програма: Геодезија со техничко цртање, 2015/2016 | 1,35 |
| 19 | Вежби по предметна програма: Геодезија со техничко цртање, 2016/2017 | 1,35 |
| 20 | Вежби по предметна програма: Геодезија со техничко цртање, 2017/2018 | 1,35 |
| 21 | Вежби по предметна програма: Геодезија со техничко цртање, 2018/2019 | 1,35 |
| 22 | Вежби по предметна програма: Геодезија со техничко цртање, 2019/2020 | 1,35 |
| 23 | Вежби по предметна програма: Топографија, 2015/2016 | 0,9 |
| 24 | Вежби по предметна програма: Топографија, 2016/2017 | 0,9 |
| 25 | Вежби по предметна програма: Топографија, 2017/2018 | 0,9 |
| 26 | Вежби по предметна програма: Топографија, 2018/2019 | 0,9 |
| 27 | Вежби по предметна програма: Топографија, 2019/2020 | 0,9 |
| 28 | Вежби по предметна програма: Уредување на поројни сливови, 2015/2016 | 1,35 |
| 29 | Вежби по предметна програма: Уредување на поројни сливови, 2016/2017 | 1,35 |
| 30 | Вежби по предметна програма: Уредување на поројни сливови, 2017/2018 | 1,35 |
| 31 | Вежби по предметна програма: Уредување на поројни сливови, 2018/2019 | 1,35 |
| 32 | Вежби по предметна програма: Уредување на поројни сливови, 2019/2020 | 1,35 |
| 33 | Вежби по предметна програма: Шумска и урбана хидрологија, 2015/2016 | 0,9 |
| 34 | Вежби по предметна програма: Шумска и урбана хидрологија, 2016/2017 | 0,9 |
| 35 | Вежби по предметна програма: Шумска и урбана хидрологија, 2017/2018 | 0,9 |
| 36 | Вежби по предметна програма: Шумска и урбана хидрологија, 2018/2019 | 0,9 |
| 37 | Вежби по предметна програма: Шумска и урбана хидрологија, 2019/2020 | 0,9 |
| 38 | Член на комисија за одбрана на дипломски труд 16 x 0,1 | 1,6 |
| 39 | Ментор на дипломски труд 0,2 x 4 | 0,8 |
| 40 | Член на комисија за одбрана на магистерски труд 3 x 0,3 | 0,9 |
| 41 | Обука за користење на ГИС во областа води – МЖСПП (сектор води); ноември 2015, проект: EuropeAid/132108/D/SER/MK – Technical assistance for strengthening the institutional capacities for approximation and implementation of environmental legislation in the area of water management | 1,5 |
| 42 | Обука за моеделирање на природни процеси со ГИС – МЖСПП (сектор води); мај 2016, проект: EuropeAid/136505/IH/SER/MK Development of national water study | 1,5 |
| 43 | Training on GIS techniques and expert systems as tool for improved forest management planning; Тирана 23-24 | 1,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | Јануари 2020; Project “Generating momentum on water and forests in the Balkans - Balkans GeM” | |
| | **Вкупно** | **70,5** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | **Дел од монографија објавена во странство**<br>Автори: Blinkov I., Kostadinov S., **Mincev I.,** Petrovic A., (2019): “Soil Erosion and Torrent Control in Western Balkan Countries” ch.28 - pgs. 510-536, *Title of the book: Degradation of Soil and Water Resources; Editors in Chief: Rui Li, Ted L. Napier, Samir El-Swaify, Mohamed Sabir, Eduardo Rienzi; Science Press, Beijing and Springer* | 3,6 |
| 2 | **Дел од монографија објавена во странство**<br>Автор: **Mincev I.,** (2018) “Measuring v.s modeling sediment, case study: Kalimanci reservoir”, Soil and water resources protection in the changing environment, Ed.: Miodrag Zlatic; Stanimir Kostadinov; Schweizerbart and Borntraeger science publishers; *Advances in Geoecology, Volume 45,* ISBN 978-3-510-65418-5 | 6 |
| 3 | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus…**<br>Автори: **Mincev I.,** Blinkov, I., Trendafilov A. (2019) “Sedimentation rates and lifespan analyses in the “Kalimanci” reservoir”, CONTRIBUTIONS, Section of Natural, Mathematical and Biotechnical Sciences, MASA, Vol. 40, No.2, pp. 181–189(2019), ISSN 1857–9027, DOI:10.20903/csnmbs.masa.2019.40.2.142 | 4 |
| 4 | **Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција:**<br>Автори: Trendafilov A., **Mincev I.,** (2016) “Erosion intensity as a consequence of the natural and anthropo-zoogenic factors, case study: catchment of the Spilje-Debar reservoir”, 5-th Congress of ecologist of the Republic of Macedonia with international participation, 19-22 October, Ohrid, Macedonia | 1 |
| 5 | **Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција:**<br>Автори: **Mincev I.,** Ivanoski D., Trendafilov A., Blinkov, I. (2016) “Defining the erosion potential through methodologies based on analytical approach and measurements”, 5-th Congress of ecologist of the Republic of Macedonia with international participation, 19-22 October, Ohrid, Macedonia | 1 |
| 6 | **Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција:**<br>Автори: Trendafilov A., **Mincev I.,** (2016) “Defining erosion potential in the catchment of the reservoir “Shpilje” in the | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | function of sustainability of the hydro power plant”, Third conference of World Association for Soil and Water Conservation “Sustainable management of soil and water resources-issues for natural disasters prevention” 22nd – 26th of August 2016, Belgrade, Serbia | |
| 7 | **Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција:**<br>Автори: Trendafilov A., **Mincev I.,** Ivanoski D., Blinkov, I., (2017) **“Rates of filling up water reservoirs with sediments and where the sediments are deposited”**, International scientific conference “Sustainable forestry – fact or fiction?”, Ss. Cyril and Methodius University, Faculty of Forestry, Skopje, Macedonia 4-6 October 2017. | 1 |
| 8 | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир**<br>Автори: Ivanoski D., **Mincev I.**, Jankulovski D., Koceva D. (2016) “Hydrographic measurements in Shpilje reservoir”, 11-th Counseling for Water economy and hydrotechnical engineering | 1,2 |
| 9 | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови**<br>Автори: **Mincev I.,** Trendafilov A., Blinkov, I., Ivanoski D., (2017) “Soil erosion rates in two successive reservoir catchments: Spilje and Globocica reservoir”, Forest review vol. 47 No. 2, ISSN 1857-9507 | 3 |
| 10 | **Учесник во национален проект**<br>National NAEZ Expert (11.2018-12.2019) TCP/MCD/3602 Assessment of Agricultural production through NAEZ and LRIMS and scenario development, FAO | 3 |
| 11 | **Учесник во национален проект**<br>GIS, erosion, torrent modelling expert, (1-9 2018) RFP 53/2017 Flood risk management plan for the Up Vardar river basin, UNDP | 3 |
| 12 | **Учесник во национален проект**<br>Remote Sensing (RS)/GIS specialist, (4-7 2018), TCP/MCD/3604 Methodological support of Collect Earth survey in the Former Yugoslav Republic of Macedonia (FYROM), FAO | 3 |
| 13 | **Учесник во национален проект**<br>GIS modelling of natural hazards, erosion and torrents expert, (8-11 2017) Study on Erosion and Action Plan for the City of Skopje UNDP - 15/2017 | 3 |
| 14 | **Учесник во интернационален проект**<br>GIS expert, (2-8 2017) TCP/RER/3502: “Technical assistance for using wood energy to improve sustainable economic rural development and meet the 2020 renewable energy targets for the Western Balkans”, FAO | 5 |

| | | |
|---|---|---|
| 15 | **Учесник во национален проект**<br>GIS, Soil erosion mapping, bathymetry analysis expert, (4-10 2017), Study for determining the erosion potential and rate of filling up the reservoir Globocica with erosive sediment, ELEM AD | 3 |
| 16 | **Учесник во национален проект**<br>GIS expert, (4. 2016 – 9. 2017) EuropeAid/136505/IH/SER/MK Development of national water study, Eptisa Southeast Europe | 3 |
| 17 | **Учесник во интернационален проект**<br>GIS expert, (7-11 2016) Creating Shore-zone Functionality Index for Prespa, Ohrid and Skadar lake, GIZ | 5 |
| 18 | **Учесник во национален проект**<br>GIS, Soil erosion mapping, bathymetry analysis expert, (6. 2015 – 7. 2016), Study for determining the erosion potential and rate of filling up the reservoir Spilje with erosive sediment, ELEM AD | 3 |
| | **Вкупно** | **52,8** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | **Книга од стручна област**<br>Автори: Aksoy, E., Arsov, S., **Mincev, I.**, Fang C. (2020) “Agro-ecological atlas of the Republic of North Macedonia”. Rome, FAO. ISBN 978-92-5-132122-5 | 7 |
| 2 | **Книга од стручна област**<br>Автори: Blinkov I., Zennaro B., Zaimi K., Krstic S., Kostadinovski M., **Mincev I.,** Kustereska R., Elbasani O., Peci D., Simixhiu V., (2017) Shorezone functionality - Ohrid lake, - Implementing the EU Water Framework Directive in South-Eastern Europe, Project: Conservation and Sustainable Use of Biodiversity at Lakes Prespa, Ohrid and Shkodra/Skadar (CSBL) - Shorezone functionality, Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ) GmbH | 7 |
| 3 | **Книга од стручна област**<br>Автори: Blinkov I., Zennaro B., Zaimi K., Krstic S., Kostadinovski M., **Mincev I.,** Kustereska R., Elbasani O., Peci D., Simixhiu V., (2017) Shorezone functionality - Ohrid lake, - Implementing the EU Water Framework Directive in South-Eastern Europe, Project: Conservation and Sustainable Use of Biodiversity at Lakes Prespa, Ohrid and Shkodra/Skadar (CSBL) - Shorezone functionality, Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ) GmbH: | 7 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 4 | **Членство во извршно тело на меѓународна организација која поддржува/организира научноистражувачка дејност ЦОСТ**<br>Член на управувачки одбор на ЦОСТ акција: CA15206 - Payments for Ecosystem Services (Forests for Water) | 2 |
| 5 | **Член на факултетски комисии** 0,5 x 24 | 12 |
| | **Вкупно** | **35** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **70,5** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **52,8** |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **35** |
| **Вкупно** | **158,3** |

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Александар Трендафилов, претседател, с.р.**

**Проф. д-р Иван Блинков, член, с.р.**

**Проф. д-р Македонка Стојановска, член, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ НА КАТЕДРАТА ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ПОДИГАЊЕ НА ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ, НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ: ХОРТИКУЛТУРА, НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ШУМАРСКИ НАУКИ, ПЕЈЗАЖНА АРХИТЕКТУРА И ЕКОИНЖЕНЕРИНГ „ХАНС ЕМ“ ВО СКОПЈЕ

Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ во Скопје, на четвртата седница на Наставно-научниот совет, одржана електронски на 16-17.3.2020 година, донесе Одлука број 02-125/2 од 17.3.2020 година, со која се формира Рецензентска комисија за оцена на пријавениот кандидат за избор во соработничко звање – асистент на Катедрата за проектирање и подигање на зелени површини, научноистражувачка област: хортикултура (41007), во состав: д-р Јасминка Ризовска Атанасовска, редовен професор, д-р Влатко Андоновски, редовен професор и д-р Николчо Велковски, редовен професор, сите од Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“.

Врз основа на доставената документација до Деканатот на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ во Скопје, Комисијата утврди дека на објавениот конкурс во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“ од 11.2.2020 година, во предвидениот рок се пријавила само кандидатката м-р Викторија Брндевска Стипановиќ.

Врз основа на приложените документи и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**Биографски податоци**

Кандидатката м-р Викторија Брндевска Стипановиќ е родена на 26.10.1979 година во Штип. Основно и средно образование завршила во Берово. Во учебната 1998/1999 година се запишала на Шумарскиот факултет во Скопје, на насоката озеленување и унапредување на работната и животната средина. Во 2003 година дипломирала со среден успех на студии 8,80. Истата година е демонстратор по предметот Ботаника со физиологија на растенијата на Шумарскиот факултет во Скопје. Во учебната 2009/2010 година се запишала на постдипломски студии на Шумарскиот факултет во Скопје, на научната област проектирање и подигање на зелени површини, озеленување и унапредување на животната средина. Со академско звање - магистер по шумарски науки се стекнала на 18.12.2012 година, со јавна одбрана на завршниот труд под наслов: „Живите огради како елемент од пејзажното дизајнирање околу јавните и индивидуалните објекти во населбите Тафталиџе 1, Карпош 3 и Злокуќани во Скопје“, со среден просек на студии 10,00.

Од учебната 2018/2019 година е надворешен стручен соработник на Катедрата за проектирање и подигање на зелени површини и активно учествува во изведувањето на практичниот дел од наставата.

Кандидатката има познавање на англискиот јазик на Б2-ниво, активно ги познава и српскиот и хрватскиот јазик, делумно бугарскиот, а во рамките на научноистражувачката дејност се служи и со латинскиот јазик. Одлично се користи со современите компјутерски вештини MS Applications, Internet, а

користи и софтвер за проектирање на зелени површини Realtime Landscaping Architect.

**Научноистражувачка дејност**

Кандидатката м-р Викторија Брндевска Стипановиќ ги објавила следниве трудови во меѓународни списанија, од кои дел се презентирани на конференција, односно конгрес:

- 2011 година: Jubilee Scientific Conference ”60 Years Education in Landscape Architecture”, 21 April 2011, Sofia-University of Forestry, Sofia, Bulgaria

1.Viktorija Brndevska Eng.;Jasminka Rizovska Atanasovska Ph.D–„Juniperus sp. as living groundcovers in landscape design in Macedonia“

2. Jasminka Rizovska Atanasovska Ph.D;Viktorija Brndevska Eng.–„Topiary plants in up to date landscape design“

- 2012 година: UKIM FOF, Skopje - FORESTRY REVIEW XLIII

1. Viktorija Brndevska Eng.;Jasminka Rizovska Atanasovska Ph.D-„Some shade tolerant plants that can be used in landscape design in the open green spaces in R.Macedonia

- 2012 година: 4$^{th}$ congress of Ecologists of the Republic of Macedonia with international participation and marking 40$^{th}$ anniversary of the Macedonian ecological, Ohrid, Macedonia, October 12-15, 2012

1.Viktorija Brndevska Eng.;Jasminka Rizovska Atanasovska Ph.D–„Vegetation in function of space enclosure in the residential complex „St. John“ in Zlolukjani settlement in Skopje“

2.Jasminka Rizovska Atanasovska Ph.D;Viktorija Brndevska Eng.– „*Cupressocyparis x leylandii* on green areas of the central urban area in Skopje“

- 2012 година: International Simposium for Agriculture and Food, 65 Years Faculty of Agricultural Sciences and Food, 12-14 December 2012, Skopje, Republic of Macedonia

1.Jasminka Rizovska Atanasovska Ph.D;Viktorija Brndevska Eng.–„The usage of some decorative representatives of *Picea* Mill Genus in the landscape design in Skopje (R. Macedonia)“

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Кандидатката веднаш по дипломирањето, односно од 2003 година па сè до денес, активно работи во практика како шумарски инженер, поточно пејзажен дизајнер. Во текот на овие години има изработено и реализирано голем број проекти за пејзажно дизајнирање на приватно и јавно зеленило. Има искуство од производството на декоративни садници и изработка на системи за автоматско наводнување.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ НА КОМИСИЈАТА

Комисијата со внимание ги разгледа пријавата и приложените документи на кандидатката м-р Викторија Брндевска Стипановиќ. Врз основа на погоре изнесеното, Рецензентската комисија тврди дека се исполнети општите и посебните услови за избор во соработничко звање – асистент од Правилникот за избор во звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и констатира дека кандидатката може успешно да ги извршува претстојните наставни обврски, научно да се усовршува и да придонесува за развој на Катедрата за проектирање и подигање на зелените површини и пејзажната архитектура воопшто.

Согласно со тоа, членовите на Комисијата имаат чест да му предложат на Наставно-научниот совет на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје да ја избере кандидатката м-р Викторија Брндевска Стипановиќ во соработничко звање – асистент на Катедрата за проектирање и подигање на зелени површини.

**Членови на Комисијата**

**Д-р Јасминка Ризовска Атанасовска,**
**редовен професор, с.р.**

**Д-р Влатко Андоновски,**
**редовен професор, с.р.**

**Д-р Николчо Велковски,**
**редовен професор, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:**
Викторија Брндевска Стипановиќ

**Институција:**
Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“

**Научна област:** проектирање и подигање на зелени површини,
научноистражувачка област: хортикултура

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | да |
| 2 | Стекнат назив – магистер од соодветната област<br>Назив на научната област: проектирање и подигање на зелени површини, озеленување и унапредување на животната средина. | да |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно<br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,80.<br><br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00. | да |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: Уверение за познавање на англискиот јазик на ниво Б2 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR)<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“ - Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: 14.2.2020 година | да |

**Членови на Рецензентската комисија**

**Д-р Јасминка Ризовска-Атанасовска, редовен професор, с.р.**
**Д-р Влатко Андоновски, редовен професор, с.р.**
**Д-р Николчо Велковски, редовен професор, с.р.**

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ НА КАТЕДРАТА ЗА ЗАШТИТА НА ШУМИТЕ И ДРВОТО, НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ :ФИТОПАТОЛОГИЈА, НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ШУМАРСКИ НАУКИ, ПЕЈЗАЖНА АРХИТЕКТУРА И ЕКОИНЖЕНЕРИНГ „ХАНС ЕМ“ ВО СКОПЈЕ

Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ во Скопје, на четвртата седница на Наставно-научниот совет, одржана електронски на 16-17.3 2020 година, донесе Одлука број 02-125/4 од 17.3 2020 година, со која сме избрани за членови на Рецензентската комисија за оцена на пријавени кандидати за избор во соработничко звање – асистент на Катедрата за заштита на шумите и дрвото, научноистражувачка област: фитопатологија (40200), во состав: д-р Кирил Сотировски, редовен професор, проф. д-р Ирена Папазова Анакиева, редовен професор, и проф. д-р Никола Николов, редовен професор, сите од Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ од Скопје.

Врз основа на доставената документација до Деканатот на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ во Скопје, Комисијата утврди дека на објавениот конкурс во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“ од 11.2 2020 година, во предвидениот рок се пријавил еден кандидат, д-р Михајло Ристески.

Врз основа на приложените документи и личното познавање на кандидатот и на неговите досегашни професионални активности, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет му го поднесува следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

**1. Биографски податоци**

Кандидатот д-р Михајло Ристески е роден на 14.9 1981 година во Прилеп. Средното образование го завршил во гимназија „Наум Наумовски-Борче“ во Крушево, насока: општа гимназија, во учебната 1999/2000 година.

Во учебната 2000/2001 се запишал на Шумарскиот факултет во Скопје, на насоката шумарство. На 25.10.2006 година успешно ги завршил додипломските студии со среден успех 8,55, и по јавната одбрана на дипломскиот труд „Вертикална трансмисија на хиповируси преку конидии кај *Cryphonectria parasitica* Murr. Barr.“ се стекнал со звањето дипломиран инженер по шумарство.

Во учебната 2006/2007 година се запишал на втор циклус студии на научната област заштита на шумите на Шумарскиот факултет во Скопје. Кандидатот, по положувањето на испитите предвидени во студиската програма (просечен успех 9,44), магистрирал на 18.5.2011 година, по јавна одбрана на магистерската работа насловена „Вегетативна компатибилност, размножувачки видови и хиповирулентност на изолати на габата *Cryphonectria parasitica* од Р. Бугарија“. Со тоа се стекнал со звањето магистер на шумарски науки.

Во ноември 2011 година, кандидатот се запишал на трет циклус (докторски) студии на Шумарскиот факултет во Скопје, во полето на заштита на шумите, шумарска и хортикултурна фитопатологија. На 18.2.2018 година, со успешна јавна одбрана на својот докторски труд „Дистрибуција и диверзитет на патогени видови *Phytophthora* во Република Македонија“ се здоби со звањето доктор на шумарски науки.

За време на првиот и на вториот циклус студии, кандидатот д-р Михајло Ристески бил носител на државна стипендија, доделена од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија.

Во 2006 година, во периодот јуни - август, кандидатот остварил шестнеделна научноистражувачка посета, обучувајќи се и работејќи на фитопатолошки и молекуларни анализи и истражувања, во Лабораторијата за растителна патологија на проф. Мајкл Милгрум (Michael Milgroom) при Универзитетот „Корнел“ во Итака, држава Њујорк, САД. Исто толку долга посета во истата лабораторија реализирал и во

периодот јуни - август 2007 г. Во текот на 2006 година, во периодот август - септември, како стипендист на IASTE, кандидатот остварил четиринеделна пракса за фитопатологија и шумарство во Истанбул, Турција, во Институтот „Poplar and Fast Growing Trees Research Institute“. Во текот на 2006 и 2007 година, во соработка со Лесотехническиот факултет во Софија, Бугарија, кандидатот остварил 2 истражувачки теренски посети, поврзани со повеќе аспекти на заболувањето рак по питомиот костен и габата *Cryphonectria parasitica*. Во периодот од март до април 2008 г., кандидатот реализирал тринеделна научноистражувачка мисија за фитопатолошки и молекуларни анализи во Лабораторијата за популациона генетика и фитопатологија на д-р Даниел Риглинг (Dr. Daniel Rigling) при Swiss Federal Research Institute (WSL) во Бирменсдорф, Швајцарија, како и во јули 2012 г. Во септември 2010 година, кандидатот учествувал на летна школа под наслов „Influence of Global Environmental Changes of Natural Ecosystems“ (IGENE), на Шумарскиот факултет во Белград, Србија. Во периодот од 10 до 30 октомври 2012 година, кандидатот остварил научноистражувачка мисија (COST STSM) во фитопатолошката лабораторија на проф. Стивен Вудворд (Stephen Woodward) на Универзитетот „Абердин“, Шкотска. Од 1 до 5 јули 2013 година, кандидатот учествувал на тренинг-школа „Field and laboratory methods for identification of invasive insect pests and pathogens“ (COST), на Шумарскиот факултет во Сараево, БиХ. Во февруари 2014 година, кандидатот имал тренинг-курс „New Genetic Engineering Techniques for Tree Improvement“ (COST), при Instituto di Technologia Qimica e Biologica (ITQB)/Instituto de Biologia Experimental e Technologica во Оеирас, Португалија. Во март 2014 година, тој учествувал на тренинг-школа „Molecular detection and Population Genetics of Dothistroma Needle Blight Pathogens“ (COST), на шведскиот Универзитет за земјоделски науки во Упсала, Шведска. Во јули 2014 година, кандидатот учествувал на тренинг-школа „Detection of Invasive Alien Species (IAS) in Forest Ecosystems“ во истражувачкиот институт IBL, Sekocin Stary, во Полска. Во јуни 2016 година, кандидатот учествувал на тренинг-школа „How to be successful in communication and dissemination in EU“ (COST) во Риека, Хрватска. Во периодот од 2011 до 2019 година, кандидатот учествувал на повеќе координативни состаноци во склоп на неколку COST-акции, како и координативни проектни состаноци во различни земји.

Освен што има формално Уверение за познавање на англиски јазик, ниво Ц1, според Европската јазична рамка на Советот за Европа (CEFR), издадено од Деканатот на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, д-р Михајло Ристески рутински се служи со научна литература и е активен во пишувањето на научни и стручни публикации на англиски јазик.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна дејност

Кандидатот нема директно формално учество во наставно-образовни активности на Факултетот, но учествувал во изработка на скрипта по фитопатологија со проф. Сотировски, како и во собирање и подготовка на примероци и материјали поврзани со вежби и предавања на Факултетот. Коавтор е на едукативна брошура, наменета за луѓе од пракса и за локално население, во однос на предизвикувачот на рак по кората на питомиот костен, а составена според теренски искуства за имплементација на биолошко сузбивање на болеста.

За време на долгогодишната волонтерска работа, како и ангажманот како млад истражувач и стручен соработник во домашни и странски научноистражувачки и апликативни проекти се стекнал со големо теренско и лабораториско искуство и вештини. Уште повеќе, д-р Ристески преку учество во проекти бил битен учесник во постепеното создавање на Лабораторијата за молекуларна биологија на Факултетот, а низ последните години во Лабораторијата реализира молекуларни и генетски истражувања, самостојно и тимски, и не само од областа на фитопатологијата. Кандидатот неретко презентирал одредени техники, принципи на работа и апаратура за студенти на додипломски и постдипломски студии на Факултетот и помагал при изработка на дипломски и магистерски трудови.

Кандидатот д-р Михајло Ристески, за време на долгогодишната волонтерска работа, преку ангажман на проекти, обуки, семинари и научни конференции, посетил многу странски академски институции и остварил значајни контакти, при тоа на најдобар можен начин претставувајќи и промовирајќи го Факултетот.

**Научноистражувачка дејност**

До денот на поднесување на пријавата, д-р Михајло Ристески ги објавил следниве трудови во научни списанија со фактор на влијание (impact factor):

- Jezic, M., Klop, M., Prospero, S., Sotirovski, K., Double, M., Rigling, D., **Risteski, M.,** Karin-Kijundzic, V., Idzojtic, M., Poljak, I., Curkovic-Perica, M. (2019) Diversity of *Cryphonectria parasitica* in callused chestnut blight cankers on European and American chestnut. *Forest Pathology*, 49 (6), e12566. IF=1.434
- Drenkhan, R., Tomešová-Haataja, et al., Papazova-Anakieva, I., **Risteski, M.,** Sotirovski, et al. Woodward, S., Barnes, I. Global geographic distribution and host range of *Dothistroma* species: a comprehensive review. (2016) *Forest Pathology* 46(5), 408-442. IF=1.547
- Jancheva R., Rusevski, R., Kuzmanovska, B., Bandzo, K., Sotirovski, K, **Risteski, M.** (2014). Control of *Uncinula necator* (Schwe.) Burrill in grapevine by using the fungicides from the Annex I list. *Bulgarian Journal of Agricultural Science*, No 5/2014. IF=0,3
- Rusevski, R., Kuzmanovska, B., Bandzo, K., **Risteski, M.,** Sotirovski, K. (2013). Tospoviruses in the Republic of Macedonia during 1996-2010, occurrence and distribution. *Bulgarian Journal of Agricultural Science*. Vol.: 19:544-549. IF:0.27.
- **Risteski, M.,** Milev, M., Rigling., D., Milgroom, M.G., Bryner, S.F. Sotirovski, K. (2013). Distribution of chestnut blight and diversity of *Cryphonectria parasitica* in chestnut forests in Bulgaria. *Forest pathology*. DOI:10.1111/efp.12051. IF:1.826.
- Bryner, S., Sotirovski, K., Akili, S., **Risteski, M.,** Perlerou, C., Rigling, Daniel. (2013). Informative value of canker morphology on the presence or absence of virus infection in chestnut blight cankers. *Forest Pathology*. DOI:10.1111/efp.12063. IF:1.826.
- Milgroom M. G., Sotirovski K., **Risteski M.**, &Brewer M. T. (2009). Heterokaryons and parasexual recombinants of *Cryphonectria parasitica* in two clonal populations of southeastern Europe. Fungal Genetics and Biology, 46(11) 849-854. FGB-S-09 00091. IF=2.684

До денот на поднесување на пријавата, д-р Михајло Ристески ги има објавено следниве трудови во домашни и меѓународни научни списанија:

- **Risteski, M.,** Woodward, S., Jezic, M., Rusevski, R., Kuzmanovska, B., Sotirovski, K. (2019). *Phytophthora cactorum* (Lebert & Cohn) J. Schröt as causal agent of dieback of chestnut and apple trees in Macedonia. *Contributions, Section of Natural, Mathematical and Biotechnical Sciences, MASA*, Vol. 40, No. 1, pp.93-103 (2019).
- **Risteski, M.,** Kuzmanovska, B., Rigling, D., Jezic, M., Sotirovski, K. (2017). *Phytophthora* spp. isolated from chestnut populations in the Republic of Macedonia. (poster presentation). International Scientific Conference “Sustainable forestry - Fact or fiction?”, 4-6 October, Skopje, Republic of Macedonia.
- Schwarz, J., Jezic, M., **Risteski, M.,** Curkovic-Perica, M., Prospero, S., Sotirovski, K. (2017) Biological control of chestnut blight - Efficiency of natural hypovirulence (poster presentation). International Scientific Conference “Sustainable forestry - fact or fiction?”, 4-6 October, Skopje, Republic of Macedonia.
- Sotirovski K., **Risteski, M.**, Jezic, M., Curkovic-Perica, M., Katanic, Z., Rigling, D. (2017). Biological control of chestnut blight by induced mass conidia production of hypoviruent isolates of *Cryphonectria parasitica* on excised chestnut stems. poster presentation. Abstract book IUFRO 125 Anniversary Congress 2017.
- Risteski, M., Jezic, M., Curkovic-Perica, M., Woodward, S., Rusevski, R., Sotirovski, K. (2017). *Phytophthora* species associated with woody plants in Macedonia. poster presentation. Book of abstracts, IUFRO 125 Anniversary Congress 2017.
- Rusevski, R., Bandzo, K., Kuzmanovska, B., Sotirovski, K. and **Risteski, M**. (2013). Occurrence, distribution and dynamics of virus antigen accumulation in pepper cultivation on

open fields in Republic of Macedonia during 2008-2009. *African Journal of Agricultural Research*. Vol.:8(28). pp. 3836-3841.
- **Ристески, М.,** Русевски, Р., Кузмановска, Б., Банџо, К., Сотировски, К., Костов, Калојан. (2012). Идентификација на причинителот на венење и на сушење на јаболковите насади во Преспанскиот Регион. Заштита на растенија. Вол. XXIII (Бр.24/25):53-58.
- Русевски, Р., Кузмановска, Б., Банџо, К., & **Ристески, М.** (2012). Уништување на *Uncinula necator* - причинител на пепелница по лозата со примена на активна материја proquinazid. Заштита на растенија. Вол. XXIII (Бр.24/25):41-45.
- Русевски, Р., Кузмановска, Б., Банџо, К., & **Ристески, М.** (2012). Контрола на *Pythium* spp. кај доматот и пиперката со употреба на нови фунгицидни активни материи. Заштита на растенија. Вол. XXIII (Бр.24/25):47-52
- Кузмановска, Б., Русевски, Р., Банџо, К., & **Ристески, М.** (2012). Биолошка контрола на *Pythium* spp. во расад од пиперка со *Trichoderma harzianum* T-22. Заштита на растенија. Вол. XXIII (24/25):29-33.
- Бринер, С., **Ристески, М.,** Сотировски, К. (2011). Дистрибуција и зголемена хиповирулентност на популациите на *C. parasitica* во Македонија. Здружение за заштита на растенија, Охрид, 2011.
- Sotirovski, K., Kajevska, I., **Risteski, M.**, Karadelev, M. (2011). Ecology and distribution of *Armillaria* spp. in fYR of Macedonia (poster presentation and abstract). XVIth Congress of European Mycologists, Halkidiki, September, 2011.
- Sotirovski, K., **Risteski, M.,** Milev, M., Rigling, D., Milgroom, M.G. (2010). Chestnut blight in Bulgaria - hypovirulence, vegetative compatibility and mating types in isolates of *Cryphonectria parasitica*. International conference "Forestry: Bridge to the future", Sofia, 2010.
- Сотировски, К., **Ристески, М.** & Риглинг, Д. (2009). Природно распространување на хиповирулентни изолати на *Cryphonectria parasitica* во костенова субпопулација на планината Беласица. Шумарски преглед. Списание за шумарство и дрвна индустрија (стр.:115-121), Скопје, 2009.
- **Ристески, М.** & Сотировски, К. (2009). Болести по лист на трендафил (*Rosa* spp.) на зелените површини на Град Скопје. (MS Power point презентација). Традиционално XXXIV советување за заштита на растенијата на Република Македонија, Охрид, 2009.
- Sotirovski, K., **Risteski, M.**, & Rigling, D. (2007). Novo-stare ideje za iskoriscavanje hipovirulentnosti *Cryphonectria parasitica* kao bioloske metode za suzbijanje raka kestena. *Interkatedarski skup*. Bosanski Petrovac. Organizator: Sumarski fakultet – Sarajevo.

До денот на поднесување на пријавата, д-р Михајло Ристески ги публикувал следниве наслови во <u>домашни популарни списанија</u>:
- **Ристески, М.** (2012). Болести по трендафил на урбаните зелени површини (втор дел). Порта3. Часопис за градежништво, архитектура и екологија. Бр. 188 (стр.:60-61), Скопје, Република Македонија.
- **Ристески, М.** (2012). Болести по трендафил на урбаните зелени површини (прв дел). Порта3. Часопис за градежништво, архитектура и екологија. Бр. 187 (стр.:58-59), Скопје, Република Македонија.

**Стручно-апликативна дејност**

Кандидатот д-р Михајло Ристески учествувал во следниве научноистражувачки проекти:
- „Заштита на костеновите шуми од рак на костенот“; проект при Катедра за заштита на шумите и дрвото при УКИМ, Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ во Скопје, финансиран од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија; научен соработник (септември-декември 2019 година, рак.: Сотировски).
- Invasive chestnut diseases in the Balkans and Georgia - epidemiological research and management options. Четирилатерален (Швајцарија, Хрватска, Македонија и Грузија)

SCOPES-проект, финансиран од Swiss National Science Foundation; стручен соработник (2014-2017 година, нац. коорд.: Сотировски).
- “Diversity of invading *Phytophthora* spp. plant pathogens in agro and forest ecosystems in Southeast Europe”. Мултилатерален (Бугарија, Грција, Македонија, Србија и Романија) научноистражувачки проект финансиран од SEE-ERA.NET PLUS, Бон, Германија; стручен соработник (2010-2012 година, нац. коорд.: Сотировски).
- “Diversity and distribution of *Armillaria* species in Macedonia and their association with forest dieback processes”. Научноистражувачки проект финансиран од Министерство за образование и наука на Р Македонија; стручен соработник (2010-2012 година, рак.: Сотировски).
- “Chestnut blight research in the Balkans and Georgia: population studies and biological control methods”; мултилатерален (Швајцарија, Хрватска, Македонија и Грузија) SCOPES-проект, финансиран од Swiss National Science Foundation; стручен соработник (2009-2012 година, нац. коорд.: Сотировски).
- “Heterocaryosis in clonal populations of the chestnut blight fungus”, проект финансиран од National Science Foundation, САД; стручен соработник. (2005-2007 година, рак.: Милгрум).
- “Comparative investigations of chestnut (*Castanea sativa*) in Bulgaria and Macedonia”. Билатерален (Бугарија и Македонија) проект финансиран од Министерство за образование и наука на Р Македонија и Р Бугарија; стручен соработник (2006-2008 година, рак.: Сотировски).
- “Epidemiology and population structure of *Cryphonectria parasitica* and associated Cryphonectria hypoviruses in the Balkans”. Трилатерален (Швајцарија, Хрватска и Македонија) проект финансиран од SCOPES, Швајцарија (2005-2008г.); стручен соработник (2005-2008 година, рак.: Сотировски).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Комисијата ги разгледа пријавата и приложените документи на кандидатот д-р Михајло Ристески. Врз основа на погоре изнесеното, Рецензентската комисија констатира дека д-р Ристески ги исполнува општите и посебните услови за избор во соработничко звање – асистент, од Правилникот за избор во звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и констатира дека кандидатот може успешно да ги извршува претстојните наставни обврски, научно да се усовршува и да придонесува за развојот на единицата Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ во Скопје.

Согласно со сето погоре изнесено, членовите на Рецензентската комисија имаат чест да му предложат на Наставно-научниот совет на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ при УКИМ во Скопје, кандидатот д-р Михајло Ристески да го избере во соработничко звање - асистент по група предмети од наставно-научната област фитопатологија.

**Членови на Рецензентската комисија**

**Д-р Кирил Сотировски,**
**редовен професор на УКИМ, Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ – Скопје, с.р.**

**Д-р Ирена Папазова Анакиева,**
**редовен професор на УКИМ, Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ – Скопје, с.р.**

**Д-р Никола Николов,**
**редовен професор на УКИМ, Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ – Скопје, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:**
Михајло Славе Ристески
**Институција:**
Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“
**Научна област:** ***ФИТОПАТОЛОГИЈА (40200)***

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | ДА |
| 2 | Стекнат назив – магистер по шумарски науки<br>Научно подрачје: биотехнички науки (4),<br>Поле на истражување: заштита на растенијата (402),<br>Област на истражување: фитопатологија (40200). | ДА |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно<br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,55<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,44 | ДА |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик – ниво Ц1<br>2. Назив на документот: Уверение за познавање на англискиот јазик според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR).<br>3. Издавач на документот: УКИМ, Филолошки факултет „Блаже Конески“ - Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: 14.2.2020 | ДА |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Кирил Сотировски, с.р.**
**Проф. д-р Ирена Папазова-Анакиева, с.р.**
**Проф. д-р Никола Николов, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ - АСИСТЕНТ НА НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКАТА ОБЛАСТ ЕКОНОМИКА НА ШУМСКОТО СТОПАНСТВО (41006) НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ШУМАРСКИ НАУКИ, ПЕЈЗАЖНА АРХИТЕКТУРА И ЕКОИНЖЕНЕРИНГ „ХАНС ЕМ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ (УКИМ) во Скопје, на IV седница одржана електронски на 16-17.3.2020 година, донесе Одлука број 02-125/5 од 17.3.2020 година, со која избра Рецензентска комисија за оцена на пријавениот кандидат за избор во соработничко звање - асистент на научноистражувачката област економика на шумското стопанство (41006), во состав: д-р Македонка Стојановска, редовен професор, д-р Иван Минчев, доцент и д-р Бојан Симовски, доцент, сите од Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“.

Согласно со конкурсот распишан од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, по предлог на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“, објавен на 11.2.2020 година во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“, се пријави само кандидатот м-р Владимир Стојановски, за избор во соработничко звање - асистент на научноистражувачката област економика на шумското стопанство на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“.

По разгледувањето на поднесената пријава и придружните документи, Комисијата го поднесува следниов

### ИЗВЕШТАЈ

**Биографски податоци**

Кандидатот м-р Владимир Стојановски е роден на 30.8.1979 година во Скопје, каде што ги завршил основното и средното образование. Во учебната 1998/1999 година се запишал на Шумарскиот факултет во Скопје, на насоката шумарство. На 7.7.2006 година дипломирал со среден успех на студии 8,02 на Шумарскиот факултет во Скопје и се стекнал со звањето дипломиран инженер по шумарство.

Во март 2007 година се запишал на постдипломски студии на меѓународните студии ФОПЕР на научната област шумарска политика и економика, заедничка програма („joint programme“) на повеќе универзитети од регионот на Југоисточна Европа. Со академско звање магистер по шумска политика и економика се стекнал на 5.5.2009 година на Универзитетот во Белград - Шумарски факултет во Белград, со јавна одбрана на магистерската работа со наслов: „Анализа на сегашните и можните извори на финансирање заштитени подрачја: студија на случај Национален парк ‘Маврово’“, или во оригинален наслов на англиски јазик „Analysis of current and potential source of financing of protected areas: The example of the National Park ‘Mavrovo’“, со среден просек на студии 8,16.

Кандидатот, самостојно или со други автори, учествувал во подготвувањето и изработката на повеќе научноистражувачки трудови и наставно-образовни и стручно-применувачки активности, како и активно учествувал во национални и меѓународни проекти, семинари, симпозиуми, работилници и обуки.

Кандидатот активно го познава англискиот јазик, за што има доставено Уверение бр. 03-366/2 за познавање на англискиот јазик кое одговара на ниво Б2 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR) издадено од Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје, со датум на издавање 14.2.2020 година. Исто така, одлично се користи со современите компјутерски вештини, пакетот Microsoft office и интернет.

**Наставно-образовна дејност**

Кандидатот м-р Владмир Стојановски учествувал како предавач, тренер и учесник на голем број обуки, летни школи и сл. во изминатиот период.

**Научноистражувачка дејност**

М-р Владимир Стојановски изготвил како соработник со други автори вкупно 18 меѓународни и национални научни и стручни трудови.
Од нив, 7 научни труда во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), 4 труда во меѓународни научни списанија, 5 труда во меѓународни научни публикации и 2 труда во списанија од областа на шумарството на национално ниво.

М-р Владимир Стојановски бил член на 14 проекти, од кои 12 национални, односно 2 меѓународни научни проекта. Кандидатот учествувал на 10 конференции, од кои 9 се меѓународни, а 1 на национално ниво. На горенаведените конференции има претставено 11 апстракти во вид на усна презентација или преку постерска презентација.

**Стручно-применувачка дејност**

Кандидатот м-р Владимир Стојановски во однос на неговата дејност од поширок интерес, за истакнување се активностите поврзани со струката, поточно членствата во тела на струкови организации.

Исто така, за одбележување се и неговите промотивни активности на Факултетот.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ НА КОМИСИЈАТА

Комисијата со внимание ги разгледа пријавата и приложените документи на кандидатот. Врз основа на погоре изнесеното, односно стручно-научните квалитети, Рецензентската комисија констатира дека м-р Владимир Стојановски ги исполнува сите услови за стекнување на соработничко звање - асистент на научноистражувачката област економика на шумското стопанство.

Согласно со тоа, членовите на Комисијата имаат чест да му предложат на Наставно-научниот совет на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ при УКИМ во Скопје, на својата наредна седница, да го промовира кандидатот м-р Владимир Стојановски во соработничко звање - асистент.

**Членови на Рецензентската комисија**

**Д-р Македонка Стојановска, редовен професор, с.р.**
**Д-р Иван Минчев, доцент, с.р.**
**Д-р Бојан Симовски, доцент, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: ВЛАДИМИР (ПАВЛЕ) СТОЈАНОВСКИ**
(име, татково име и презиме)
**Институција: ФАКУЛТЕТ ЗА ШУМАРСКИ НАУКИ, ПЕЈЗАЖНА АРХИТЕКТУРА И ЕКОИНЖЕНЕРИНГ „ХАНС ЕМ“**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област: ЕКОНОМИКА НА ШУМСКОТО СТОПАНСТВО (41006)**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | ДА |
| 2 | Стекнат назив – магистер од соодветната област<br>Назив на научната област: магистер по шумска политика и економика. | ДА |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,02<br><br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 8,16 | ДА |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br><br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: Уверение бр. 03-366/2 за познавање на англискиот јазик кое одговарана ниво Б2 според Европската јазична рамка на Советот на Европа („CEFR“)<br>3. Издавач на документот: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: 14.2.2020 година | ДА |

**Членови на Рецензентската комисија**

**Д-р Македонка Стојановска, редовен професор, с.р.**
**Д-р Иван Минчев, доцент, с.р.**
**Д-р Бојан Симовски, доцент, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ НА КАТЕДРАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ШУМИТЕ, НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ: УРЕДУВАЊЕ НА ШУМИТЕ, НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ШУМАРСКИ НАУКИ, ПЕЈЗАЖНА АРХИТЕКТУРА И ЕКОИНЖЕНЕРИНГ ,,ХАНС ЕМ” ВО СКОПЈЕ

Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг ,,Ханс Ем” во Скопје, на четвртата редовна седница на Наставно-научниот совет, одржана на 17.3.2020 година, донесе Одлука број 02-125/6, со која се формира Рецензентска комисија за оцена на пријавените кандидати за избор на еден соработник - асистент на Катедрата за уредување на шумите, научноистражувачка област: уредување на шумите (41003), во состав: д-р Панде Трајков, редовен професор, д-р Владимир Малетиќ, редовен професор и д-р Љупчо Несторовски, редовен порфесор, сите од Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг ,,Ханс Ем”.

Врз основа на доставената документација до Деканатот на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг ,,Ханс Ем” во Скопје, Комисијата утврди дека на објавениот конкурс во дневните весници ,,Нова Македонија” и ,,Коха” од 11.2.2020 година за избор на еден соработник - асистент на Катедрата за уредување на шумите, научноистражувачка област: уредување на шумите (41003), во предвидениот рок се пријавил само кандидатот м-р Владимир Тановски.

Врз основа на приложените документи и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет му го поднесува следниов

### ИЗВЕШТАЈ

**Биографски податоци**

Кандидатот м-р Владимир Тановски е роден на 15.8.1990 година во Битола, каде што го завршил основното образование. Во 2009 година го завршил средното стручно училиште во Демир Хисар како техничар за шумарство и пејзажна архитектура. Во учебната 2009/2010 година се запишал на Шумарскиот факултет во Скопје, на насоката шумарство. На 26.6.2013 година, по јавната одбрана на дипломскиот труд со наслов: *Структура и производност на моликовите насади во Националниот парк „Пелистер”,* дипломирал со среден успех од 9,03 како најдобар студент на Шумарскиот факултет во Скопје во учебната 2012/2013 година и се стекнал со звањето дипломиран инженер по шумарство. Добитник е на пофалница/награда од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за постигнат најдобар просечен успех во студирањето на Шумарскиот факултет во Скопје кои дипломирале во академската 2012/2013 година. Во учебната 2015/2016 година се запишал на постдипломски студии на Шумарскиот факултет во Скопје, на научната област уредување на шумите. Постдипломските студии ги завршил во 2017 година со среден успех 9,8 и со јавната одбрана на магистерскиот труд со наслов: *Развој на насадите од молика (Pinus peuce Gris.) во однос на надморската височина во Националниот парк „Пелистер”,* одржана на 7.4.2017 година, се стекнал со академското звање магистер на шумарски науки.

Кандидатот во текот на своите додипломски и постдипломски студии има учествувано на повеќе обуки како: Обука за дендрохронолошка анализа на техничкиот факултет во Зволен, Република Словачка, Обука за статистика и користење на R Statistic, како и обука за дидактика и настава, двете на Шумарскиот факултет во Скопје; исто така, има земено учество на голем број кратки курсеви од полето на шумарството и животната средина.

Кандидатот од 2010 до 2012 година е член, а од 2012 до 2017 година е претседател на Здружението на студенти при Шумарскиот факултет во Скопје – ДРЕН.

Кандидатот, самостојно или со други автори, учествувал во подготвувањето на повеќе наставно-образовни, научноистражувачки и стручно-апликативни активности, како и активно учествувал во национални и меѓународни проекти, семинари, симпозиуми, работилници, меѓународни натпревари и обуки.

Кандидатот активно го познава англискиот јазик и поседува Уверение за познавање на англиски јазик, ниво Б2 според Европската јазична рамка на Советот за Европа (CEFR), издадено од Деканатот на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, а пасивно ги користи српскиот и бугарскиот јазик. Исто така, одлично се користи со современите компјутерски вештини, пакетот Microsoft office и интернет, како и Corel Draw и Photoshop. Има познавање и активно ги користи геоинформациските системи ArcMap и QGis, има одлично познавање од софтвер за хортикултурно уредување Realtime Landscaping Design, има познавање од софтвери за дендрохронолошки анализи, како LinTab, TSAPWin, CDendro и CooRecoreder, WinDendro, за кои има посетувано соодветна обука во Република Словачка, и активно ги користи статистичките апликации StatSoft-Statistica, SPSS и Unistat.

**Наставно-образовна дејност**

/

**Научноистражувачка дејност**

М-р Владимир Тановски, како соработник со други автори, има објавено 1 (еден) меѓународен научен труд, а со 3 (три) труда како соработник учествувал на меѓународна научна конференција:

- Trajkov, P., Dubravac, T., **Tanovski, V**., Nestorovski, L., Sotirovski, K., & Trajanov, Z. (2019). Coppice Forest Management Planning and the Regeneration Potential of Pure and Mixed Oak Coppice Forests in North Macedonia. *South-east European forestry*, *10*(2), 165-172.
- Cabaravdic, A., Trajkov, P., **Tanovski, V**., Magmutovic, G., Osmanovic, M. (2019). Machine-learning algorithms evaluation of growingstock prediction, based on inventory and sentinel spectral data on two beech forest sites in Bosnia and Macedonia. Book of abstract-70 years Faculty of Forestry- Sarajevo, International Scientific Conference "People-Forest-Science"
- Trajkov, P., **Tanovski, V**. (2018) Development, management and sustainability of Macedonian pine forests in National Park Pelister. Book of abstract-70 years Faculty of Forestry- Skopje, International Scientific Conference "Sustainable Forestry: Fact or Fiction?"
- Trajkov, P., Dubravac, T., **Tanovski, V**., Nestorovski, L., Trajanov, Z. (2018). Management and regeneration potential on overmature coppice sessile oak forests stands, case study in Bushava Planina. Book of abstract-70 years Faculty of Forestry- Skopje, International Scientific Conference "Sustainable Forestry: Fact or Fiction?"

➢ Кандидатот, исто така, учествувал и во два научноистражувачки проекта, и тоа:

- ,,Креирање равенки за волуменот на надземниот дел од дрвјата за позначајните видови дрвја во Република Македонија”, проект при Катедрата за уредување на шумите при УКИМ, Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг во Скопје, финансиран од УКИМ; научен соработник (2019 - 2020 година);
- ,,Библиографија на хербарска збирка на Шумарскиот факултет во Скопје”, проект при Катедрата за дендрологија и фитоценологија при УКИМ, Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг во Скопје, финансиран од УКИМ; научен соработник ( 2011 - 2012 година).

**Стручно-апликативна дејност**

Кандидатот м-р Владимир Тановски досега изготвил самостојно или како соработник со други автори: студии, елаборати, програми, методологии и решенија. Кандидатот е учесник во меѓународни и домашни проекти, од кои во еден бил и раководител на проект:

- ,,Methodological support of Collect Earth survey in the Former Yugoslav Republic of Macedonia (FYROM)”, организиран и финансиран од FAO – Food and agriculture organization of the United Nation; позиција: GIS Specialist (април – јули 2018);
- Technical Assistance for Using Wood Energy to Improve Sustainable Economic Rural Development and Meet the 2020 Renewable Energy Targets for the Western Balkans -

WISDOM project, организиран и финансиран од FAO – Food and agriculture organization of the United Nation; позиција: попишувач (април 2015 – декември 2017);
- ,,Истражи ја шумата – биди во допир со природата”, организиран од: SNVP и Холандска развојна организација, реализиран од Здружението на студенти при Шумарскиот факултет во Скопје – ДРЕН; позиција: член (2015);
- ,,Урбано зеленило, урбана култура”, организиран од Здружението на студенти при Шумарскиот факултет во Скопје – ДРЕН, финансиран од Општина Гази Баба; позиција: член (2014);
- ,,Дендропарк - полигон во природа”, организиран од Здружението на студенти при Шумарскиот факултет во Скопје – ДРЕН, финансиран од Град Скопје; позиција: раководител на проект (2012 - 2013).
- ,,Проценка на заканите за птици и мерки за нивно зачувување во две предлог значајни подрачја за птици во Македонија”, организиран од Македонско еколошко друштво, финансиран од Conservation Leadership Program; позиција: член (2011 -2012);
- ,,Дрвени куќарки – креативно”, организиран од Здружението на студенти при Шумарскиот факултет во Скопје – ДРЕН, финансиран од Општина Гази Баба; позиција: член (2009).

Кандидатот има учествувано во изготвување на 3 плана за стопанисуваше со шумите, и тоа:
- Посебен план за шумскостопанската единица ,,Ивање”- ЈПУЗПП Јасен;
- Посебен план за шумскостопанската единица ,,Китка”- ЈП Национални шуми;
- Посебен план за шумскостопанската единица ,,Јамиште” - Македонска православна црква.

За одбележување е и неговата позитивна промоција на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг ,,Ханс Ем” во Скопје преку реализирање на различни активности поврзани со струката и организациски и техничко/технолошки активности.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ НА КОМИСИЈАТА

Комисијата ги разгледа пријавата и приложените документи на кандидатот. Врз основа на погоре изнесеното, Рецензентската комисија констатира дека м-р Владимир Тановски ги исполнува општите и посебните услови за избор во соработничко звање – асистент согласно со Правилникот за избор во звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и констатира дека кандидатот може успешно да ги извршува претстојните наставни обврски, научно да се усовршува и да придонесува за развојот на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“.

Согласно со изнесеното, членовите на Комисијата имаат чест да му предложат на Наставно-научниот совет на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг ,,Ханс Ем" во Скопје при УКИМ во Скопје, кандидатот м-р Владимир Тановски го избере за соработник - асистент на Катедрата за уредување на шумите, научноистражувачка област: уредување на шумите (41003).

**Членови на Комисијата**

1. **Д-р Панде Трајков,**
   **редовен професор на УКИМ, Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“, с.р.**
2. **Д-р Владимир Малетиќ,**
   **редовен професор на УКИМ, Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“, с.р.**
3. **Д-р Љупчо Несторовски,**
   **редовен професор на УКИМ, Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:**
Владимир Љупчо Тановски
**Институција:**
Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“
**Научна област:** ***Уредување на шумите (41003)***

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | ДА |
| 2 | Стекнат назив – магистер по шумарски науки<br>Научно поле: биотехнички науки (4).<br>Подрчје на истражување: шумарство и хортикултура (4.10).<br>Област на истражување: уредување на шумите (41003). | ДА |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно<br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,03<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,80 | ДА |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик – ниво Б2<br>2. Назив на документот: Уверение за познавање на англискиот јазик според Европската јазична рамка на Советот на Европа<br>3. Издавач на документот: УКИМ, Филолошки факултет „Блаже Конески“ во Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: 14.2.2020 | ДА |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Панде Трајков, с.р.**
**Проф. д-р Владимир Малетиќ, с.р.**
**Проф. д-р Љупчо Несторовски, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ - АСИСТЕНТ НА КАТЕДРАТА ЗА ОДГЛЕДУВАЊЕ НА ШУМИТЕ, НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ОБЛАСТ: ПЕДОЛОГИЈА (40100), НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ШУМАРСКИ НАУКИ, ПЕЈЗАЖНА АРХИТЕКТУРА И ЕКОИНЖЕНЕРИНГ „ХАНС ЕМ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ (УКИМ) во Скопје, на IV седница одржана на 17.III 2020 година, донесе Одлука број 02-125/7 од 17.III 2020 година со која избра Рецензентска комисија за оцена на пријавениот кандидат за избор во соработничко звање - асистент на Катедрата за одгледување на шумите, научноистражувачка област: педологија (40100), во состав: д-р Коле Василевски, редовен професор, д-р Николчо Велковски, редовен професор и д-р Бојан Симовски, доцент, сите од Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс распишан од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, по предлог на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“, објавен на 11.II 2020 година во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“, за избор во соработничко звање - асистент на Катедрата за одгледување на шумите, научноистражувачка област: педологија (40100), се пријави само кандидатот м-р Борис Најдовски.

**Биографски податоци и образование**

Кандидатот м-р Борис Најдовски е роден на 13.X 1985 година во Скопје, каде што ги завршил основното и средното образование. Во учебната 2004/2005 година се запишал на Шумарскиот факултет во Скопје, на насоката озеленување и унапредување на животната средина. На 29.VI 2012 година дипломирал со среден успех на студии 8,59 и се стекнал со звањето дипломиран шумарски инженер. Во учебната 2012/2013 година се запишал на постдипломски студии на Шумарскиот факултет во Скопје, на научната област мелиорација на деградирани шуми и шикари. Со академско звање - магистер на шумарски науки се стекнал на 12.IX 2016 година со јавна одбрана на магистерската работа со наслов: „Анализа на промената на вегетацијата на планинските пасишта во горниот Брегалнички регион“, со среден успех на студии 10,00.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик - ниво Ц1, потврдено со Уверение за познавање на англискиот јазик според Европската јазична рамка на Советот на Европа, издадено од УКИМ - Филолошки факултет „Блаже Конески“ во Скопје од 14.II 2020 година.

Кандидатот, самостојно или со други автори, учествувал во подготвувањето и изработката на повеќе научноистражувачки и стручно-применувачки трудови, како и активно учествувал во национални и меѓународни проекти, семинари, симпозиуми, летни школи, работилници и обуки.

**Наставно-образовна дејност**

Кандидатот м-р Борис Најдовски досега има учествувано на повеќе работилници и семинари како учесник и предавач, а има презентирано и повеќе постери на научни собири.

Досега м-р Борис Најдовски е коавтор на две брошури и објавил две стручно-популарни статии во списание од струката:

[1]. Најдовски, Б. (2015): „Бамбусот (*Phyllostachys aurea* Carrière) во земјоделското производство“. Списание за земјоделство и рурален развој „Моја земја”, бр. 113, април 2015, Национална федерација на фармери, Скопје, РСМ. Стр.. 22-23.

[2]. Симовски, Б., Најдовски, Б. (2015): „Дива овошна дендрофлора против опустинување на аридните рурални предели“. Списание за земјоделство и рурален развој „Моја земја”, бр. 115, јуни 2015, Национална федерација на фармери, Скопје, РСМ. Стр. 24.

Досегашната ангажираност на кандидатот се огледа во трудољубивоста и целосната посветеност кон истражувањата, работата на студентите и промотивните активности на Факултетот, како и во унапредувањето на предметните програми на Катедрата со нови содржини за акредитирани студиски програми.

**Научноистражувачка дејност**

М-р Борис Најдовски изготвил како соработник со други автори вкупно четири научни и стручни трудови во меѓународни и национални научни и стручно-научни списанија од подрачјето на биотехничките науки и полето шумарство и хортикултура во соодветни научноистражувачки области. Кандидатот е учесник во три меѓународни и национални проекти.

Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтни научни / стручни списанија со меѓународен уредувачки одбор:

[1]. Gegoski, M., Velkovski, N., Andonovski, V., Vasilevski, K., Rizovska-Atanasovska, J., Najdovski, B. (2018): Characteristics of natutural regeneration of beech and fir in offspring and young forest development stages on Korab Mountain. Forest Review of the Faculty of Forestry in Skopje, Vol.48. Skopje, Republic of Macedonia.

[2]. Najdovski, B., Vasilevski, K., Velkovski, N., Andonovski, V. (2017): Natural characteristics of the mountain pastures in the region of Malesh and processes of their afforestation. 70 years of the Faculty of Forestry in Skopje. Scientific conference: Sustainable forestry – fact or fiction. Book of abstracts. Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, Faculty of Forestry in Skopje.

[3]. Najdovski, B., Vasilevski, K., Velkovski, N., Andonovski, V. (2016): Vegetation succession of the mountain pastures in the region of Malesh. 5th Congress of Ecologists of the Republic of Macedonia with international participation, 19-22.10.2016, Ohrid, Republic of Macedonia.

[4]. Andrijeski, M., Velkovski, N., Vasilevski, K., Najdovski, B. (2016): Number and quality structure of natural beech regeneration in round apertures on Bistra Mountain. Forest Review of the Faculty of Forestry in Skopje, Vol.46. Skopje, Republic of Macedonia.

Листа на меѓународни и национални проекти во кои учествува кандидатот м-р Борис Најдовски:

[1]. “Improving the conservation of priority plants in cross-border area – CONSE PP”, IPA – CBC Macedonia Greece; реализиран од Hellenic Agricultural Organisation DEMETER – Forest Research Institute, Municipality of Thermi, Municipality of Debrca, PE for Protection and Management of the Multi-Purpose Area “JASEN” and Hans Em Faculty of Forest Sciences, Landscape Architecture and Environmental Engineering.

[2]. „Изработка на карти на шумска вегетација за три пилот региони кои поддржуваат растителни заедници со ретки и загрозени видови“, во рамките на STAR 5 проектот „Постигнување на заштита за биолошката разновидност преку создвање и ефикасно управување со заштитени подрачја и интегрирање на биолошката разновидност во планирање на користење на земјиштето“, финансиран од Глобалниот фонд за животна средина, а се имплементира преку Програмата на ООН за животна средина и Министерството за животна средина и просторно планирање и локалниот партнер Балканска фондација за одржлив развој (БФОР).

[3]. „Одредување на типови екосистеми, нивно картирање и одредување на индикатори за проценка на состојбата со екосистемите во Македонија според МАЕС методологија“, дел од активностите на Програмата за зачувување на природата во Македонија (ПЗП) – втора фаза, поддржана од Швајцарската агенција за развој и

соработка (SDC), координирана од Фармахем, реализација: Македонско еколошко друштво (МЕД).

**Стручно-применувачка дејност**

Кандидатот м-р Борис Најдовски досега изготвил самостојно или како соработник со други автори вкупно 10 стручно-применувачки трудови, односно учествувал во експертски активности: студии, елаборати, планови, проекти и програми. Активен учесник е при изработката на национален акциски план за борба против опустинувањето во нашата држава од којшто произлегува подготовка на стратегија како национален документ од оваа област.

Кандидатот м-р Борис Најдовски учествувал во изготвување на развојни содржини за предметните програми на Катедрата и за збогатување на квалитетот на студиските програми на Факултетот.

Во однос на неговата дејност од поширок интерес, за истакнување се активностите поврзани со струката, учество во подготовка на национални документи преку изработка на акциски планови, како и организациски, фотографски и ИКТ-активности, особено оние што ги промовираат Факултетот и УКИМ.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ НА КОМИСИЈАТА

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-применувачката дејност, како и дејноста од поширок интерес на кандидатот м-р Борис Најдовски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот, Комисијата заклучи дека м-р Борис Најдовски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование (Службен весник бр. 82/2018) и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/2018), ги исполнува сите услови да биде избран во соработничко звање - асистент на Катедрата за одгледување на шумите, научноистражувачка област: педологија (40100).

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ во Скопје, м-р Борис Најдовски да биде избран во соработничкото звање **асистент** на Катедрата за одгледување на шумите, научноистражувачка област: педологија (40100).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Коле Василевски, с.р.**
**Проф. д-р Николчо Велковски, с.р.**
**Доц. д-р Бојан Симовски, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:**
Борис Љупчо Најдовски
**Институција:**
Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“
**Научна област:** ***Педологија (40100)***

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | ДА |
| 2 | Стекнат назив – магистер по шумарски науки<br>Научна област: екологија (10205), поле: биологија, подрачје: природно-математички науки; научна област: одгледување на шуми (41002), поле: шумарство и хортикултура, подрачје: биотехнички науки и научна област: педологија (40100), поле: наука за земјиштето и хидрологија, подрачје: биотехнички науки. | ДА |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно<br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,59<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00 | ДА |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик – ниво Ц1<br>2. Назив на документот: Уверение за познавање на англискиот јазик според Европската јазична рамка на Советот на Европа<br>3. Издавач на документот: УКИМ, Филолошки факултет „Блаже Конески“ - Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: 14.2.2020 | ДА |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Коле Василевски, с.р.**
**Проф. д-р Николчо Велковски, с.р.**
**Доц. д-р Бојан Симовски, с.р.**

# П Р Е Г Л Е Д

***НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ ВО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ***

| ***Ред. бр.*** | ***Име на кандидатот*** | ***Наслов на темата*** | ***Ментор*** | ***Одлука од Научен совет*** |
|---|---|---|---|---|
| *1.* | Катерина Трајковска | „Регулатива, процеси и анализа на современите трендови на ревизија на финансиските извештаи во ИТ окружувањето“ “Regulation, processes and analysis of modern trends in the audit of financial statements in the IT environment” | Д-р Биљана Ангелова | Бр. 02-246/2/2 од 7.4.2020 година |

***Прилог бр. 2***

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) ХЕМИЈА/АНАЛИТИЧКА ХЕМИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Земјоделскиот институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 3.3.2020 година, за избор на едно лице во сите научни звања во научното поле природно-математички науки, научно подрачје: хемија, област: аналитичка хемија, и врз основа на Одлуката на Научниот совет бр. 02-108/4, донесена на 13.3.2020 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Јулијана Цветковиќ, редовен професор на УКИМ, Земјоделски институт - Скопје, проф. д-р Трајче Стафилов, редовен професор во пензија на УКИМ, Природно-математички факултет - Скопје и проф. д-р Горан Миланов, вонреден професор на УКИМ, Земјоделски институт - Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област (дисциплина) хемија/аналитичка хемија, во предвидениот рок се пријави д-р Милена Тасеска-Ѓорѓијевски.

### 15. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Милена Тасеска-Ѓорѓијевски е родена на 8.11.1979 година, во Охрид. Средно образование завршила во 1998 година, во УСО „Св. Климент Охридски“ во Охрид. Со високо образование се стекнала на Природно-математичкиот факултет, Институт за хемија - наставна насока во јули 2004 година, а подоцна и применета насока со просечен успех 8,34.

Во учебната 2004/2005 година се запишала на втор циклус (постдипломски-специјалистички) студии на УКИМ, Природно-математички факултет, Институт за хемија, во Скопје. Студиите ги завршила во 2006 година, со просечен успех 10,0. На 5.7.2006 година го одбранила специјалистичкиот труд на тема: „Сепарирање на елементи во траги од минерали на бакар и железо и нивно определување со атомска апсорпциона спектрометрија“.

Во учебната 2006/2007 година се запишала на втор циклус (магистерски) студии на УКИМ, Природно-математички факултет, Институт за хемија, во Скопје. Студиите ги завршила во 2009 година, со просечен успех 10,0. На 30.1.2009 година го одбранила магистерскиот труд на тема: „Методи за определување на траги од елементи во минерали и соли на бакар, железо и манган со неутронска активациона анализа и атомска апсорпциона спектрометрија“.

Докторска дисертација пријавила во декември 2009 година на Природно-математичкиот факултет, Институт за хемија, во Скопје. Дисертацијата на тема: **Методи за определување на траги од елементи во минерали и соли со спектроскопски и радиохемиски техники** ја одбранила на 27.10.2014 година, пред Комисија во состав: д-р Катерина Чундева, редовен професор на УКИМ, Природно-математички факултет - Скопје (во пензија), д-р Радојко Јаќимовиќ, научен советник на Институтот „Јожеф Стефан“ во Љубљана, Р Словенија, д-р Јулијана Цветковиќ, редовен професор на УКИМ, Земјоделски институт - Скопје, д-р Петре Макрески, вонреден професор на УКИМ, Природно-математички факултет - Скопје и д-р Трајче Стафилов, редовен професор на УКИМ, Природно-математички факултет - Скопје. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на хемиски науки.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Во моментот е научен соработник. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1105 од 15.08.2015 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 1014 од

1.9.2011, бр. 1057 од 1.7.2013 и бр. 1105 од 15.8.2015, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

### 16. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Милена Тасеска-Ѓорѓијевски во последните пет години има објавено вкупно 5 научни трудови од областа хемија/аналитичка хемија, од кои 1 научен труд е објавен во научно списание со импакт-фактор (фактор на влијание), а 4 научни труда се објавени во меѓународни научни списанија.

Д-р Милена Тасеска-Ѓорѓијевски има учествувано на 2 научни/стручни собира со реферат - усна презентација и на 4 научни/стручни собири со постерски презентации, како и на 8 научни собири со апстракти. Учествувала како соработник во 1 меѓународен научен проект и 3 национални научни проекти.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Милена Тасеска-Ѓорѓијевски активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Земјоделскиот институт во Скопје. Има земено учество во различни експертски активности, во развивање, валидација, верификација и акредитирање на методи за анализа на некои параметри во вино, како член на работни групи и како учесник и предавач на стручни семинари.

Стручно усовршување во странство остварила со 1 студиски престој во Љубљана, Р Словенија.

Кандидатката била член на Уредувачки одбор на јубилеен годишен зборник на Земјоделскиот институт по повод 70-годишнината и на Уредувачкиот одбор за издавање на монографија на Земјоделскиот институт при УКИМ, по повод 75-годишнината.

Д-р Милена Тасеска-Ѓорѓијевски е раководител на Лабораторијата за вино и алкохолни пијалаци и менаџер за квалитет по МКС ЕН ISO 17025:2018.

### ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Милена Тасеска-Ѓорѓијевски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Милена Тасеска-Ѓорѓијевски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за научноистражувачката дејност, Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето виш научен соработник во научната област хемија/аналитичка хемија.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Научниот совет на Земјоделскиот институт во Скопје, д-р Милена Тасеска-Ѓорѓијевски да биде избрана во звањето виш научен соработник во научната област хемија/аналитичка хемија.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

**Проф. д-р Јулијана Цветковиќ, с.р.**
**Проф. д-р Трајче Стафилов, с.р.**

**Проф. д-р Горан Миланов, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **МИЛЕНА ВЕЛИЧЕ ТАСЕСКА-ЃОРЃИЈЕВСКИ**

**Институција:** **УКИМ, ЗЕМЈОДЕЛСКИ ИНСТИТУТ- СКОПЈЕ**

**Научна област:** **ХЕМИЈА/АНАЛИТИЧКА ХЕМИЈА**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР/НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,34<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00<br>Просечниот успех изнесува 8,58 за интегрираните студии. | Да |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br><br>Назив на научната област: природно-математички науки, поле: хемија, подрачје: аналитичка хемија. | Да |
| 3 | Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | Да |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br><br>1. Назив на научното списание: *Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering*<br><br>Назив на електронската база на списанија: Chemical Abstracts, Science Citation Index Expanded , Chemistry Citation Index, Journal Citation Reports/Science Edition, Directory of Open Access Journals (DOAJ), SCOPUS, Google Scholar, EBSCO, EVISA | Да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | Наслов на трудот: Application of $k_0$-method of neutron activation analysis for determation of trace elements in various mineral samples: (A Review)<br><br>Година на објава: 2015 | |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br><br>1. Назив на научното списание: *Journal of Agricultural, Food and Environmental Sciences*<br><br>Меѓународен уредувачки одбор<br>Вкупен број членови: 30+2<br>Број и припадност по земји: Босна и Херцеговина (3), Хрватска (5), Македонија (6+2), Црна Гора (2), Словенија (2), Србија (7), Бугарија (2), Германија (1), Австрија (1), Албанија (1).<br>Наслов на трудот:<br>Description of the morphological and technological characteristics of the plant goji berry<br>Година на објава: 2018<br><br>2. Назив на научното списание: *Journal of Agricultural, Food and Environmental Sciences*<br><br>Меѓународен уредувачки одбор<br>Вкупен број членови: 30+2<br>Број и припадност по земји: Босна и Херцеговина (3), Хрватска (5), Македонија (6+2), Црна Гора (2), Словенија (2), Србија (7), Бугарија (2), Германија (1), Австрија (1), Албанија (1).<br>Наслов на трудот:<br>Timing of inoculation with selected wine bacteria on the kinetics of malolactic fermentation and sensory properties of Vranec from the Tikves wine region<br>Година на објава: 2019<br><br>3. Назив на научното списание: *Geologica Makedonica*<br><br>Меѓународен уредувачки одбор<br>Вкупен број членови: 16<br>Број и припадност по земји: Македонија (4), Англија (1), Словенија (1), Бугарија (1), Германија (2), Русија (1), САД (1), Франција (1), Хрватска (1), Србија (2), Швајцарија (1).<br>Наслов на трудот: | Да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | Application of $k_0$-instrumental neutron activation analysis for determation of major and trace elements in some manganese minerals<br>Година на објава: 2018 | |
| 3.3 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br><br>1. Назив на зборникот: Challenges in Modern Agricultural Production<br>Назив на меѓународниот собир: Challenges in Modern Agricultural Production<br>Имиња на земјите: Македонија, Србија, Хрватска, Бугарија, Босна и Херцеговина, Словенија, Турција, Косово, Црна Гора.<br>Наслов на трудот:<br>Ampelographical characteristics and genotypic variability in autochthonous cultivars red and black Valandovo Drenok grown in R. Macedonia<br>Година на објава: 2015 | Да |
| 4 | Претходен избор во наставно-научно звање – доцент/научен соработник<br>датум и број на Билтен: бр. 1105 од 15.8.2015 | Да |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | Да |

* На лицата кои имаат засновван работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 5 (пет) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

# ОБРАЗЕЦ 2

## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **МИЛЕНА ВЕЛИЧЕ ТАСЕСКА-ЃОРЃИЈЕВСКИ**

**Институција: УКИМ, ЗЕМЈОДЕЛСКИ ИНСТИТУТ- СКОПЈЕ**

**Научна област: ХЕМИЈА/АНАЛИТИЧКА ХЕМИЈА**

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| I | **Учесник во национални научни проекти** | |
| | 1. Карактеризација на автохтоните сорти калинка во Република Македонија, под раководство на проф. д-р Александар Марковски, УКИМ, 2017. **(3)**<br>2. Влијание на ампелотехничките мерки врз квалитетот на грозје и вино од сортата вранец, под раководство на д-р Душко Неделковски, УКИМ, 2019. **(3)**<br>3. Испитување на ‘ртливост кај примероци од различни видови земјоделски култури од ген-банката по одреден период на долгорочна (long term) конзервација, под раководство на проф. д-р Гордана Глаткова, УКИМ, 2020. **(3)** | **9** |
| **II** | **Учесник во меѓународен научен проект** | |
| | 1. Методи за предсепарација и определување на елемети во траги во некои минерали и други неоргански супстанци, Скопје-Љубљана, под раководство на проф. д-р Петре Макрески, 2017-2018. **(5)** | **5** |
| **III** | **Труд со оригинални научни резултати, кое има импакт фактор за годината во која е објавен трудот** | |
| | 1. R. Jaćimović, T. Stafilov, V. Stibilj, M. Taseska, P. Makreski, Application of $k_0$-method of neutron activation analysis for determation of trace elements in various mineral samples: A Review, *Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering*, **34** (2015) 169–179. (review**)** **[(8+0.4)*0,60=5,04]** | **5,04** |
| **IV** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор** | |
| | 1. R. Jaćimović, M. Taseska-Gjorgjijevski, T. Stafilov, G. Jovanovski, P. Makreski, Application of $K_0$-instrumental neutron activation analysis for determation of major and trace elements in some manganese minerals, *Geologica Macedonica,* **32 (2),** 157–162 (2018). **(5*0,60=3)**<br>2. G. Milanov, D. Nedelkovski, M. Taseska-Gjorgjijevski, Timing of inoculation with selected wine bacteria on the kinetics of malolactic fermentation and sensory properties of Vranec from the Tikves wine region, *Journal of Agriculture, Food* | **7** |

| | | |
|---|---|---|
| | *and Environmental Sciences*. **Vol 74**, 2019. **(5*0,80=4)** | |
| V | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник, презентирани на меѓународни собири** | |
| | 1. B. Korunoska, Z.Bozinovic, A.Sarafimovska, Z. Prculovski, D. Nedelkovski, M. Taseska-Gjorgjijevski, Ampelographical characteristics and genotypic variability in autochthonous cultivars red and black Valandovo Drenok grown in R. Macedonia, Book of proceedings of the International scientific conference “Challenges in modern agricultural production“, Skopje, 70-75, (2015). **(5*0,60=3)**<br>2. B. Korunoska, G. Milanov, D. Nedelkovski, A. Sarafimovska, M. Taseska-Gjorgjijevski, R. Dzolevska, Description of the morphological and technological characteristics of the plant Goji berry, 3rd International Symposium for Agriculture and food–ISAF. Ohrid, 18-20 October, (2017). **(5*0,60=3)** | **6** |
| VI | **Учество на научен/стручен собир со реферат (усна презентација)** | |
| | 1. R. Jaćimović, P. Makreski, V. Stibilj, M. Taseska, T. Stafilov, Is possible to measure trace elements after fe removal with DIPE from iron based materials?, *Slovenski kemijski dnevi 2015*, 24.-25 September, Ljubljana, Zbornik povzetkov. **(1)**<br>2. J. Todorov, M. Taseska, T. Stafilov, G. Jovanovski, R. Jaćimović, P. Makreski, New optimized liquid-liquid extraction method for elimination of manganese as matrix element in various corresponding inorganic matrices, *XII Students’ Congress of of the Society of Chemists and Techologists of Macedonia*, 12-14 October 2017, Skopje, *Book of Abstracts*, pp. 39. **(1)** | **2** |
| VII | **Учество на научен/стручен собир со реферат (постер)** | |
| | 1. B. Korunoska, G. Milanov, D. Nedelkovski, A. Sarafimovska, M. Taseska-Gjorgjijevski, R. Dzolevska, Description of the morphological and technological characteristics of the plant Goji berry, 3rd International Symposium for Agriculture and food–ISAF, Ohrid, 18-20 October, (2017). **(0,5)**<br>2. R. Jaćimović, M. Taseska - Gjorgjijevski, T. Stafilov, G. Jovanovski, P. Makreski, Application of $k_0$-instrumental neutron activation analysis for determination of major and trace elements in some manganese minerals, *25th Congress of SCTM with international participation*, 19-22 September, 2018, Ohrid, *Book of Abstracts*, ICTM P-16, p. 39. **(0,5)**<br>3. J. Todorov, V. Makrievski, M. Taseska-Gjorgjijoski, T. Stafilov, G. Jovanovski, R. Jaćimović, P. Makreski, New optimized two-step liquid-liquid extraction method for consecutive elimination of thallium and arsenic as matrix elements in lorandite mineral, *25th Congress of SCTM with international participation*, 19-22 September, 2018, Ohrid, *Book of Abstracts*, ICTM P-21, p. 44. **(0,5)** | **2** |

| | | |
|---|---|---|
| | 4. J. Cvetković, K. Bacheva Andonovska, T. Stafilov, M. Taseska-Gjorgjievski, D. Nedelkovski, A. Markovski, M. Popovska, V. Gjamovski, Mineral composition and phenolic content of pomegranate fruit (*Punica granatum* L.), *25th Congress of SCTM with international Participation*, 19-22 September, 2018, Ohrid, *Book of Abstracts*, BFT P-7, p. 210. **(0,5)** | |
| **VIII** | **Апстракти објавени во зборник на меѓународен собир** | |
| | 1. R. Jaćimović, P. Makreski, V. Stibilj, M. Taseska, T. Stafilov, Is possible to measure trace elements after fe removal with dipe from iron based materials?, *Slovenski kemijski dnevi 2015*, 24.-25 September, Ljubljana, Zbornik povzetkov. **(1)**<br>2. J. Todorov, M. Taseska, T. Stafilov, G. Jovanovski, R. Jaćimović, P. Makreski, New optimized liquid-liquid extraction method for elimination of manganese as matrix element in various corresponding inorganic matrices, *XII Students' Congress of of the Society of Chemists and Techologists of Macedonia*, 12-14 October 2017, Skopje, *Book of Abstracts*, pp. 39. **(1)**<br>3. R. Jaćimović, M. Taseska-Gjorgjijevski, T. Stafilov, G. Jovanovski, P. Makreski, Application of $k_0$-instrumental neutron activation analysis for determination of major and trace elements in some manganese minerals, *25th Congress of SCTM with International Participation*, 19-22 September, 2018, Ohrid, *Book of Abstracts*, ICTM P-16, p. 39. **(1)**<br>4. J. Todorov, V. Makrievski, M. Taseska-Gjorgjijevski, T. Stafilov, G. Jovanovski, R. Jaćimović, P. Makreski, New optimized two-step liquid-liquid extraction method for consecutive elimination of thallium and arsenic as matrix elements in lorandite mineral, *25th Congress of SCTM with International Participation*, 19-22 September, 2018, Ohrid, *Book of Abstracts*, ICTM P-21, p. 44. **(1)**<br>5. J. Cvetković, K. Bacheva Andonovska, T. Stafilov, M. Taseska Gjorgjievski, D. Nedelkovski, A. Markovski, M. Popovska, V. Gjamovski, Mineral composition and phenolic content of pomegranate fruit (*Punica granatum* L.), *25th Congress of SCTM with International Participation*, 19-22 September, 2018, Ohrid, *Book of Abstracts*, BFT P-7, p. 210. **(1)**<br>6. A. Serafimovska, M. Taseska-Gjorgjijevski, D. Nedelkovski, G Milanov, B. Korunoska, Decreasing of the content of heavy metals in white wine Cahardonnay by using different treatments, *IV International Symposium and XX Scientific-Professional Conference of Agronomists*, 2015, Bijeljina, Republika Srpska, *Book of abstract*, p. 131. **(1)**<br>7. D. Nedelkovski, K. Beleski, A. Serafimovska, K. Boskov, G. Milanov, M. Taseska Gjorgjijevski, B. Korunoska, Influence of yeast strain on Stanushina chemical composition and sensorial analysis, *IV International Symposium and XX Scientific-Professional Conference of Agronomists*, 2015, Bijeljina, Republika Srpska, *Book of abstract*, p. 137. **(1)** | **8** |

| | | |
|---|---|---|
| | 8. A. Serafimovska, M. Taseska-Gjorgjijevski, D. Nedelkovski, B. Korunoska, S. Ilic-Popova, K. Boskov, Influence of climate conditions of polyphenolic composition of wine from Cabernet Sauvignon variety, *2nd International Symposium for Agriculture and Food*, 2015, Ohrid, *Book of Abstract.* **(1)** | |
| | **ВКУПНО** | **44,04** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. Број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Експертска активност: Учество во Програмата за користење на средства од инструментот за претпристапна помош за рурален развој на Европската Унија (ИПАРД) за периодот 2014-2020, Службен весник на Република Македонија бр. 64/16 и Решение бр. 16-944/4 од 5.7.2019 издадено од Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделство и рурален развој | **1** |
| 2. | Експертски активности: Контакт лице (назначување со арх. бр. 03-10/2) за доставување барања за лабораториско испитување од страна на официјалните ветеринари и испектори за храна на барање на Агенцијата за храна и ветеринарство, | **1** |
| 3. | Експертски активности: Тестирање на доставени примероци и индивидуален стручен извештај за меѓулабораториско споредбено испитување кај различни типови и сорти вина, DAPS alcoholic drinks PT Scheme, DP0442 (февруари 2016). | **1** |
| 4. | Експертски активности: Тестирање на примероци вино, шира, гроздов сок и жестоки пијалоци и подготовка на месечни извештаи за меѓулабораториско споредбено испитување во циклус од јуни 2018 до јули 2019 година - организатор BIPEA (2018-2019). | **1** |
| 5. | Експертски активности: Тестирање на доставен стандарден примерок во присуство на германски експерт- Mrs. Isabelle Rüttiger во рамките на SWG- Expert mission on wine analytical standards in laboratory within the University of "Ss Cyril and Methodius", ноември 2019. | **1** |
| 6. | Експертски активности: Анализа на физичко-хемиски компоненти во примероци вино и оцет со непозната реколта и виногорје, од Куманово, доставени од страна на Државниот инспекторат за земјоделство (ДИЗ), стручно мислење и извештај од тестирање. | **1** |
| 7. | Експертски активности: Анализа на физичко-хемиски компоненти во примероци вино со непозната реколта и виногорје, од в.в Гарланд Агрофуд, Кавадарци, доставени од страна на Државниот инспекторат за земјоделство (ДИЗ), стручно мислење и извештај од тестирање. | **1** |
| 8. | Експертски активности: Анализа на испарливи компоненти во примероци вино, по настаната хаварија во визба Валандово, стручно мислење и извештај од тестирање. | **1** |
| 9. | Експертски активности: Стручни консултации во рамките на загадување на вода, воздух и почва со тешки метали, толкување на | **1** |

| | | |
|---|---|---|
| | резултати од мерења и сл., како надворешен соработник на Фарамхем Дооел. | |
| 10. | Експертски активности: Учество и советодавна активност во работна група за изготвување на најупотребувани хемикалии и најсоодветни методи во енолошките лабoратории, во организација на Неолаб Дооел, Скопје. | **1** |
| 11. | Експертски активности: Определување на некои физичко-хемиски параметри во експериментални примероци вино, третирани со различни квасци за ферментација и издавање на извештај од тестирање, во рамки на магистерски работи на двајца магистранди од Факултетот за земјоделски науки и храна. | **2** |
| 12. | Експертски активности: Спектрофотометриско определување и следење на промена на јаболчна и млечна киселина, во процес на ферментација, на различни примероци експериментални вина и издавање на извештај од тестирање, во рамки на магистерска работа на магистранд од Факултетот за земјоделски науки и храна. | **1** |
| 13. | Експертски активности: Определување на полифенолен состав на примероци вино од сорта вранец, од ист вински регион, во иста реколта, третирани со различни средства за ферментација и издавање на извештај од тестирање, во рамки на магистерска работа на магистранд од Факултетот за земјоделски науки и храна. | **1** |
| 14. | Експертски активности: Определување на полифенолен состав на примероци вино од сорта мерло, од различни локалитети, во иста реколта, третирани со различни средства за ферментација и издавање на извештај од тестирање, во рамки на магистерска работа на магистранд од Факултетот за земјоделски науки и храна. | **1** |
| 15. | Раководител на Лабораторија за ви но и алкохолни пијалоци | **1** |
| 16. | Менаџер за квалитет по ISO 17025 од 2012 до 2016 година на акредитирана Лабораторија за вино и алкохолни пијалаци.<br>Заменик-менаџер за квалитет по ISO 17025 од 2016 до денес на акредитираните лаборатории при УКИМ, Земјоделски институт - Скопје (Лабораторија за вино и алкохолни пијалаци, Лабораторија за квалитетни својства на семе и Лабораторија за почва, ѓубрива и растителен материјал) | **3** |
| 17. | Воведување на метода во институцијата: Определување на вкупни киселини во вино, шира и грозје, валидација на методата, пресметка на мерна неодреденост, проверка со сертифициран референтен материјал, учество во меѓулабораториско тестирање и докажување на компетентност и акредитација на методата. | **1** |
| 18. | Воведување на метода во институцијата: Определување на испарливи киселини во вино, валидација на методата, пресметка на мерна неодреденост, проверка со сертифициран референтен материјал, учество во меѓулабораториско тестирање и докажување на компетентност и акредитација на методата. | **1** |
| 19. | Воведување на метода во институцијата: Определување на слободен $SO_2$ во вино, шира и гроздов концентрат, валидација на методата, пресметка на мерна неодреденост, проверка со сертифициран референтен материјал, учество во меѓулабораториско тестирање и докажување на компетентност и акредитација на методата. | **1** |

| | | |
|---|---|---|
| 20. | Воведување на метода во институцијата: Определување на вкупен $SO_2$ во вино, шира и гроздов концентрат, валидација на методата, пресметка на мерна неодреденост, проверка со сертифициран референтен материјал, учество во меѓулабораториско тестирање и докажување на компетентност и акредитација на методата. | **1** |
| 21. | Воведување на метода во институцијата: Определување на редуцирачки шеќери во вино, валидација на методата, пресметка на мерна неодреденост, проверка со сертифициран референтен материјал, учество во меѓулабораториско тестирање и докажување на компетентност и акредитација на методата. | **1** |
| 22. | Воведување на метода во институцијата: Определување на лимонска киселина во вино, валидација на методата, пресметка на мерна неодреденост, проверка со сертифициран референтен материјал, учество во меѓулабораториско тестирање и докажување на компетентност и акредитација на методата. | **1** |
| 23. | Воведување на метода во институцијата: Определување на специфична тежина на вино, валидација на методата, пресметка на мерна неодреденост, проверка со сертифициран референтен материјал, учество во меѓулабораториско тестирање и докажување на компетентност и акредитација на методата. | **1** |
| 24. | Воведување на метода во институцијата: Определување на густина на вино, валидација на методата, пресметка на мерна неодреденост, проверка со сертифициран референтен материјал, учество во меѓулабораториско тестирање и докажување на компетентност и акредитација на методата. | **1** |
| 25. | Воведување на метода во институцијата: Определување на алкохол во вино, валидација на методата, пресметка на мерна неодреденост, проверка со сертифициран референтен материјал, учество во меѓулабораториско тестирање и докажување на компетентност и акредитација на методата. | **1** |
| 26. | Воведување на метода во институцијата: Определување на вкупен сув екстракт на вино, валидација на методата, пресметка на мерна неодреденост, проверка со сертифициран референтен материјал, учество во меѓулабораториско тестирање и докажување на компетентност и акредитација на методата. | **1** |
| 27. | Член на работна група за изработка на подзаконски акт (арх. бр. 03-561/2 од 8.11.2018) - Правилник за основните параметри кои се предмет на физичко хемиска анализа на вино, поблиските услови во однос на просториите и опремата кои треба да ги исполуваат овластените лаборатории за вино во промет и постапка за издавање на овластување за вршење на физичко-хемиска анализа на виното (на барање на МЗШВ) | **2** |
| 28. | Учество со предавање на еднодневен стручен семинар „Модерна аналитика во винарството“, во организација на Лабена ДООЕЛ, Скопје, 19.4.2018 година | **0,5** |
| 29. | Учество со предавање на еднодневен стручен семинар „Аналитички методи и акредитација“, во организација на Фуд Лаб ДОО, Скопје, 6.12.2019 година | **0,5** |
| 30. | Промотивни активности на институтот - учество со предавање „10 години од воведување европски стандарди во работењето на Лабораторијата за вино и алкохолни пијалаци“, декември 2018. | **0,5** |

| | | |
|---|---|---|
| 31. | Учесник на работилница Metrofood-ri infrastructure for promoting metrology in food and nutrition, Факултет за земјоделски науки и храна, ноември 2017. | **0,5** |
| 32. | Учесник на е-семинар, Webinar „Подготовка на примероци од храна за испитување на метали во траги на ICP MS/OES или AAS“, февруари 2016. | **0,5** |
| 33. | Учесник на е-семинар, Webinar „Определување на метали во траги, во примероци од животна средина“, февруари 2017. | **0,5** |
| 34. | Учесник на е-семинар, Webinar „Проширете ја ефикасноста и способноста на вашата лабораторија за метали во траги и определување на органски загадувачи во матрици од животна средина“, јуни 2018. | **0,5** |
| | **Дејности од поширок интерес** | |
| 1. | Студиски престој во странство<br>Институт „Јожеф Стефан”, Љубљана, Словенија (1.6-1.7.2017) | **0,5** |
| 2. | Член на уредувачки одбор на зборник - Book of proceedings of the International scientific conference- Challenges in modern agricultural production“, Skopje, (2015) | **1** |
| 3. | Член на Уредувачки одбор на Монографија по повод 75-годишнина на УКИМ, Земјоделски институт (2019) | **0,5** |
| 4. | Член на пописна комисија во Земјоделски институт за 2016 година (Одлука бр. 02-833/3) | **0,5** |
| | **Вкупно** | **37,0** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **44,04** |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **37,00** |
| **Вкупно** | **81,04** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Јулијана Цветковиќ, редовен професор на УКИМ Земјоделски институт, Скопје, с.р.**

**Проф. д-р Трајче Стафилов, редовен професор во пензија на Природно-математички факултет, УКИМ, Скопје, с.р.**

**Проф. д-р Горан Миланов, вонреден професор на УКИМ Земјоделски институт, Скопје, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПРИМЕНА НА ИНОВАТИВНИ МАТЕРИЈАЛИ ЗА САНАЦИЈА И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА АБ-СТОЛБОВИ КАЈ АБ-ЗГРАДИ ВО СЕИЗМИЧКИ АКТИВНИ РЕГИОНИ“ ОД М-Р АРТУР РОШИ, ПРИЈАВЕНА НА ИНСТИТУТОТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО И ИНЖЕНЕРСКА СЕИЗМОЛОГИЈА (УКИМ - ИЗИИС) ВО СКОПЈЕ

Научниот совет на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија (УКИМ - ИЗИИС) во Скопје, на седницата одржана на 23.3.2020 година, со Одлука бр. 09-608/1 од 24.3.2020, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Артур Роши со наслов „Примена на иновативни материјали за санација и зајакнување на АБ-столбови кај АБ-згради во сеизмички активни региони“, во состав: проф. д-р Влатко Шешов (претседател), проф. д-р Голубка Нечевска Цветановска (ментор), проф. д-р Живко Божиновски (член), вонр. проф. д-р Кемал Един (член) и вонр. проф. д-р Александра Богдановиќ (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Научниот совет на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија (УКИМ - ИЗИИС) во Скопје му го поднесува следниов

### И З В Е Ш Т А Ј

Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатот м-р Артур Роши, со наслов: „Примена на иновативни материјали за санација и зајакнување на АБ-столбови кај АБ-згради во сеизмички активни региони“, содржи 198 страници компјутерски обработен текст во фонт *Times New Roman*, со 1,5 проред и големина на букви 12*pt*, 65 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во 8 поглавја, во чии рамки се опфатени воведот и заклучните согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во воведот на трудот, **Поглавје 1**, изложени се предметот, целта на истражувањето, оригиналноста на истражувањето, како и организацијата и содржината на докторската дисертација.

Во **Поглавје 2**, во првиот дел, дадени се резултатите од испитувањето на квалитетот на цементот, агрегатот и пробните тела од бетон во лабораториски услови реализирани во Албанскиот градежен институт во Тирана, а во вториот дел се презентирани дел од направените анализи на четири модели на АБ-згради, проектирани со различна марка на бетон, при што се дадени резултати за нивното влијание на сеизмичката отпорност на АБ-конструкциите. На крајот се презентирани дел од проектирани и изградени АБ-згради во поново време на територијата на Република Албанија, дадени се некои основни параметри, како и типови на конструктивни системи со различна катност. Додека се изработуваше оваа докторска дисертација, на 26.11.2019 година, се случи силен земјотрес во околината на Драч со магнитуда M=6.4, така што презентираните објекти беа посетени и беше констатирано дека токму кај овие нови објекти немаше никакви оштетувања. Затоа, на крајот се дадени фотографии со покарактеристични оштетувања на други АБ-згради кои беа посериозно оштетени во градот Драч.

Во **Поглавје 3**, дадени се начини на санација и зајакнување на АБ-згради и АБ-конструктивни елементи со примена на традиционални и иновативни материјали. Презентирани се карактеристични детали за санација и зајакнување со традиционални материјали (бетон и челик) за АБ-столбови, АБ-греди и АБ-ѕидови. За иновативните материјали, полимерни композити зајакнати со влакна (FRP-Fiber Reinforced Polymenrs), дадени се основните карактеристики и начини на примена за зајакнување на конструктивни елементи од згради. Во ова поглавје, дадени се и некои примери од експериментални истражувања за примена на иновативните материјали за зајакнување на објекти, како и резултати од испитувањето на една АБ-зграда во Турција, каде што зајакнувањето на столбовите е направено со примена на полимерни композити зајакнати со карбонски влакна CFRP (Carbon-Fiber Reinforced Polymers).

На крајот, во табели се систематизирани предностите и недостатоците на споменатите техники за санација и зајакнување на објектите, користејќи традиционални и иновативни материјали.

Во **Поглавје 4,** презентирани се направените лабораториски тестови на вградените материјали (бетонот, челикот и презентирани се карактеристиките на вградениот CFRP) во моделите направени за реализацијата на експериментални квазистатички тестови во Лабараторијата за динамички испитувања на ИЗИИС.

Беа проектирани и изградени два модела - модел М1 и модел М2. За време на бетонирањето на моделите беа направени 9 примероци на бетонски цилиндри со димензии 15/30 cm, како и три бетонски коцки со димензии 15/15/15 cm, со цел да се дефинираат јакосните карактеристики на бетонот. Тестирањето на бетонските коцки, како и карактеристиките на вградената арматурата во моделите беа направени во Градежниот институт на Македонија, ГИМ, Скопје, додека цилиндричните примероци беа тестирани во Завод за испитување на материјалите – ЗИМ, Скопје. За цилиндричните примероци беа направени три серии на тестови на притисок и тестови за дефинирање на модулот на еластичност за вградениот бетон по дадениот редослед:

серија 0 - бетонски цилиндар без FRP – чист бетон

серија 1 - бетонски цилиндар обвиткан со еден слој на FRP

серија 2 – бетонски цилиндар обвитка со два слоја на FRP.

Во ова поглавје се дадени резултатите од лабораториските тестови за јакоста на притисок и модулот на еластичност на бетонски примероци земени во текот на фазата на бетонирање на моделите, како и карактеристиките на вградената арматура и FRP-материјалот.

Експерименталните квазистатички тестови на АБ-столбови зајакнати со CFRP, реализирани на ИЗИИС, се презентирани во **Поглавје 5.** На почетокот се дадени проектните модели модел М1 и модел М2, со нивните димензии и квалитетот на проектираните и вградените материјали и дадена е постапката илустрирана со фотографии од градењето на моделите и нанесувањето на CFRP. Даден е краток опис на опремата и инструментацијата со мерни инструменти на моделите, како и подготовката на моделите за експерименталните тестови. На крајот, детално се презентирани постапката и дел од добиените резултати, како и карактеристични фотографии за време на квазистатичките тестови за секој модел посебно.

**Во Поглавје 6**, презентирани се резултатите од деталната анализа на добиените лабораториски и експериментални квазистатички тестови, реализирани во ЗИМ - Скопје и ИЗИИС - Скопје. Посебно внимание е посветено на аналитичкото дефинирање на капацитетот на јакосните и деформационите карактеристики во линеарна и нелинеарна област за секој модел посебно (модел М1 и модел М2), како и споредба на добиените резултати од аналитичките истражувања со резултатите добиени од експерименталните квазистатички истражувања.

Во заклучните согледувања, **Поглавје 7**, насловено како „Заклучоци и препораки за идни истражувања“, се систематизирани заклучоците преку дискусија на научниот придонес, резултатите и некои критични прашања кои произлегоа од извршените експерименти, заедно со генерални насоки за понатамошни истражувања во оваа област во иднина.

**Поглавје 8**, насловено како „Референци“, ги систематизира литературата и научните трудови користени при изработката на дисертацијата.

**<u>Предмет на истражување</u>**

Примарната цел на оваа докторска дисертација е да се предложат генерални препораки и процедури за примена на иновативни материјали, главно, од групата на полимерни композити зајакнати со влакна (FRP-**F**iber **R**einforced **P**olymers) за санација и зајакнување на АБ-столбови кај АБ-згради во сеизмички активни региони. Со цел да се реализираат предвидените цели, предмет на обемните оригинални лабораториски и квазистатички експериментални тестови, како и аналитичките анализи беа насочени во три правци, и тоа: (1) проучување на видови на иновативни материјали, нивната технологија на изведба, како и дефинирање на физичко-механички карактеристики со цел да можат да се користат за санација и зајакнување на АБ-столбови како конструктивни елементи од АБ-згради кај кои вградената марка на бетон е помала од проектираната и/или кога димензиите на постојните конструктивни елементи не ги задоволуваат бараните јакосни и деформациони карактеристики што тие треба да ги поседуваат. Направени се обемни лабораториски тестови за дефинирање на јакосните карактеристики на бетонски тела (цилиндри), и нивниот модул на еластичност за серии на бетонски цилиндри без FRP, потоа серија зајакнати со еден слој FRP и на крај зајакнати со два слоја FRP; (2)

квазистатички експериментални истражувања на проектирани модели на столбови со варирање на процентот на армирање и на вертикалната и на трансверзалната арматура, како и нивото на аксијалната вертикална сила во столбовите. Посебно внимание е посветено на однесувањето на овие столбови за време на циклични товарења, при што се обработени голем број споредбени анализи на повеќе параметри добиени како од аналитичките истражувања, така и од експерименталните истражувања на тестираните модели и дадени се соодветни заклучоци и препораки; (3) како резултат на направените обемни аналитички, лабораториски и експериментални истражувања, даден е придонес во правец на дефинирање на реалните јакосни и деформациони карактеристики на АБ-столбовите зајакнати со иновативни материјали (FRP), како и проучување на нивното однесување за време на циклични оптоварувања. Од анализата на резултатите можат да се развијат и предложат понатамошни критериуми и да се дадат генерални препораки за употреба на предложените процедури за употреба на овие иновативни материјали за санација и зајакнување на АБ-згради, посебно во сеизмички активни региони.

**<u>Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата</u>**

Потребата за санација и зајакнување кај АБ-згради и нивните конструктивни елементи се појавува кога елементите или не поседуваат доволна јакост, крутост и/или дуктилност, заради разни причини, или заради помали или поголеми оштетувања најчесто предизвикани од настанати земјотресни дејства. Во рамките на оваа докторска дисертација, посебен акцент е даден на АБ-згради кај кои за време на изградбата е присутна појавата вградениот бетон да не ја постигне проектираната марка на бетон, и/или кога заради додавање на надградби и доградби кај постојните згради, конструкцијата на зградата да не може да ги задоволи бараните јакосни, крутосни и деформациони карактеристики, посебно во услови на појава на земјотресни дејства. Во тие случаи, неопходно е да се преземат мерки за санација и зајакнување како на конструктивните елементи посебно, така и на конструкцијата во целост.

Вообичаена практика пошироко во регионот, а и во светски размери, е за санацијата и зајакнувањето на објектите да се применуваат класични методи со традиционални материјали (најчесто со бетонско жакетирање на елементите), но во поново време, посебно во последните две децении, се појавија нови градежни материјали наменети за зајакнување и проектирање, именувани како композити зајакнати со полимерни влакна (FRP). Овие материјали се со посебни механички својства и посебни карактеристики при користењето.

Истражувањата правени во многу истражувачки центри во светот покажуваат дека зајакнувањето на зградите со користење на традиционални градежни материјали (бетон и арматура) обезбедува зголемување на јакоста, крутоста и дуктилноста на зградата, но постапката е доста сложена, комлексна и долготрајна. Со зајакнување со напредните полимерни композити зајакнати со влакна (FRP-Fiber Reinforced Polymers) , покрај тоа што се постигнува зголемување на јакоста и се добива голема дуктилост, има и други поволности. Тие се особено атрактивни за примена во тешко пристапни делови за зајакнување, или заради големи загуби поврзани со подолгото време на изведба, можноста за примена и додека објектите се во употреба, отпорни се на корозија, трајност и кратко потребно време за изведување. Напредните технологии за производство на FRP-композитни материјали со користење на софистицирани техники на производство се во развој, при што се овозможува полимерните композитни материјали да обезбедат производство на поквалитетни ламинати со минимални празнини и прецизни усогласувања на влакната, како и постигнување на поприфатливи цени (во почетокот, цените на овие материјали беа многу повисоки).

Во светската литература може да се најдат голем број на лабораториски и експериментални истражувања како на материјалите, така и на можноста за примена на овие материјали за санација и зајакнување кај мостовски конструкции, инженерски објекти и историски споменици. Кај АБ-згради се сретнуваат многу истражувања за примена на FRP-материјалите за санација и зајакнување на оштетена исполна во АБ-згради, се сретнуваат истражувања за примена на овие иновативни материјали за санација на АБ-елементи, посебно на АБ-греди, плочи, столбови, ѕидови на постојните објекти, но истражувањата за примена на овие материјали во сеизмички активни региони се сè уште во помал број. Практичната примена е, главно, кај мостовски конструкции, оџаци и историски споменици. Имајќи го предвид фактот дека сè уште на светско ниво нема изработено прописи за примена на овие материјали, а се користат само некои упатства и препораки, неспорно е дека многу проблеми во врска со примена

на овие материјали во сеизмички активни региони се сè уште нерешени и дека се сè уште далеку задоволителни од аспект на комплетност и доверливост.

**Краток опис на применетите методи**

Земјотресното конструктивно инженерство вклучува различни видови на методологии и пристапи на анализа, меѓу кои најзастапени се експериментални истражувања, тестови на скалирани модели, како и на елементи во вистинска големина, нумерички и аналитички модели, како и теренски “full scale” тестови. Во овој труд, користената методологија се состои од следниве чекори:

- лабораториски тестови со цел дефинирање на карактеристиките на материјалите (бетон, челик, карактеристиките на бетон обвиткан со FRP) вградени во моделите на столбови проектирани и изградени во размер 1:1;
- квазистатички тестови на моделите на столбови (модел М1 и модел М2) направени во Лабораторијата за динамички испитувања на ИЗИИС;
- аналитички истражувања и нумеричко симулирање на експерименталните тестови на моделите , преку „push-over“ анализи и нелинеарни динамички анализи на временска историја.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Истражувањата изведени во рамките на докторската дисертација дадоа придонес во следниве сегменти:

- Анализата на добиените резултати од реализираните обемни лабораториски, квазистатички тестови, како и аналитички резултати укажуваат на тоа дека предложениот концепт за зајакнување на АБ-столбови со иновативни материјали може значително да ја зголеми јакоста на притисок на бетонот обвиткан со еден или два слоја на ФРП, ја зголемува дуктилноста на поместувањата и јакоста (посебно кај моделот со доволен процент на трансверзална арматура), со што може да се обезбеди доволен капацитет за носивост и деформабилност на конструкцијата за да се спротивстави на високи нивоа на земјотресни побуди. Со добиената поголема јакост, големата дуктилност на поместувањата, како и капацитетот за дисипација на енергија кај АБ-столбовите и АБ-згради во целина, се постигнува подобрување и на локалната и на глобалната стабилност на постојните згради, со што се овозможува ублажување на штетите од сеизмички и други дејства.

- Имајќи предвид дека овие иновативни материјали за санација и зајакнување кај АБ-згради во Р Албанија, РС Македонија, а и пошироко во регионот, сè уште немаат широка примена, презентираните истражувања во оваа област се очекува да дадат вредни насоки за примена на овие материјали, посебно во сеизмички активни региони. Резултатите од лабораториските и експерименталните тестови и генералните насоки/препораки и предложената процедура за примена на овие материјали за санација и зајанување на АБ-згради, може да придонесат за помасовна практична примена во градежништвото и земјотресното инженерство како во балканските земји, така и пошироко.

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на кандидатот м-р Артур Роши, со наслов „Примена на иновативни материјали за санација и зајакнување на АБ-столбови кај АБ-згради во сеизмички активни региони“, претставува оригинално истражување во областа на земјотресното конструктивно инженерство. Изработката на темата на оваа докторска дисертација, со реализирање на обемни оригинални лабораториски тестови за дефинирање на квалитетот на бетонот обвиткан со еден и два слоја на FRP-материјали, со квазистатички тестови на модели на столбови проектирани и градени во размер 1:1, со варирање на процентот на арматурата и нивото на аксијалната сила, зајакнати со FRP-материјали, со обемни аналитички истражувања и софистицирано нумеричко моделирање за нивно симулирање, дополна на сознанијата за сеизмичкото однесување на АБ-столбови обвиткани со FRP-материјали, како и предложените мерки за примена на овие иновативни материјали за санација и зајакнување на АБ-столбови кај

АБ-згради во сеизмички активни региони, има значаен научен придонес во примената на иновативните материјали за санација и зајакнување на армиранобетонските конструкции од областа на земјотресното конструктивно инженерство.

Докторската дисертација на кандидатот м-р Артур Роши, со наслов „Примена на иновативни материјали за санација и зајакнување на АБ-столбови кај АБ-згради во сеизмички активни региони“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува највисоките услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ**

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавил следниве рецензирани истражувачки трудови:

(1) **Roshi, A**., Nechevska-Cvetanovska, G., Rehabilitation of RC buildings Using Traditional and Innovative Materials, 11 ACES Conference, Vrshac, Serbia, 19-21 June 2019.
(2) **Roshi, A.,** Nechevska- Cvetanovska, G. (2019). Repair and Strengthening of RC Buildings using Traditional and Innovative Materials, 18th International Symposium organized by Macedonian Association of Structural Engineers (MASE), October 4-7, 2019, Ohrid, Macedonia.
(3) Nechevska – Cvetanovska, G., **Roshi**, A. “Rehabilitation of RC Buildings in Seismically Active Regions Using Traditional and Innovative Materials”, Journal Building Materials and Structures, Novi Sad, Serbia, 62 (2019) 3 (19-30).
(4) Nechevska-Cvetanovska, G., Roshi**, A.,** Bojadzieva, J., Seismic Strengthening of Existing RC Building Structures Using Concrete Jacketing and FRP Materials, Journal E-GFOS, Osijek, Croatia, Paper 193, Issue 19 (2019).

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

**Главни научни придонеси:**

Со реализираните обемни оригинални експериментални и аналитички истражувања, даден е значаен придонес во истражувањата од областа на санација и зајанување на АБ-згради со користење на иновативни материјали, посебно во сеизмички активни региони. Научниот придонес се состои од следниве аспекти:

- Резултатите добиени од оригиналните лабораториски тестирања на бетонски тела – цилиндри, обвиткани со еден и два слоја на FRP, како и оригиналните експерименталните квазистатички тестови на модели на АБ-столбови зајакнати со FRP, имаат голем научен придонес во областа на оцена на сеизмичката отпорност и сигурност на зајакнати АБ-згради со иновативни материјали изложени на сеизмички дејства. Дефинирањето на реалниот капацитет на јакост и деформабилност на зајакнатите АБ-столбови има посебен научен придонес за проучувањето на однесувањето на зајакнатите елементи во нелинеарна област (длабока нелинеарност).
- Со извршениот сет на лабораториски и квазистатички тестови, како и деталните нумерички анализи и нивни симулации, се дава придонес во однос на збогатувањето на светската научна литература и сознанијата за сеизмичкото однесување на зајакнати АБ-столбови како дел од АБ-згради со примена на иновативни материјали именувани како композити зајакнати со полимерни влакна (FRP - Fiber Reinforced Polymers). Извршените тестови, анализи и препораки, во однос на примената на овие иновативни материјали во градежништвото, можат да се искористат за дефинирање на понатамошни критериуми за санација и зајакнување на АБ-згради со примена на овие материјали во сеизмички услови, како и да се дадат препораки при изготвување на соодветни прописи за практична примена во градежништвото и земјотресното инженерство.

**Подрачје на примена и ограничувања:**

Добиените резултати од обемните лабораториски, експериментални и аналитички истражувања реализирани во рамките на оваа докторска дисертација, може да најдат голема практична примена за санација и зајакнување на АБ-згради кај кои за време на изградбата е присутна појавата вградениот бетон да не ја постигне проектираната марка на бетон, и/или кога заради додавање на надградби, доградби кај постојните згради, конструкцијата на зградата не

може да ги задоволи бараните јакосни, крутосни и деформациони карактеристики, посебно во услови на појава на земјотресни дејства. Резултатите од истражувањата можат да бидат добра основа за понатамошно дефинирање и подобрување на критериумите и препораките за санација и зајакнување на АБ-згради со примена на нови градежни материјали во сеизмички активни региони, кои би биле достапни во градежната практика преку изготвување на соодветни препораки или прописи од оваа област.

Истражувањата се извршени со ограничени можности, како во Лабораторијата за тестирање на бетонските тела, така и во Лабораторијата за квазистатички тестови. Од една страна, имаше ограничени можности за тестирање на бројот на бетонските тела - цилиндрите и бројот на моделите на АБ-столбови зајакнати со FRP, а од друга страна, ограничувањата во експерименталните истражувања се во поглед на неможноста на целосно следење на сите добиени резултати заради потребата на пософистицирана опрема со поголем капацитет на нанесување на сили и мерење на деформации. И покрај тоа, сепак, добиените резултати може да се каже дека се задоволителни.

**Можни понатамошни истражувања**

Истражувањата извршени во склоп на докторската дисертација отвораат поширок опсег на на прашања: АБ-конструктивни елементи – столбови од АБ-згради зајакнати со FRP, се сложени конструктивни системи кои се составени од повеќе материјали со различни карактеристики, бетон, арматура и карбонски платна, залепени со посебни премази (лепаци). Идните истражувања од оваа област, потребно е да се насочат, главно, во три правци:

- експериментални истражувања со методата на квазистатички циклични тестови за поголем број на конструктивни елементи зајакнати со FRP (покрај столбови, да бидат опфатени и плочи, греди, чворови итн., по можност со користење на пософистицирана опрема за следење на сите промени што настануваат во елементите, посебно во FRP (следење на развивањето на пукнатините во карбонските влакна, поголем капацитет на аплицирање на сила и за мерење на поместувањата);
- динамички тестови на модел на АБ-згради, каде што конструктивните елементи би биле зајакнати со FRP на сеизмичка виброплатформа;
- развивање на методологијата за аналитичко дефинирање на реалниот капацитет на јакост и деформабилност на ваквите елементи, при што задолжително да се користат современи компјутерски програми за микромоделирање на сите компоненети од кој е составен моделот. Врз основа на овие детални анализи со микромоделирање, би се отворил простор за развивање на поедноставни методи кои би се применувале во практика.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Научниот совет на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија (УКИМ-ИЗИИС) во Скопје да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот **м-р Артур Роши** со наслов: **Примена на иновативни материјали за санација и зајакнување на АБ-столбови кај АБ-згради во сеизмички активни региони.**

**КОМИСИЈА**
**Проф. д-р Влатко Шешов, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Голубка Нечевска Цветановска, ментор, с.р.**
**Проф. д-р Живко Божиновски, член, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Кемал Един, член, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Александра Богдановиќ, член, с.р.**